

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ Владо Кантарџиев Гевгелија, Гевгелија

**за периодот од 2022 до 2024 година**



**август, 2024**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ Владо Кнтарџиев |
| Адреса | ул. Љубљанска бр. 4 |
| Телефон, е-пошта | 034 212 168;<br>ou-vladokantardzhiev-gevgelija@schools.mk<br>vlado_kantardziev@yahoo.com |
| Период на севкупна подготовка на СЕУ | 2022-2024 |
| Број на ученици во училиштето | 735 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Ружица Икономова |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | Ѓорги Чучанов |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |

# С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД ........ 6
ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ ........ 7
Индикатор 1.1 ........ 8
Планирање на наставниците ........ 8
Поддршка и следење на планирањата на наставниците ........ 8
Размена на искуства и на информации при планирањето ........ 10
Индикатор 1.2 ........ 11
Наставен процес ........ 11
Реализација на наставни планови и програми ........ 11
Избор на наставни предмети ........ 11
Избор на задачи, активности и на ресурси ........ 13
Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно ........ 15
Реализација на образовна инклузија ........ 18
Активности за меѓуетничка интеграција во образованието ........ 19
Индикатор 1.3 ........ 22
Искуства на учениците од учењето ........ 22
Средина и атмосфера за учење ........ 22
Идентификување и задоволување на различните образовни потреби ........ 25
Индикатор 1.4 ........ 29
Оценувањето како дел од наставата ........ 29
Училишна политика за оценување ........ 29
Методи, форми и инструменти за оценување ........ 32
Коефициент на континуитетот на успехот на учениците ........ 33
Користење на информациите од оценувањето во наставата ........ 33
Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности ........ 34
Опфатеност на учениците со воннаставни активности ........ 35
Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности ........ 37
Натпревари ........ 38
Опис/резиме на подрачјето ........ 40
ПОДРАЧЈЕ 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ........ 42

Индикатор 2.1 ..... 43

Постигнувања на учениците ..... 43

Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди ..... 43

Резултати од екстерни тестирања ..... 44

Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето на надарените ученици и на учениците со попречености ..... 44

Известување на родителите/старатели те за постигањата на учениците ..... 47

Индикатор 2.2 ..... 49

Мерки за подобрување на постигањата ..... 49

Редовност во наставата ..... 49

Советување на родители/старатели и ученици ..... 49

Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава ..... 51

Опис/резиме на подрачјето ..... 53

ПОДРАЧЈЕ 3. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 55

Индикатор 3.1 ..... 56

Училишна клима ..... 56

Углед/имиџ на училиштето ..... 56

Кодекс на однесување ..... 57

Училишна клима ..... 59

Поведение и дисциплина во училиштето ..... 63

Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми ..... 65

Индикатор 3.2 ..... 68

Еднаквост и правичност ..... 68

Познавање и почитување на правата на децата ..... 68

Еднаков и правичен третман на сите ученици ..... 70

Индикатор 3.3 ..... 73

Партнерски однос со заедницата ..... 73

Соработка на училиштето со родителите/старателите ..... 73

Соработка со општината и со урбаната заедница ..... 75

Индикатор 3.4 ..... 79

Севкупна грижа за учениците ..... 79

Превенција и заштита од насилство ..... 79
Заштита од пушење, алкохол и од дрога ..... 82
Квалитет на достапна храна ..... 84
Хигиена и заштита од болести ..... 84
Грижа за безбедноста на учениците и вработените ..... 86
Грижа за учениците од социјално загрозени семејства ..... 86
Грижа за учениците со здравствени проблеми ..... 87
Грижа за социоемоционалната добросостојба на учениците ..... 88
Давање помош при изборот за продолжување на образованието ..... 88
Опис/резиме на подрачјето ..... 90
ПОДРАЧЈЕ 4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ..... 93
Индикатори ..... 94
4.1 ..... 94
Управување и раководење со училиштето ..... 94
Управување со училиштето ..... 94
Раководење со училиштето ..... 95
Управување и раководење со ресурсите ..... 96
Раководење со кадарот ..... 97
Следење и управување на наставниот процес ..... 98
Индикатори ..... 101
4.2 ..... 101
Цели и креирање на училишната политика ..... 101
Процедури за креирање на училишната политика ..... 101
Резултати од развојно планирање ..... 102
Планирање и управување со училишниот буџет ..... 104
Опис/резиме на подрачјето ..... 107
И З В Е Ш Т А Ј ..... 108
Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето ..... 118
КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ..... 119

# ВОВЕД

Континуираното оценување на квалитетот на работењето на училиштето е суштинско за подобрување на постигањето на училиштата. Тоа ни дава поттик и ни овозможува преку различни инструменти, постапки и ресурси да ги испитаме нашите наставни практики, административните процедури, постигнувањата и целокупната училишна култура. Ни помага да ги идентификуваме областите во кои напредуваме и оние кои треба да ги подобриме за да обезбедиме квалитетно образование за нашите ученици.

Во суштината на овој процес е вклучувањето на сите чинители во училиштето. Преку самопроцена, меѓусебна процена и заедничко планирање на подобрувањето, можеме да ги искористиме нашите силни страни и да одговориме на предизвиците.

Унапредувањето на училиштето е цикличен процес за проверување, планирање, менување и повторно проверување на состојбите во училиштето. Основна цел на унапредувањето на училиштето е да се намалат разликите помеѓу очекуваните постигања и постигањата остварени со постоечката практика на училиштето. Всушност, унапредувањето на училиштето се темели на постојано следење на квалитетот на неговата работа, односно на постојано проверување дали и во колкав степен, но и со каков квалитет планираните цели се реализирани.

Самоевалуацијата на училиштето е колаборативен, инклузивен и рефлективен процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа. Овој процес вклучува континуирано следење, анализирање и проценување на успешноста на работата на училиштето, првенствено на квалитетот на поучување и училишната клима, водејќи сметка за најдобриот интерес на секој ученик. Се темели на пристап заснован на докази од разни извори и судови од различни чинители, со цел да се донесат релевантни мерки за подобрување на учењето и постигнувањата на учениците. Самоевалуацијата се користи како процес за јакнење на капацитетите на училиштето со цел за напредок, развој и успех на сите чинители на воспитно-образовниот процес.

| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| **Број** | **индикатор** | **теми** |
| 1.1 | Планирање на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>•Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во Наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

| Индикатор 1.1 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Планирање на наставниците** | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците** | Со цел успешно да се направи анализа на темата, се користеа повеќе извори на податоци и се разгледуваа соодветни документи поврзани со темата: прашалник за наставници, анализа на содржината од дискусијата со фокус група на наставници, интервју со директорот и стручната служба на училиштето, увид во планирањата на наставниците за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, извештаи за следење на планирањата на наставниците, записници од консултативни-советодавни разговори на стручните соработници со наставниците, списоци на присуство на десиманации со наставниците.<br>За реализација на наставните планови и програми, наставниците изготвуваат Годишни тематски планирања и сценарија за час како и индивидуализирани образовни планови за децата со ПОП. Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба и сценарија за час кои ги доставуваат една до две седмици пред реализација на часовите. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Јасно се утврдени кои се резултатите од учењето, содржините и поимите, планираните активности и тоа за активирање на предзнаења, активности за искуствено учење како и активности за извлекување заклучок, наставни средства, стандарди за оценување како и начини, форми и методи за следење на наоредокот, методи и инструменти за формативно и сумативно оценување.<br>Наставниците најчесто тимски ги изготвуваат годишните глобални планирања на ниво на стручни активи, планирањата се доставуваат на увид кај стручната служба која ги проверува и повратно ги информира и потоа доставува информација до директорот на училиштето. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба. Следење на наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа. Во текот на првото и второто полугодие, од страна на училишниот педагог, психолог и директорот реализирани се посети на часови кај сите наставници. За посетата на часот се користи образец за следење на час, а после посетата се води разговор со наставникот за констатираните состојби од увидот на час.<br>Целосна поддршка и неопходна помош при изработка на планирањата, како и при реализација на наставата, добиваат и наставниците-приправници од страна на стручната служба и наставниците – ментори.<br>Од анализата на прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на поддршка и следење на планирањата на наставниците се добија следните податоци:<br>Од анкетираните 51 наставник, на прашањето: *Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата*? Поголемиот број на наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласуваат (56%), добар дел се согласуваат (18 наставника или 36%), а само 2 наставник, или 8% не се согласува со ова тврдење.<br>Генерално скоро сите наставници одговориле дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.<br>На тврдењето: *Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието* од вкупниот број на наставници 50 наставници (98%) позитивно одговориле а само 1 наставника (2%) не се согласуваат со тврдењето.<br>Со тврдењето: *Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети*, поголем дел од наставниците целосно се согласуваат (60%), добар дел од наставниците (17 или 26%), се согласуваат, но еден дел од 14% не се согласува.<br>Од анализа на одговорите на прашањата со фокус групата со наставници, констатирано е дека наставниците редовно посетуваат обуки. Темите на обуките се за Новата Концепција за настава, за начин на планирање на наставата, изготвувањето на годишни тематски планирања и сценарио за час, за МИО, современи методи и техники на работа со учениците, примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата, за врсничко насилство, безбедност на Интернет, за медиумска писменост во ерата на ВИ, за онлајн безбедност, за користење на дигиталните учебници поставени на интернет платформата и други области кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес. Наставниците се изјасниле, дека се избираат од страна на стручната служба и директорот, а добиените сознанија од обуките се пренесуваат и споделуваат со останатите наставници. Според наставниците, процесот на планирање во училиштето се одвива во соработка и консултации со стручните активи. Еднаш месечно и повеќе пати по потреба се одржуваат состаноци на активите. Кога има ученици на кои им е потребна дополнителна помош за подобрувањата на постигањата во училиштето се реализира дополнителна настава, пред, или после часовите.<br>Од анализа на одговорите на прашањата за интервјуто со директорот и стручните соработници, е констатирано дека Професионалниот развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата се врши преку учество на наставниците на обуки организирани преку БРО, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето и дека во училиштето редовно се врши дисеминација од обуките на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на директорот и стручните соработници во училиштето е кажано дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети и тие се следат два пати во полугодие. Се следат планирањата, доколку има потреба за поддршка, преку консултативно-советодавни разговори се дава поддршка, но, посебни утврдени пишани процедури за следење и давање на поддршка за подобрување на наставата, нема во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Размена на искуства и на информации при планирањето** | За оваа тема Размена на искуства и информации при планирањето, од индикаторот планирање на наставниците, извори на податоци кои се користеа се: прашалникот за наставниците, фокус група со наставници, интервју со директорот и стручната служба и записниците од стручните активи.<br>Од анализата  на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на размена на искуства и информации при планирањето се добија следните податоци:<br>На тврдењето *Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието,*  наставниците се едногласни и целосно се согласуваат.<br>Од анализа на одговорите на прашањата, со фокус групата со наставници е констатирано дека секогаш наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации со стручните активи кои се состануваат најмалку еднаш месчно, а по потреба и повеќе пати во месецот, каде разменуваат искуства, како за годишните планирања, така и за планирања на сценаријата за часовите. Се планираат активности, се разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и други училишта, како и преку соработка со стручните служби кои секогаш се во тек со новонастанати промени, техники и дидактички ресурси. Планирањата на добар дел од наставниците се подобрени како резултат на размена на искуство помеѓу нив самите и наставници од другите училишта.<br>Наставниците разменуваат искуства и реализираат одредени наставни содржини во корелација со различни наставни предмети, со што се овозможува стекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. На тој начин се обезбедува поквалитетна настава и поголеми резултати од работењето. Информациите добиени од оценувањето, наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br>Планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети со поддршка на стручната служба и директорот е потврдено и од анализа на одговорите на прашањата за интервјуто со директорот и стручните соработници. |

**Документи:**
Наставни планови и програми донесени од МОН
Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование
**Извори на податоци:**
Годишни тематски планирања на наставниците, Сценарија за час, Годишна програма за работа на училиштето; покани, списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки и семинари; записници и списоци од состаноци како и програма за работа на стручни активи; анкети со наставници, родители и ученици; интервјуа со директорот, стручните соработници и фокус групи; извештаи од стручни соработници за следени планирања, извештаи од посетата на часови, професионални досиеа на наставниците, сертификати од посетени обуки

| Индикатор 1.2 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Наставен процес** | **Реализација на наставни планови и програми** | За оваа тема **Реализација на наставни планови** и програми од Индикаторот **Наставен процес** се добија информации од повеќе извори на податоци: прашалници за родители, фокус групи со наставници, родители и ученици, извештај од направеното интервју со директорот и стручната служба, е-дневник, распоред на часови<br>Наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем. Тие се прилагодени со особеностите на локалната средина.<br>Во училиштето се изведува современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците.<br>Од анкетираните 131 родители, на тврдење *Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови согласно распоредот,* 86,3% одговориле дека целосно се согласуваат, 13% одговориле дека се согласуваат.<br>При увид во електронската евиденција, Е-дневник е констатирано дека наставата во предметна и одделенска настава, по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, според пропишаниот распоред на часови.<br>Од анализа на одговорите на прашањето на фокус групата на наставниците кое се однесувана на тоа како се справува училиштето во отсуство на наставен кадар, наставниците одговориле дека секогаш кога постои отсутен наставник, се прави замена со друг соодветне наставник.<br>На истото прашање: Како се одвива наставата во училиштето во случај на отсуство на наставник, од интервјуто со директорот и стручната служба се доби одговор дека никогаш нема прекин на наставата кога има отсутен наставник, се заменува наставникот со друг соодветен наставник, за наставата да се одвива непречено. Понекогаш се прави и промена на распоред на часовите.<br>Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, секој наставник наставата ја реализира според одобрената програма, иако таа е преобемна и би можела во иднина да се скрати и поедностави. Наставниците можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните програми преку креативен пристап, со добро подготвено и осмислено сценарио за секоја тематска целина и наставна содржина. |
| | **Избор на наставни предмети** | За оваа тема **Избор на наставни предмети** од Индикаторот **Наставен процес** се добија информации од повеќе извори на податоци: прашалници за родители и ученици, фокус групи со наставници, родители и ученици, извештај од направеното интервју со директорот и стручната служба, и беше разгледана документацијата за избор на наставни предмети.<br>Училиштето целосно ја применува постапката за избор на наставни предмети. Нуди широка понуда на изборни предмети, според наставниот план. Изборот на наставните предмети се спроведува |

| | | |
|---|---|---|
| | | навремено, односно во месец мај пред завршување на учебната година за учениците, за секоја наредна учебна година. Изборот на предмети во училиштето се врши со писмено изјаснување, со изјава на родителите на секој ученик.<br>Околу 97% од вкупно анкетираните 131 родители, позитивно одговориле на прашањето *Запознаен/а сум со со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности*.<br>На тврдењето: *Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси*, од вкупно 131 анкетирани родители, 71% целосно се согласуваат дека е така, 16,8% се согласуваат, 5,3% или 7 родители не се согласуваат дека изборните предмети кои ги посетуваат нивните деца ги избрале согласно нивните интереси, 4,6% или 6 родители целосно не се согласуваат и 2,3% или 3 родители се изјаснил дека не знае, односно нема информација дека е така.<br>Од анкетираните 154 ученици на тврдењето: *Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси*, 45,5% одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 33,1% се согласуваат со тврдењето, а 18% одговориле дека не се согласуваат со тврдењето.<br>Од анализа на одговорите на прашањето на фокус групата на наставниците кое се однесува на ова тема: Кои изборни предмети, слободни изборни предмети и слободни активности ги нуди училиштето, на кој начин се определени предметите и како се врши изборот за избор и како таа овозможува да се задоволат интересите на учениците, наставниците одговориле дека Слободните изборни предмети/Изборните предмети кои ги нуди училиштето за учениците, се предвидени во наставниот план за деветгодишно основно образование, донесен од БРО. Процедурата за избор на изборните се врши пред крајот на учебната година со анкетирање на учениците, на кои им се понудени сите изборни предмети согласно наставниот план за соодветното одделение и учениците имаат можност да направат избор за еден предмет, за кој имаат најголем интерес, во консултација со нивните родители. Кога се анкетираат учениците на помала возраст, анкетните листови ги пополнуваат родителите.<br>Од анализа на одговорот на прашањето на фокус групата на родителите, кое се однесува на можност за избор на предмети кои сака да ги учи, од листата на понудени изборни<br>предмети, родителите одговориле дека најчесто изборот е за предметот кој сака да го изучува, но мал дел од родителите одговориле дека не секогаш се почитува желбата на нивните деца за избор на предметот кој сакат да го изучуваат.<br>Од анализа на одговорот на прашањето на фокус групата на учениците: Дали сте имале можност да изберете предмети кои сакате да ги учите од листа на понудени предмети, најголем дел од учениците се согласуваат дека тие ги избираат предметите кои сакаат да ги изучуваат. Секогаш на крајот од учебната година им се понудува листа на изборни предмети, во зависност во кое одделение се, и тие го вршат изборот преку анкетен лист. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анализата на дискусијата од интервјуто со директорот и стручните соработници во делот за процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети, се констатира дека изборот на слободните изборни активности се врши преку анкетирање. На учениците им се нудат повеќе изборни предмети (согласно предвидените во Наставниот план за секое одделение). Тие самите вршат избор, зависно од нивните интереси во согласност со родителот и дека за да изборниот предмет влезе во реализацоја треба да се формира група.<br>Од преглед на документацијата за избор на изборни предмети е констатирано дека училиштето има процедура за извршено анкетирање на учениците за изучување на изборни Предмети/слободни изборни предмети. После анкетирањето се прави анализа да добиените одговори и се прави извештај со конкретни избрани предмети кои се избрани во најголем процент од страна на учениците, кои ќе ги учат наредната учебна година.<br>Училиштето нуди изборни предмети според наставниот план.<br>Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (анкета) на учениците и (родителите на помалите ученици) на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група. Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. |
| | **Избор на задачи, активности и на ресурси** | Со цел да се добијат дополнителни информации за оваа тема се користеа повеќе извори на податоци.<br>Се анкетираа 51 наставник со прашалник, на кој наставниците даваа одговори преку кои ги кажуваа своите стваови, во однос на понудените тврдења.<br>Околу 92,1% се согласуваат со тврдењето: *Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците*. На истото тврдење дека *Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете* целосно се согласиле и се согласиле 48,9% односно 39,7% од анкетираните 131 родители, но околу 12% не се согласуваат со ова тврдење.<br>Наставниците преку прашалникот се едногласни и се согласуваат во однос на тврдењето дека *Во наставата користам различни ресурси за учење и настава*. На истото тврдење дека *На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)*, учениците се поделени во однос на одговорите и тоа од 154 анкетирани ученици, 30,5% целосно се согласуваат, 39% се согласуваат, 22,7% не се согласуваат, 6,5% целосно не се соглсуваат. А според родителите *Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)* 40,5% целосно се согласуваат, 42,7% се согласуваат, 9,9% не се согласуваат и 0,8% целосно не се согласуваат. |




95,5% од вкупно анкетираните учениците се согласуваат со тврдењето *На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.).*

Но, на тврдењето *Наставниците ја прават содржината од предметите интересна,* учениците се поделени во своето мислење, имено околу 80% позитивно одговориле, останатите не се согласуваат.

Од анализата на дискусијата со фокус групата со родители, се констатира дека наставниците успешно ја реализираат наставната програма, но сепак, според родителите учениците учат теми кои воопшто не им се потреби. Според родителите некои наставници многу умешно ги прилагодуваат наставните содржини на потребите и можности на децата, но некои не го прават тоа. Значи постојат различни приоди кај наставниците. Фокус групата на родители со кои е водена дискусијата се изјасниле дека нивните деца немале потреба од дополнителна настава, но имале информации дека одредена група на ученици редовно посетуваат дополнителна настава. Исто така, родителите се изјасниле дека децата најчесто учеле од книгите што ги обезбедува училиштето, тоа што се работело на час и од интернет.

Од дискусијата со фокус групата со ученици, во делот кој се однесува на тоа, како според нив изгледаат најголем дел од часовите, (што прави наставникот, што прават учениците), учениците одговориле дека секој час е различен. Сите наставници користат наставни методи и техники, соодветно на предметот кој го предава. На голем дел од наставните предмети кои ги изучуваат користат ИКТ (но, не на сите). Учениците се изјасниле дека сакаат динамична и интересна настава, не

| | | |
|---|---|---|
| | | сакаат стандардно предавање на наставниците. Сакаат да учат низ игра и да имаат повеќе практични активности. Според нив, дали часовите ќе се интересни или здодевни, најмногу зависи од наставниците. Сакаат иновативни и интересни часови, кои ќе го привлечат нивното внимание, да постои динамика на часот, интеракција меѓу нив. Според нив ИКТ има големо влијание врз интересот за часот, бидејќи им се овозможува полесен и побрз пристап до информации. Според одговорите на учениците тие најмногу учат од учебници, работни листови, збирка на задачи, квизови, презентации, видео предавања и сл. За време на часовите има можност да дискутираат за она што го учат, но и за било која друга тема, во нивен интерес, како со наставниците, така и со соучениците.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето се добија информации дека во училиштето наставните часови се реализираат според планирањата. Дел од наставниците ги приспособуват задачите и активностите на индивидуалните потреби за учениците. За некои од учениците со ПОП се изготвуваат ИОП. При реализација на наставата, наставниците ги користат расположивите ресурси за учење во училиштето. Сепак сметаат дека користењето на современи иновативни приоди во наставата не е на ниво што задоволува. Наставниците максимално се трудат да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часовите. Дополнителна и додатна настава се организира во училиштето согласно законот за основно образование. Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат потешкотии во совладување на одредени наставни содржини по одредени наставни предмети, а додатна за ученици кои покажуваат повисоки постигања по одредени наставни предмети и покажуваат афинитети и способности да учат повеќе од тоа што е понудено во предметот.<br>Од извештаите од посетата на часовите се констатира дека добар дел од наставниците користат дополнителни (различни) ресурси за настава и учење, неограничувајќи се само на учебниците.<br>Наставниците користат современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи, или со цела паралелка. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците, за да ги постигнат очекуваните исходи од наставата.<br>Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење, покрај одобрените учебници и прирачна литература. |
| | **Интеракција меѓу наставниците и** | За оваа тема Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно од Индикаторот Наставен процес се добија информации од повеќе извори на податоци.<br>Вкупно 51 анкетираните наставници едногласно и целосно се согласуваат дека *Ги поттикнувам* |

| | | |
|---|---|---|
| | **учениците и учениците меѓусебно** | *учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе*. Ако учениците нешто не знаат се слободни да ги прашаат наставниците, ова го потврдиле 82% од анкетираните ученици.<br>Наставниците се едногласни и се согласуваат со тврдењето: *На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив*.<br>Според анкетираните ученици, на часовите може слободно да се изразат што мислат, 48,7% целосно се согласуваат, 34,4% се согласуваат, 13% не се согласуваат. Според родителите, 64,9% целосно се согласуваат, 28,2% се согласуваат, околу 6% не се согласуваат дека нивното дете може слободно да се изрази за време на часовите.<br>На тврдењето *На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи)*, учениците позитивно се изразиле во 69%, останатите не се согласуваат.<br><br>Според одговорите на прашалниците, наставниците се однесуваат кон учениците со почитување и ги разбираат проблемите и потребите на учениците. Исто така, Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.<br>Од дискусијата со фокус групата со наставници се добија информации за тоа дека за секој наставен час подготвуваат дневно плнаирање, со планирани активности за наставникот иучениците. Најпрво часот го започнуваат со проверка на предзнаењата на учениците за новата наставна содржина пркеу бура на идеи, за да ги потсетат на веше стекнатите искуства и да ги воведат во навата наставна содржина, ги запознаваат со целите и резултатите кои треба да ги постигнат на часот. Потоа ја презентираат содржината. На почетокот учениците активно учествуваат во активноста се слободни и потикнати да го изразат своето мислење, а понатаму внимателно го слушаат презентирањето на новата содржина и се поттикнати да поставуваат прашања, на кои дополнително им се одговара.<br>Доколку се работи во групи, наставникот ги координира групите, ги поттикнува сите ученици активно |

да се вклучат во работата. На крајот врши проверка на стекнатаото знаење за
новата содржина, со користење на наставни ливчиња, или усно испрашување.

Од дискусијата со фокус групата со родители, се добија информации дека наставниците успешно ја реализираат наставната програма, но сепак постои разлика во пристапот на наставниците кон учениците за време на часот. Според родителите некои наставници многу умешно ги прилагодуваат наставните содржини на потребите и можности на децата, но некои не го прават тоа. Значи постојат различни приоди кај наставниците. Фокус групата на родители со кои е водена дискусијата се изјасниле дека нивните деца немале потреба од дополнителна настава, но имале информации дека во училиштето се организира дополнителна настава и одредена група на ученици редовно ја посетуваат.

Од дискусијата со фокус групата со ученици, во делот кој се однесува на тоа, како според нив изгледаат најголем дел од часовите, (што прави наставникот, што прават учениците), учениците одговориле дека секој час е различен. Сите наставници користат наставни методи и техники, соодветно на предметот кој го предава. Најголем дел од наставните предмети кои ги изучуваат користат ИКТ. Учениците се изјасниле дека сакаат динамична и интересна настава, не сакаат стандардно предавање на наставниците. Сакаат да учат во природа, низ игра и да имаат повеќе практични активности. Според нив, дали часовите ќе се интересни или здодевни, најмногу зависи од наставниците.

Сакаат иновативни и интересни часови, кои ќе го привлечат нивното внимание, да постои динамика на часот, интеракција меѓу нив. Според нив ИКТ има големо влијание врз интересот за часот, бидејќи им се овозможува полесен и побрз пристап до информации.

Според одговорите на учениците тие најмногу учат од учебници, работни листови, збирка на задачи, квизови, презентации, видео предавања и сл. а време на часовите има можност да дискутираат за она што го учат, да поставуваат прашања, слободно да се искажат, не само за она што го учат но и за било која друга тема.

Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето се добија информации дека во училиштето наставните часови се реализираат според планирањата. Поголем дел од наставниците ги приспособуват задачите и активностите на индивидуалните потреби за учениците. При реализација на наставата, наствниците ги користат расположивите ресурси за учење во училиштето и сметаат дека користењето на современи иновативни приоди во наставата е на ниво што задоволува. Наставниците максимално се трудат да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часовите. Дополнителна и додатна настава се организира во училиштето согласно законот за основно образование.

Дополнителна настава, за учениците се организира за ученици кои имаат потешкотии во совладување на одредени наставни содржини по одредени наставни предмети., а додатна за ученици кои

| | | |
|---|---|---|
| | | покажуваат повисоки постигања по одредени наставни предмети и покажуваат афинитети и способности да учат повеќе од тоа, што е понудено во предметот.<br>Од извештаите од посетата на часовите, се констатира дека за време на часовите постои интеракција меѓу наставниците и учениците и меѓу соучениците. Тие взаемно се сослушуваат, без да се прекинуваат. Наставниците се трудат максимално да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часот, почитувајќи ги нивните интереси. Учениците слоободно поставуваат прашања, дискутираат и го искажуваат своето мислење. На часовите учениците работат во групи, парови и други форми на работа кои подразбираат интеракција меѓу нив. За време на часовите поголем дел од наставниците покажуваат флексибилност и ги прилагодува наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците.<br>Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи и техники, а исто така акцент се става и на интеракција со учениците и комуникацијата на релација ученик-наставник и ученик-ученик. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори), се со цел да им го задржат интересот. Поголем дел од наставниците при изборот на задачи и активности внимаваат на овозможување на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Најголем дел од наставнците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. |
| | **Реализација на образовна инклузија** | За темата Планирање и реализација на образовна инклузија од индикаторот Наставен процес се добија информации од повеќе извори на податоци.<br>Од фокус групите со наставниците, наставните програми по сите предмет се приспособуваат според можностите на децата со ПОП. Доколку има ученик со ПОП, наставникот работи со него со дифренциран пристап користејќи го ИОП.<br>За време на часовите учениците со попреченост работат на посебни задачи прилагодени на нивните можности и способности. За ученикот со ПОП наставникот соработува со образовниот асистент и дефектологот во училиштето и заедно со нив изготвува ИОП. Соработката со образовниот асистент е на задоволително ниво, во што наставниците се соглсуваат и преку одговорот на прашалникот. Сите ученици кои имаат потреба имаат доделено образовен асистент.<br>На некои часови, учениците со ПОП се вклучуваат во активности, во некои не.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето, наставниците ги реализираат часовите според планирањата. Притоа ги приспособуват задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби за учениците и се изготвуваат ИОП. Поголем дел од наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. За учениците со |

| | | |
|---|---|---|
| | | ПОП наставниците најчесто користат индивидуален пристап во работата. Според директорот и стручната служба<br>образовната инклузија во училиштето постојано се менува и прилагодува за потребите на децата со ПОП. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП.<br>Инклузивниот тим на ученикот обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Инклузивниот тим работи по своја сопствена програма/акционен план која е дел од Годишната програма на училиштето. Инклузивниот тим се состанува редовно, се изготвуваат записници од состаноците.<br>Во училиштето од инфраструктурната адаптација и пристапност на учениците со физичка попреченост има само пристапна рампа, на влезот во училиштето и посебен тоалет на први спрат.<br>Училиштето нема стандарди за оценување на ученици со ПОП, освен некои насоки дадени од МОН, за начините на оценување на таквите ученици, кои се однесуваат на оценување, врз основа на постигнатите цели на ИОП на ученикот. Наставниците ги оценуваат таквитеу ченици во соработка со инклузивните тимови по ученик.<br>Наставниците, образовните асистенти, и сите вклучени во процесот на едукација на деца со попреченост се трудат кај останатите учениците да промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање кон децата со попреченост со што инклузијата би се олеснила.<br>Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси.<br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. |
| | **Активности за меѓуетничка интеграција во образованието** | За оваа тема Активности за меѓуетничка интеграција во образованието користевме информации од повеќе извори на податоци: анкета со наставници, родители и ученици, дискусија со фокус група со ученици, интервју со стручна служба и директор, интервју со членовите на Училишниот тим за меѓуетничка интеграција во образованието и др.<br>Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и секој наставник планира примена на целите на проектот со одреден број часови и тие се дел од наставните програми.<br>93% од вкупно анкетираните наставници се согласиле со фактот *Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план*<br>За ова говори и фактот што 75% од наставниците, директорот и стручната служба потврдуваат дека наставните програми по сите предмети се приспособуваат за вклучување содржини за родова и етничка припадност и мултикултурна сензитивност и тоа најчесто преку часовите по Образование за животни вештини но и во други предмети каде што наставната програма тоа го дозволува. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните родители на тврдењето: Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици, 22,1% целосно се согласуваат, 16,8% се согласуваат, 15,3% и 19,8% не се согласуваат односно целосно не се согласуваат, а 26% немаат информација.<br>На тврдењето: Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште), 27,3% целосно се согласуваат, 28,6% се согласуваат, а<br>20,1% ученика не се согласуваат, 13% целосно не се согласуваат и 11% немаат информација.<br>Од дискусијата со фокус групата со ученици, на прашањето: Колку училиштето нуди воннаставни активности со ученици кои учат на друг начин, или припаѓаат на различна етничка припадност, се добија информации дека најчесто на часовите по ОЖВ работат на работилници од тој тип, а некои биле вклучени како учесници и во воннаставни активности кои се реализирани со партнер училиштето ПУ "Нам'к Кемал"-с. Чалакли.<br>Од направеното интервју со директорот и стручната служба се добија податоци дека генерално, меѓуетничката интеграција во училиштето е на задоволително ниво. Директорот на училиштето формира Училишен Тим за меѓуетничка интеграција кој е составен од 5 члена и досега многу добро функционира.<br>Последните неколку години, обезбедувањето и исполнувањето на критериумите за заеднички МИО активности, се обезбедува во соработка со партнер основното училиште ПУ "Нам'к Кемал"-с. Чалакли.<br>Во учебната 2022/23 година беа реализирани следниве активности: пријателски натпревар во мал фудбал-женски, учество на учениците од партнер училиштето во програмата по повод Патрониот ден на училиштето (турско оро), запознавање на учениците со традициите и обичаите како дел од фестивалот "Пролетни веселби", еднодневни излети и прошетки до излетничкото место Кочули.<br>Во рамки на Годишната програма се изготвува Годишен акционен план за МИО за унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.<br>Исто така, во рамки на унапредување на мултикултурализмот, се планираат и реализираат МИО часови на часовите по ОЖВ и според Извештајот за работа на училиштето, изминативе две години се реализирани по 90 часови годишно на ниво на училиште.<br>Училишниот тим за МИО, на крајот од секоја учебна година изработува извештај за реализираните МИО активности и часови во училиштето. |
| **Документи:**<br>Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2021)<br>Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)<br>Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)<br>Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)<br>Упатството за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021) | | |

| |
|---|
| **Извори на податоци:** Наставен план, Годишна програма за работа на училиштето, Е-дневник, Распоред на часови, анкети со наставници, родители и ученици; интервјуа со директорот, стручните соработници и фокус групи, интервјуа со Училиштниот инклузивен тим и Тимот за МИО; Електронски анкети и анкети во писмена форма за избор на Слободен изборен предмет/Изборен предмет и слободни активности, Извештај/Резултати од спроведените анкети за избор на Слободен изборен предмет/Изборен предмет и слободни активности, Водичот за слободни изборни предмети, извештаи од стручни соработници за следени планирања и извештаи од посета на часови, Решенија за училиштен инклузивен тим; Програма за работа на УИТ, изработени ИОП; Програма за стручна посета, следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар, Записници од состаноци на училишниот инклузивен тим и инклузивните тимови за ученик; Акционен план за работа на тимот за МИО, извештаи и записници од тимот за МИО, извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; планирања за МИО часови во рамки на ОЖВ, материјали од постапката за определување изборни / слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. |

| Индикатор 1.3 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Искуства на учениците од учењето** | **Средина и атмосфера за учење** | За темата **Средина и атмосфера за учење** од индикаторот **Искуства на учениците од учењето** се користеа податоци од повеќе извори на информации.<br>Наставниците наоѓаат начини и пристапи за да ги поттикнат учениците на истражување и решавање проблеми, за што говори и фактот дека од анкетираните 51 наставници на тврдењето: *Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми*, 54,9% целосно се согласуваат и 41,2% се согласуваат.<br>Во индикаторот 1.2 и темата за Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно, веќе се заклучи дека постои интерактивна атмосфера за учење во која наставниците ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе, а учениците се чуствуваат слободни да прашаат и побараат објаснување.<br>На тврдењето: *Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор*, 66,7% целосно се согласуваат и 29,4% се согласуваат, 3,9% од наставниците не се согласуваат.<br>Дека Наставниците редовно ги пофалуваат учениците и ги пофалуваат за вложениот труд, говори фактот што на овие тврдења наставниците се едногласни и одговориле позитивно дека се согласуваат. На истите прашања и учениците и родителите одговориле соодветно и позитивно, односно учениците се чуствуваат мотивирани преку пофалувањето за својот труд, а родителите сметаат дека нивните деца се пофалени редовно за вложениот труд и за постигнатите резултати.<br>Родителот го чуствува училиштето како мотивирачка средина за своето дете, со што се согласиле 89% од анкетираните.<br><br>Тврдењето кое се однесување на давањето повратна информација од страна на наставникот за сработеното на учениците или: *На учениците им кажувам* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања*, 82,4% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат со истото, 17,6% одговориле дека се согласуваат. Значи може да се заклучи дека сите наставници, даваат повратна информација на учениците. Ова тврдење го потврдуваат и учениците во голем процент преку одговорите на тврдењето *Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување,* така што 42% целосно се согласиле и 45% се согласиле, но останатите 13% не се согласуваат. Дека наставниците му даваат насоки на ученикот како подобро да учи, потврдуваат и родителите преку тоа што 60% целосно се согласуваат, а 26% се согласуваат, но 12% не се согласуваат а останатите немаат информација. Сепак, постојат ученици на кои им е потребно појасно насочување во однос на повратната информација во однос на своите постигња и како да ги подобрат.<br>Од анкетираните 154 ученици на тврдењето: *Наставниците ја прават содржината од предметите интересна*, 36,4% одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 39,6% се согласуваат дека е така, а 18,8% не согласуваат и 4% целосно не се согласуваат. На истото тврдење *На моето дете повеќето часови му се интересни*, 53,4% целосно се согласуваат, 35,1% се согласуваат, 11% не се согласуваат.<br>Можеме да заклучиме дека, иако, наставниците користат различни приоди кон учењето, прилагодувајќи ја наставата за учениците, правејќи ја наставата интересна и ги мотивираат учениците, еден дел од учениците сметаат дека наставата не е доволно интересна.<br>Родителите сметаат дека нивното дете учи во безбедна средина што го потврдува фактот дека 68,7% целосно се согласуваат и 26,7% се согласуваат со тврдењето *Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете.*<br>Од дискусијата со фокус групата на родители се добија информации дека редовно добиваат информации од нивните деца за тоа, што работеле на часовите, какви активности имале и сл. Тие сметаат дека децата се задоволни од училиштето и сакаат да одат на училиште.<br>Од дискусијата со фокус групата со родители, се добија информации дека наставниците успешно ја реализираат наставната програма, но сепак постои разлика во пристапот на наставниците кон учениците за време на часот. Според родителите некои наставници многу умешно ги прилагодуваат наставните содржини на потребите и можности на децата, но некои не го прават тоа. Значи постојат различни приоди кај наставниците.<br>Од дискусијата со фокус групата со ученици, во делот кој се однесува на тоа, како според нив изгледаат најголем дел од часовите, (што прави наставникот, што прават учениците), учениците одговориле дека секој час е различен. Сите наставници користат наставни методи и техники, соодветно на предметот кој го предава. Најголем дел од наставните<br>предмети кои ги изучуваат користат ИКТ.  Учениците се изјасниле дека сакаат динамична и |

| | | |
|---|---|---|
| | | интересна настава, не сакаат стандардно предавање на наставниците. Сакаат да учат во природа, низ игра и да имаат повеќе практични активности. Според нив, дали часовите ќе се интересни или здодевни, најмногу зависи од наставниците.<br>Сакаат иновативни и интересни часови, кои ќе го привлечат нивното внимание, да постои динамика на часот, интеракција меѓу нив. Според одговорите на учениците тие најмногу учат од учебници, работни листови, збирка на задачи, квизови, презентации, видео предавања и сл. За време на часовите имаат можност да дискутираат за она што го учат, но и за било која друга тема, во нивен интерес, како со наставниците, така и со соучениците.<br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Каква е дисциплината на најголем дел од часовите? Колку учениците го слушаат наставникот, се сослушуваат меѓусебно? Колку време од часовите е посветено на предавање/учење, а колку на „смирување“ на учениците? се добија информации дека генерално дисциплината на часовите е задоволително ниво. Ако подучувањето се состои од помагање на децата да научат нови вештини и да стекнат нови информации, тогаш логично следува дека подучувањето вклучува и промена во однесувањето. Ако подучувањето значи промена на однесувањето, тогаш улогата на наставникот е да се грижи за однесувањето на учениците во неговото или нејзиното одделение.<br>Колку учениците го слушаат наставникот, учениците одговориле дека тоа варира од предмет до предмет и од личноста на наставникот. На прашањето зошто понекогаш децата се недисциплинирани според учениците причините се сведуваат на карактерот на детето, емоционалните проблеми на детето и училишните ситуации, кои понекогаш произлегуваат од самите наставници, како тие се однесуваат на часот, нивниот строг (авторитарен) стил, понекогаш поради непочитување на правилата на однесување и сл. Според учениците мал дел од часот се посветува на смирување на учениците и тоа е најчесто за зборувањето на часот (надвор од она што се работи на часот, или што се бара како задача за нив).<br>Од извештаите од посетата на часовите, се констатира дека за време на часовите постои интеракција меѓу наставниците и учениците и меѓу соучениците. Тие взаемно се сослушуваат без да се прекинуваат. Наставниците се трудат максимално да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часот, почитувајќи ги нивните интереси. Учениците слободно поставуваат прашања, дискутираат и го искажуваат своето мислење. На часовите учениците работат во групи, парови и други форми на работа кои подразбираат интеракција меѓу нив. На некои часови учениците со ПОП се вклучуваат во активности, во некои не. За време на часовите поголем дел од наставниците (не сите) покажуваат флексибилност и ги прилагодуваат наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците. Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи и техники, а исто така акцент се става и на интеракција со учениците и комуникацијата на релација ученик- |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставник и ученик-ученик. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори), се со цел да им го задржат интересот. Поголем дел од наставниците при изборот на задачи и активности внимаваат на овозможување на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Најголем дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.<br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.<br>Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Најголем дел од наставниците користат различни начини на мотивирање на учениците.<br>Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Наставниците ги поттикнуваат развојот на вештини на учење и самостојност во учењето |
| | **Идентификување и задоволување на различните образовни потреби** | Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат воспитно-образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик и се идентификуваат систематски. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. Доколку има потреба, стручните соработници ги упатуваат учениците со посебни образовни потерби до стручното тело при МКФ, за да се направи функционална проценка на способностите на учениците.<br>За своите образовни потреби, учениците разговараат со одделенскиот раководител и раководителот на паралелката на одделенските часови, а наставниците разговараат на Совет на одделенски и предметни наставници, на Наставнички совет и на Совет на родители.<br>За дополнителни информации за оваа тема од индикаторот Искуства на учениците од учењето користевме повеќе извори на податоци: прашалници за наставници и родители, дискусии од фокус групи со наставници и родители, интервју со стручната служба и директорот, како и извештаи од посета на часови.<br>Од анкетираните 51 наставници, на тврдењето: *Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците*, 96% целосно се |

согласуваат или се согласуваат. Со Истото тврдење, односно, *Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете,* целосно се согласиле односно се согласиле вкупно 90% од анкетираните родители, останатите не се согласуваат или немаат информација.




На тврдењето: *Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор*, 66,7% целосно се согласуваат, 29,4% се согласуваат со тврдењето, а само 3,9% не се согласуваат од анкетираните наставници.
Наставниците ги разбираат проблемите и потребите на учениците за што говори фактот дека 92,2% во целост се согласуваат, односно 7,8% се согласуваат со тврдењето *Ги разбирам проблемите и потребите на учениците.*
Наставниците *успеваат да ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето* со што целосно се согласуваат 80,4% и 19,6% се согласуваат. Наставниците се едногласни и согласни со фактот *Успевам да ги идентификувам надарените ученици.*
Од дискусијата со фокус групата со наставници, во делот на прашањата кое се однесува на оваа тема, како работат учениците со различни образовни потреби, наставниците одговориле дека за таквите ученици применуваат диференциран пристап на работа и ги прилагодуваат наставните методи и темпото на работа, согласно различните образовни потреби на учениците, односно нивните можности. Доколку учениците имаат препорака за работа по
ИОП, во тој случај работат по ИОП, односно работат на постигнување на целите по ИОП. Доколку

| | | |
|---|---|---|
| | | некој ученик побрзо напредува, му се даваат додатни задачи за време на часовите или за таквите ученици се организира додатна настава или се вклучуваат во поедини вонннаставни активности и проекти. Доколку некој ученик побавно напредува односно има потреба од дополнителен пристап тоа се прави за време на часот или ученикот се вклучува во дополнителна настава.<br>Фокус групата на родители со кои е водена дискусијата се изјасниле дека имаат искуство со тоа дека некои и од нивните деца имале потреба од дополнителна настава по одделни предмети за шт од нив е побарана и претходна писмена согласност. Исто така сметаат дека доколку нивните деца имаат потреба од дополнителна настава за подобрување на постигањата/успехот, знаат дека училиштето ја обезбедува истата. НЕкои се изјаснија дека нивните ученици се вклучени во додатни и воннаставни активности и проекти по предмети во покажале високи резултати и интерес.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето се добија информации од следењето на часовите дека наставните часови се реализираат според планирањата. Наставниците ги приспособуват задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби за учениците. За учениците со ПОП се изготвуваат ИОП. Поголем дел од наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. За учениците со ПОП наставниците најчесто користат индивидуален пристап во работата., учење низ игра и сл.<br>Од интервјуто со стручната служба и директорот се добија информации дека дополнителната и додатната настава се организираат според Законот за основно образование. Во дополнителна настава се вклучуваат ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за одделени наставни предмети, на барање на ученик, родител и на проценка на наставникот. Додатната настава се организира за учениците кои покажуваат подобри резултати во учењето и имаат афинитети за подобрување на постигањата на одредени наставни предмети.<br>Реализацијата на овој вид на настава се врши преку изготвување на распоред за додатна и дополнителна настава за секој предмет на месечна основа.<br>Од извештајот на следење на часовите, се констатира дека добар дел од наставниците покажуваат флексибилност односно прилагодливост на пристапот на работа кај учениците согласно нивните можности. Поголем дел од наставниците користат индивидуален пристап кон работата со овие ученици.<br>Од сето ова може да се заклучи Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br>Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. Според поголем дел од родителите и учениците, наставниците повторно обработуваат делови од наставниот материјал кои учениците не го совладале успешно. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите. |
| **Извори на податоци:** Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба, интервју со директот; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници, извештаи од посета на часови, ИОП, Распоред за додатна/дополнителна настава, Е-дневник | | |

| Индикатор 1.4 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Оценувањето како дел од наставата** | **Училишна политика за оценување** | За обработка на темата **Училишна политика за оценување** од индикаторот **Оценувањето како дел од наставата** се користеа повеќе извори на податоци, беше спроведена анкета со наставниците, со родителите, со учениците. Исто така, беше водена дискусија со фокус групи на наставници и ученици, интервју со стручната служба и директорот и др.<br>Од анкетираните 51 наставник, на тврдењето кое се однесува на давањето на повратна информација, како дел од формативното оценување: *На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања*, 82,4% одговориле дека целосно се согласуваат, останатите 17,6% се согласуваат, значи сите наставници даваат повратна информација на учениците и оценувањето е транспарентно.<br>На тврдењето: *Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките*, 80,4%, целосно се согласуваат, останатите 19,6% се согласуваат, што значи дека сите наставници ги запознаваат учениците со критериумите за оценување.<br>На тврдењето: *На учениците им давам насоки како поуспешно да уча*т, повторно сите наставници се согласуваат дека е така, 88% целосно се согласуваат, 12% се согласуваат со ова тврдење, односно сите наставници, без исклучок им даваат насоки на учениците како поуспешно да учат да ги подобрат нивните постигања.<br>На истото тврдење кое се однесува на давањето насоки за поуспешно учење: *Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи*, од 131 анкетирани родители, 59,5% одговориле дека целосно се согласуваат, 26% се согласуваат, 12% не се согласуваат дека е така.<br>На тврдењето: *Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)*, 80,9% од родителите целосно се согласуваат, 15,3% се согласуваат, 4% не се согласуваат .<br>На тврдењето: *Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете*, од анкетираните родители, 68,7% целосно се согласуваат и 26,7% се согласуваат, а само 4% не се согласуваат со тврдењето.<br>На тврдењето: *Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет*, родителите одговориле на следниот начин: 55% целосно се согласуваат со тврдењето, и, 31,3% се согласуваат дека е така, 9% не се согласуваат со тврдењето, 4,6% не знаат за што станува збор/ нема информација за тоа.<br>Од анкетираните 154 ученици на тврдењето: *Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена*, 53,9% од учениците целосно се согласуваат, 31,2% се согласуваат, 13% не се согласуваат со тврдењето, а 1,9% нема информација, или не знае за тоа. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На тврдењето: *Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена*, учениците одговориле вака: 53,2% целосно се согласуваат дека е така, 32,5% се согласуваат, 13,6% не се согласуваат дека наставниците им даваат повратна информација за оценката што ја добиле.<br>На тврдењето: *Оценувањето на сите ученици е праведно*, 39% одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 27,3% од учениците се согласуваат со тврдењето, 20,8% не се согласуваат, 9,7% целосно не се согласуваат и 3,2% немаат информација, или не знаат за тоа.<br>На тврдењето: *Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување*, 41,6% целосно се согласуваат, 44,2% се согласуваат, 9,1%, не се согласуваат со тврдењето, 3,2% целосно не се согласуваат и 1,9% не знаат, односно немаат информација за тоа.<br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со наставници, на прашањето како вообичаено го планираат и спроведуваат оценувањето, се доби информација дека оценувањето на учениците го планираат, како формативното, така и сумативното. При оценувањето користат методи и инструменти. Некои наставници во планирањето ги вклучуваат и учениците, преку самооценување и соученичко оценување. За секој наставен предмет изготвуваат критериуми за оценување со кои ги запознаваат учениците на самиот почеток на наставата. Некои наставници на почетокот на секој час објаснуваат што треба да се знае и што е она што ќе се оценува. Освен учениците, со критериумите ги запознаваат и родителите. Секогаш даваат писмена и усна повратна информација за подобрување на постигањата учениците. Според наставниците, некои ученици не можат да направат објективна споредба за тоа колку знаат и оцената која ја добиле.<br>Во училиштето има Правилник за оценување на учениците и Кодекс за оценување на учениците со кој се запознаваат и родителите и учениците.<br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со учениците, на прашањата кои се однесуваат на оценувањето на нивните постигања учениците дадоа посебно образложение:<br>Оценувањето се состои од низа активности, или постапки во наставниот процес, при што наставникот користи многу методи, техники и инструменти на оценување. Наставниците,<br>според нив користат методи и техники на формативно и сумативно оценување. Тие најчесто за оценување користат усно и писмено проверување на нивните знаење, работа на проекти, методи на практични активности, практични изведби, преку задавање домашни задачи и сл. Некои наставници на почетокот од часот преку прашања и усни одговори го проверуваат знаењето на учениците од претходниот час. Најчесто, повеќето наставници користат писмена проверка по завршувањето на одередна тема, а поретко, усно излагање. Некои користат проверка преку наставен лист на мал дел од материјалот. Најчесто, наставниците даваат образложение за добиената оценка и насоки за нејзино подобрување. Сите наставници најпрво на часот им ги кажуваат целите кои треба да ги постигнат, а потоа на крајот на часот преку усно или писмено проверување, проверуваат дали се постигнати целите од тој час. Секогаш даваат повратна |

| | | |
|---|---|---|
| | | информација, или насоки како да го подобрат учењето. Според учениците, наставниците оценуваат објективно, и на сите ученици им се дава еднакви можности да го покажат своето знаење.<br>ОД фокус групата со родителите, тие учествуваат на формални и неформални средби на кои се известени за критериуите за оценување, за постигањата и конкретните добиени оцени, дисциплината и начините за подобрување на успехот и поведението. Добиваат евидентни листови во електронска и печатена форма, свидетелства, имаат секојдневен пристап во Едневник каде го следат писменото и усното оценување на учениците и бројот на изостаноците.<br>Од интервјуто со стручната служба и директорот, постигањата на учениците се проверуваат формативно и сумативно. Оценувањето се врши согласно критериумите кои се усогласени со националните стандарди за оценување. Преку оценувањето се следи работата на ученикот, вреднување на учењето и наученото, се врши размена на информации за учењето и се дава насоки за понатамошната работа. Учениците се оценуваат континуирано и објективно. Учениците и родителите се запознаваат со критеиумите за оценување преку организираните родителски средби и Отворени родителски средби. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем.<br>Добиените повратни информации од следењето на оценување на учениците се користат за подобрување на оценувањето.<br>Од записниците на стручните активи, каде се креираат политиките за оценување се гледа како се изготвени критериумите за оценување кои се усогласени со националните стандарди за оценување, по секој наставен предмет.<br>Од анализата на сите документи може да заклучиме дека:<br>Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување.<br>Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите.<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на Отворени родителски средби и индивидуални разговори со родителите. Наставниците редовно и континуирано го бележат напредокот на учениците и водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик и |

| | | |
|---|---|---|
| | | неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Исто така редовно ги информираат учениците за напредувањето и постигањата. Применуваат форми на формативно и сумативно оценување.<br>Наставниците подготвуваат извештаи и анализи за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година.<br>Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. На тој начин се почитува и мислењето на учениците. Оценувањето е праведно, транспарентно и добро организирано и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците сметаат дека учениците не се секогаш објективни во однос на проценката колку знаат и оцената која ја добиле од наставникот.<br>Училиштето ги следи постигањата од еден во друг циклус, ги согледува и анализира причините за разликите и превзема активности за нивно надминување. |
| | **Методи, форми и инструменти за оценување** | Анкетираните наставници се едногласно согласни на тврдењето: *Применувам различни начини на оценување на учениците.* А за разновидните начини на проверка на знаењето, односно, *Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни ливчиња и сл.),* се согласуваат 99,8% од учениците.<br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со наставници, на прашањето како вообичаено го планираат и спроведуваат оценувањето, се доби информација дека оценувањето на учениците го планираат, како формативното, така и сумативносто. При оценувањето користат најразлични методи и инструменти. Во планирањето ги вклучуваат и учениците, преку самооценување и соученичко оценување. За секој наставен предмет изготвуваат критериуми за оценување, на ниво на стручни активи, со кои ги запознаваат<br>учениците уште на самиот почеток на наставата. Освен учениците, со критериумите ги запознаваат и родителите.<br>Од интервјуто со стручната служба и директорот, постигањата на учениците се проверуваат формативно и сумативно. Оценувањето се врши согласно критериумите кои се усогласени со националните стандарди за оценување. Преку оценувањето се следи работата на ученикот, вреднување на учењето и наученото, се врши размена на информации за учењето и се дава насоки за понатамошната работа. Учениците се оценуваат континуирано и објективно.<br>Во текот на наставата дел наставниците користат најразлични методи, форми и инструменти за оценување, како за формативното, така и за сумативното оценување. Мал дел од<br>наставниците ги вклучуваат и учениците во оценувањето, преко самооценување, соученичко оценување, изготвување на критеиуми за инструментите за оценување и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од увидот во досиејата на наставниците, се констатира дека наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Помал број наставни предмети, учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).<br>Од изложеното, се заклучува дека наставниците користат различни инструменти за оценување на постигањата на учениците и ги применуваат критериумите за оценување на учениците. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, квизови, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн. Оттука, добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. |
| | **Коефициент на континуитетот на успехот на учениците** | За да се определи коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование се користеа извештаите за работата на училиштето од претходните две години. Коефициентот на континуитет на успехот се пресметуваше по формулата:<br>СУП1/СУГ1+СУП2/СУГ2/2.<br>Според извештаите за средниот успех од претходните две години и формулата за пресметување на Коефициентот на континуитет на успехот се добија информации дека Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,6 , а помал од 0.7. |
| | **Користење на информациите од оценувањето во наставата** | Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>За добивање на дополнителни податоци за оваа тема се користеа информации од добиените резултати од анкетирањето на наставниците и родителите, како и извештајот од интервјуто со директорот и стручната служба.<br>Одговорите од прашалниците веќе беа анализирани во темата Училишна политика за оценување од овој индикатор. Според тоа наставниците на учениците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат и даваат повратна информација, јасни насоки за понатамошно напредување. Резултатите и информациите од оценувањето во наставата се користат за вклучување на учениците во додатна, дополнителна настава и СУА. Секој наставник планира и реализира додатна и дополнителна настава и за тоа на крајот од учебната година доставува Педагошка евиденција за додатна/дополнителна настава со планирани и реализирани содржини, список на ученици кои учествувале и знаења и вештини кои ги стекнале. |

**Документи:**
Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)
Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019 и 2020-дополнување)
Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО)
**Извори на податоци:** Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба, интервју со директот; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници, извештаи од посета на часови, ИОП, Распоред за додатна/дополнителна настава, Е-дневник, Евидентни листови, наставнички портфолија, наставни листови, тестови на знаења, квизови за проверка на знаењата, тетратки за писмена работа, чек листи, Педагошка евиденција за додатна/дополнителна настава, Правилник за оценување на учениците, Кодекс за оценување на учениците

| **Индикатор 1.5** | **Теми** | **Добиени податоци** |
|---|---|---|
| **Воннаставни активности и натпревари** | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности** | За обработка на оваа тема од Индикаторот **Воннаставни активности и натпревари** се користеа податоци од повеќе извори на податоци.<br>Најпрво беа анализирани податоците од прашалникот за родители кои се однесуваа на овој индикатор.<br>На тврдењето *Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.).* 33,6% од родителите целосно се согласуваат и 36,6% се согласуваат, а 16% не се согласуваат, додека останатите 13,4% немаат информација.<br>На истото тврдење од прашалникот за учениците *Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)* учениците се изјасниле на следниов начин: 39% целосно се согласуваат 30,5% се согласуваат со тоа, 21% не се согласуваат 12,3% немаат информација.<br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со наставници се констатира дека во училиштето се планираат и спроведуваат најразлични воннаставни активности. Такви активности се: Приредби по повод Нова година и пречек на првачиња, како приредба по повод одбележување на Патрониот празник, хуманитарни акции, Научен базар, еколошки акции, хортикултурни активности за уредување на училишниот двор, секции и клубови по поедини предмети, спортски активности, изработка на маски по повод Денот на шегата-1 Април, МИО активности, креативни работилници, проекти и сл.<br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со ученици се добија информации дека во училиштето се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со потребите и интересите на учениците.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба се добија податоци дека во рамките на училиштето се планираат и организираат разновидни воннаствни активности во согласност со |

| | | |
|---|---|---|
| | | развојните потреби и интереси на учениците и со нивно активно учество во нив. Секој наставник планира и на на крајот од учебната година доставува Педагошка документација за вonнаставни активности во која се наведени планираните и реализираните вonнаставни активности, како и список на ученици кои учествувале и конкретните знаења и вештини кои ги стекнале. Во училиштето се реалзиираат: слободни ученички активности-секциите, ученички натпревари, ученички екскурзии, производствена и друга општетствено корисна работа и др.<br>Од увидот во Годишната програма за работа на училиштето и делот за Воннаставни активности се констатира дека постојат најразновидни воннаставни активности во форма на клубови и секции од различни области кои се планираат за учениците од страна на наставниците со цел да се прошрат знаењата, да се применат стекнатите знаења во пракса, да се поттикне интерес, мотивција, критичко размислување, тимска работа учество во научно-истражувачки активности.<br>Од увидот во Е-дневник се согледува евидентираноста на планирањето и реализирањето на воннаставните активности на учениците, со списоци на ученици вклучени во активностите, но и од увидот во Педагошката документација за воннаставни активности на секој наставник.<br>Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности од различни области: од областа на задолжителните предмети, екологијата, драмата и новинарството, кодирањето, програмирањето и мултимедијата, демократска култура и антикорупција, спортот. |
| | **Опфатеност на учениците со воннаставни активности** | За темата **Опфатеност на учениците со воннаставните активности** од индикаторот **воннаставни активности и натпревари**, се собраа податоци од повеќе извори на информации.<br>Според родителите, на тврдењето *Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес*, 47% целосно се согласуваат 23,7% се согласуваат, но околу 18% не се согласуваат а еден дел од 8,3% немаат информација.<br>Слична е и статистиката според учениците на истот тврдење *Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор*, 37% целосно се согласуваат, 35,7% се согласуваат, 19% од учениците не се согласуваат, а 7,3% немаат информација. |




Од дискусијата со фокус групата со наставници се констатира дека во училиштето се спроведуваат најразлични воннаставни активности. Наставниците внимаваат на тоа, сите ученици да бидат вклучени барем во една од различните воннаставни активности, согласно нивните афинитети и можности.

Од дискусијата со фокус групата со родители се добија податоци дека нивните деца биле често вклучувани во вонанаставни активности: посета на знаменитости, секции, спортски активности, ликовни и литературни конкурси, натпревари, приредби, мултукултурни активности и сл. Најчесто тие се вклучувале по нивни избор, но и според насоките од наставниците кои ги утврдиле нивните афинитети и можности.

Учениците во фокус групите, со кои е водена дискусија за ова прашање: Колку и кои ученици се вклучени во воннаставните активности, дали се избрани од наставниците, или имаат можност да се вклучат според сопствен избор, учениците одговориле дека најчесто тие самите, по сопствен избор се вклучуваат во активностите, но во некои како што се натпреварите, музичките секции, ликовните секции, најчесто наставниците ги одбираат оние ученици кои имаат способности за пеење, цртање или покажуваат многу повисоки постигања по одреден предмет за натпреварите (пример некои се добри математичари, некои многу добро го владеат англискиот јаизк и граматика и сл.).

Од интервјуто со директорот и стручната служба се добија податоци дека во рамките на училиштето се планираат и организираат разновидни воннаствни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивно активно учество во нив. Во

| | | |
|---|---|---|
| | | вonнаставните активности се вклучени ученици од одделенска и предметна настава и тие се вклучуваат според нивните афинитети и способности.<br>Учениците кои се опфатени во воннаставните активности се пред се ученици за кои наставниците утврдиле афинитет и интерес кон конкретна област, но и ученици кои се вклучуваат по сопствен интерес и желба при понуда на конкретна воннаставна активност од наставникот. |
| | **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности** | За вклученоста на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности во училиштето беа користени податоци од повеќе извори на информации: резултати од анкетирање на наставници, родители и ученици, дискусии со фокус групи со наставници и ученици, извештај од интервју со директор и стручна служба и др.<br>Од анкетираните наставници на тврдењето *Планот за воннаставни активности кој го водам, го изготвувам заедно со учениците*, мал дел се согласуваат односно само 13,7%.<br>Од анкетираните на истото тврдење: *Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности*, исто така мал број се согласиле односно околу 12%, останатите немаа информација односно не знаат за што станува збор.<br>Од дискусијата со фокус група со наставници се добија информации дека не секогаш учениците се вклучени во планирањето и изборот на воннаставни активности, сметаат дека пред се тоа е работа на наставникот да ја планира и организира работата, а повеќе да ги вклучува во самата реализацијата на активноста. Пример за вклученоста на учениците во планирањето на воннаставни активности се: хортикултурни активности за уредување на училишниот двор, планирањето на еко активностите на Еко одборот од листата на активности, планирање на некои активности на ученичката заедница. Некои наставници предлагаат низа активности кои самите ги испланирале, па за тоа кои активности ќе се реализираат одлучуваат и избираат учениците. Повеќето наставници дозволуваат слобода на избор во самата реализација на активноста.<br>Учениците во фокус групите, со кои е водена дискусија за оваа тема на прашањето: Колку имате можност да се вклучите во планирање на воннаставни активности, одговориле дека не секогаш имаат можност да се вклучат во планирање на воннаставните активности во училиштето. Во реализиацијата на воннаставните активности се многу повеќе<br>се вклучени. Според одговорите на учениците-учесници во фокус групата со кои е водена дискусијата, има примери на воннаставни активности во кои учествувале од самиот почеток од планирање до реализацијата како што се учениците од Еко одборот, но тоа е мал број.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба се добија податоци дека во рамките на училиштето се планираат и организираат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивно активно учество во нив. Не сите ученици се вклучени во планирањето на воннаставните активности. Во планирањето се вклучуваат мал број ученици и тоа се пред се ученици од шесто до деветто одделние. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од изложеното може да се заклучи дека планирањето на воннаставните активности го прават наставниците. Учениците учествуваат во планирањето во мал број и тоа само во одреден дел на активности. |
| | **Натпревари** | За натпреварите, како дел од воннаставните активности, се анализираа повеќе податоци добиени од повеќе извори на информации.<br>Од анкетираните ученици на тврдењето од прашалникот за ученици, кое се однесуваше на натпреварите: *Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари*, 43,5% целосно се согласуваат дека е така, 33,8% се согласуваат, останатите не се согласуваат.<br>Од интервјуто со директорот и стручна служа во училиштето се добија информации дека учениците учествуваат на натпревари кои се органзиираат, зависно од нивните можности.<br>Само дел од учениците се вклучуваат во натпревари, најпрво на интерните што ги организира училиштето, за да се направи селекција (да се изберат најдобрите), потоа учествуваат на општински, регионални и државни, а и на меѓународни натпревари.<br>За сите организирани натпревари, како од училиштето, така и од страна на локалната заедница (други училишта, Градска библиотека) од страна на стручната служба и директорот се известуваат најпрво предметните наставници, за кои е организиран натпреварот, понатаму тој на транспарентен начин ги информира учениците за натпреварот. На ист начин и одделенските раководители на учениците од одделенска настава ги известуваат учениците за органзирани натпревари. Последните две учебни години учениците нашите ученици и нивните ментори учествувале на натпревари од областа на македонски јазик, англиски јазик, математика, природни науки, биологија, хемија, физика, географија, програмирање, меѓународниот натпревар Дабар, зонски натпревари во одбојка, тенис, кошарка, шах, рецитирање, литературен конкурс "Гевгелија-моја иднина", меѓународниот конкурс на тема „Јамболија што лае" организиран по повод 90 години од раѓањето на Видое Подгорец, Литературен конкурс за расказ на слободна тема по повод ,,МЕСЕЦ НА КНИГАТА и креативната работилница „Создавам приказна", како и "Млади библиотекари" организирани од ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев",меѓународниот натпревар за драмски претстави „Арт фестивал", ликовен конкурс за "Дизајн на корица од книга", ликовен конкурс ,,Подај ми рака и тогаш кога не паѓам,, и ЗГ Рубикон во рамките на проектот врснички форум театар против врсничко насилство во училиштата. Притоа учениците освојуваат награди и признанија. За сите награди, признниja и дипломи добиени од страна на учениците и нивните ментори се води Евиденција за постигнати резултати од учество на одржани натпревари и распишани конкурси од разни области. Училиштето и наставниците ги мотивираат и вклучуваат учениците во учество на училишни, општински, државни, меѓународни натпревари и конкурси од различни области. |

**Документи:**
Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020)
Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020-дополнување)
**Извори на податоци:** Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба, интервју со директот; Е-дневник, наставнички портфолија, Педагошка документација за вонаставни активности, Евиденција за постигнати резултати од учество на одржани натпревари и распишани конкурси од разни области, Извештаи од работата на Еко одборот, Извештај од работата на ученичката заедница

| ПОДРАЧЈЕ1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба и сценарија за час кои ги доставуваат една до две седмици пред реализација на часовите. Следење на наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа. Наставниците ја добиваат потребната поддршка во изготвувањето на планирањата. Наставниците добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Се планираат активности, се разменуваат искуства и идеи за планирањето преку соработка во стручните активи, корелација со различни наставни предмети и други училишта. Наставата во училиштето се одвива редовно и во пропишаниот обем. Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од наставниците користат различни извори и приоди за учење, покрај одобрените учебници и прирачна литература. При реализација на наставата, наставниците ги користат расположивите ресурси за учење во училиштето и сметаат дека користењето на современи иновативни приоди во наставата е на ниво што задоволува. Наставниците максимално се трудат да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часовите. Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи и техники, а исто така акцент се става и на интеракција со учениците и комуникацијата на релација ученик-наставник и ученик-ученик. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори), се со цел да им го задржат интересот. Поголем дел од наставниците при изборот на задачи и активности внимаваат на овозможување на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Најголем дел од наставнците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси. Наставните програми по сите предмет се приспособуваат според можностите на децата со ПОП. Училиштето планира и реализира активности за МИО за унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите. Учениците се поттикнати да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе, и се чуствуваат слободни да прашаат и побараат објаснување. Училиштетот е безбедна средина за учениците. Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Наставниците ги поттикнуваат развојот на вештини на учење и самостојност во учењето. Во училиштето се води грижа за идентификување и задоволување на различните образовни потреби. Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. Според поголем дел од родителите и учениците, наставниците повторно обработуваат делови од наставниот материјал кои учениците не го совладале успешно. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување и резултатите од оценувањето ги користи за подобрување на постигањата на учениците. Наставниците користат различни форми, методи и инструменти за формативно и сумативно |

| |
|---|
| оценување со кои го следат напредокот на секој ученик. Резултатите и информациите од оценувањето во наставата се користат за вклучување на учениците во додатна, дополнителна настава и СУА. Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности и притоа се опфатени пред се ученици за кои наставникот смета дека покажуваат посебен афинитет и интерес. Планирањето на воннаставните активности го прави пред се наставникот, а учениците ги вклучува во нивна реалиација. |
| **Силни страни**<br>• Постои добра интеракција меѓу наставниците, соработка и размена на искуства за планирањата на часовите во рамки на стручните активи и во корелација меѓу различни предмети<br>• Постои добра интеракција помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно<br>• Наставниците се однесуваат со почит кон учениците и ги разбираат нивните проблеми и потреби<br>• Училиштето реализира низа активности со партнер училиштето со цел спроведување на меѓуетничка интеграција во образованието<br>• Учениците се мотивирани, пофалени за вложениот труд и постигнатите резултати, се чуствуваат слободни да поставаат прашања за она што ги интерисира<br>• Наставниците ги прлагодуваат активностите за задоволување на индивидуалните потреби на учениците<br>• Дел од наставниците пронаоѓаат активности во чие планирање може да ги вклучи и учениците |
| **Слаби страни**<br>• Не се користат доволно различни извори и приоди за учење, освен одобрените учебници и прирачна литература<br>• Сите ученици не се активно вклучени во наставата<br>• Потреба од појасно насочување на учениците во однос на повратната информација за своите постигња и како да ги подобрат<br>• Учениците се необјективни во однос на тоа колку знаат и оцената која ја добиле како резултат на недоволното запознавање со критериумите за оценување и што конкретно треба да се знае за некоја оцена по некои предмети<br>• Недостиг на активности, форми и методи за поинтересна настава за сите ученици |
| **Приоритети**<br>• Користење на современи иновативни методи и активности за будење интерес за наставата кај учениците<br>• Изнаоѓање форми, методи и активности за вклучување на сите ученици во наставата<br>• Вклучување на учениците во избор на воннаставни активности по сопствен избор<br>• Пронаоѓање форми и начини за подобро запознавање на учениците со она што конкретно треба да знаат за одредена оценка, како и давање поконкретна повратна информација за постигнатиот резултат |

| ПОДРАЧЈЕ 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| **Број** | **индикатор** | **теми** |
| 1.1 | Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според<br>• квалификациони периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на<br>• учениците |
| 1.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

| Индикатор 2.1 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Постигнувања на учениците** | **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди** | Со цел прибирање податоци за анализа на темата, разгледувани беа одговорите од интервју со директорот и стручната служба на училиштето, наставниците, учениците и родителите, разгледувани беа повеќе документи кои се релевантни во поглед на оваа тема како што се извештаите за успехот и поведението на учениците последните две години (полугодишни и годишни), извештаи-анализи од наставници за постигнатиот успех на учениците по одредени предмети, теми, формативно и сумативно.<br>Од интервјуто со наставниците на прашањето "**Дали ги следат постигнувањата на учениците по пол според предмети и квалификациони периоди**", се доби одговор дека наставата се изведува на македонски јазик, на полугодието и на крајот од годината се изработуваат извештаи за успехот на учениците по пол и етничка припадност, а се следат постигањата и се прави анализа на постигнатото по теми и по периоди на тромесечие, полугодие и крај на година.<br>Од интервјуто со директорот и стручните соработници на прашањето: **„Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците, според полот и јазикот на наставата, по сите наствни предмети, за ситекласификациони периоди“ Што покажуваат податоците и како се постапува по наодите и што се презема за вентуалните недостатоци, доколку има ниски постигања по одредени наставни предмети или сл**.“ се добија податоци дека училиштето прибира податоци за успехот на учениците по пол и етничка припадност на секој класификационен период и истите се анализираат. Од увидот на податоците според полугодишниот и годишниот извеештај на училиштето, добиените податоци укажуваат на тоа дека девојчињата постигнуваат поголем успех во знаењата од момчињата. Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик. При констатирање на одредени недостатоци (пониски постигања по одредени предмети), наставниците реализираат дополнителна настава.<br>Училиштето ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди во текот на целата учебната година.<br>Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност по квалификациони периоди. Се анализираат причините за разликите во успехот при премин од еден во друг циклус и презема активности за нивно надминување.<br>Средниот успех на ниво на училиште во последните две години бележи континуитет со |

| | | |
|---|---|---|
| | | незабележителни отстапувања. Имено, во учебната 2022-2023 просечниот успех е 4,30, во учебната 2023-2024 година изнесува 4,20.<br>За учеството и постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слични манифестации се води комплетна евиденција. Учесниците јавно се истакнуваат на одделенски часови, приредби, манифестации, совети.<br>Според Правилникот за видови пофалби, награди и педагошки мерки, се пофалуваат и наградуваат учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение и кои покажале високи резултати во наставата и вонннаставните активности. Според истиот правилник, училиштето избира ученик на генерацијата. За подобрување на постигањата и мотивирање за редовно учење, наставниците користат разновидни и современи форми, методи и техники за изведување на наставата и ги запазуваат критериумите за оценување. Притоа тоа се применува во радовната, додатната и дополнителната настава. |
| | **Резултати од екстерни тестирања** | Во учебните години 2022/2023 и 2023/2024 година не се извршени екстерни тестирања во нашето училиште. |
| | **Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености** | За оваа тема се користеа одговорите на наставниците на прашалниците кои им беа зададени, прашалницте за родители и ученици, анализа на дискусијата со фокус група со наставници, анализа на интервјуто со директорот и стручните соработници, како и инструментите за идентификување на учениците со потешкотии, попречености и надарени.<br>На тврдењето поврзано со оваа тема: „*Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето*“ од анкетираните 51 наставник, 80.4% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат со тврдењето и успеваат да ги идентификуваат таквите деца, 14 наставници или 19,6% се согласуваат дека е така.<br>На тврдењето кое се однесува на идентификација на надарените ученици: „*Успевам да ги идентификувам надарените ученици*“ од анкетираните 51 наставник, 90,2% целосно се согласуваат со тврдењето, а 0,8% се согласуваат дека успеваат во идентификувањето на надарените ученици.<br>Од анкетираните 131 родители на тврдењето: *На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа*“ 58% целосно се согласуваат дека е така, 26,7% се согласуваат дека на нивните деца им е овозможена дополнителна или додатна настава во училиштето, (11%) родители или не се согласуваат дека е така, 8,4% не се согласуваат со тврдењето, а |

| | | |
|---|---|---|
| | | останатите не знае/ нема информација дали е така.<br>Од анкетираните 154 ученици на тврдењата поврзани со оваа тема од индикаторот Постигнувања на учениците одговориле на следниот начин: на тврдењето: *„Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава“* 40,3% одговориле дека целосно се согласуваат со тврдењето, 35,1% се согласуваат дека на нивно барање, кога не можат да го совладат материјалот, наставниците секогаш им организираат дополнителна настава, 13% не се согласуваат дека е така, 5,8 % целосно не се согласува со тврдењето, а 5,8% немаат информација.<br>На тврдењето: *„Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини“* од анкетирани 154 ученици 47,4% целосно се согласуваат со тврдењето, 37,7% се согласуваат дека е така, 10,4% не се согласуваат дека наставниците им го објаснуваат на различни начини материјалот кој не успеале да го совладат, 4,5% целосно не се согласува со тоа.<br>Од анкетираните ученици на трвдењето кое се однесува на додатната настава: *„Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови“* 35,1% одговориле дека целосно се согласуваат со тврдењето, 24% ученика се согласуваат дека е така, 18,2% ученика не се согласуваат дека наставниците им нудат додатни часови за одредени предмети за кои сакаат да научат повеќе, а 7,8% ученик целосно не се согласува и 14,9% нема информација за тоа.<br>Од дискусијата со фокус групата со ученици се добија податоци дека учениците најчесто се вклучуваат во додатни и дополнителни активности по повикување од наставниците. Според нив некои соученици не посетуваат дополнителна настава иако се повикани од наставниците.<br>Од дискусијата со фокус групата со наставници и од интервјуто со директорот и стручните соработници се добија податоци за тоа какви се процедурите за идентификување на учениици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост и каква поддршка добиваат учениците за подобрување на постигањата.<br>Учениците со тешкотии во учењето добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата, така што се упатуваат на допоплнителни часови по претходна согласност со родителите. Училиштето има и Годишна програма за поддршка на врсници-туторство, така што на ученици кои континуирано забележуваат слаби резулати им се доделува ученик-тутор и под менторство на предметниот наставник се работи на дополнителни активност со што на ученикот му се помага во совладување на наставата и постигнување резултати.<br>Уште при запишувањето на учениците во прво одделение се идентификуваат и децата со посебни потреби кои притоа треба да приложат и документи од МКФ за проценка на |

| | | |
|---|---|---|
| | | способностите на детето и евентуално потреба од образовна или лична асистенција на детето. Училиштето има систем на идентификацијана ученици со потешкотии во учењето,/евидентни листови, разговори со ученици и родители/со нив се работи со диференциран начин на работа, а по потреба за постигнување на подобри резултати се одржува и дополнителна настава и континуирано се следи нивниот развој. Класните раководители во соработка со психологот на училиштето ги упатуваат овие ученици кај училишниот специјален едукатор и рехабилитатор, кој дава свое мислење за понатамошната помош на ученикот и наставникот. Специјален едукатор и рехабилитатор работи индивидуално со ученици со пречки во развојот и со потешкотии во учењето во поедини предмети, хиперактивни ученици и сл. Со цел на подобрување на нивните психомоторни способности, подобар успех во усвојување на наставните содржини и ги информира наставниците како на истите да им помогнат полесно да се адаптираат на образовниот процес. Специјален едукатор и рехабилитатор врши разговор и консултации со родителите на децата и води досие за секој ученик со помош на кое го следи неговиот напредок и постигнување. Специјален едукатор и рехабилитатор дава инструктивно – советодавна помош на наставниците и ги поттикнува во изработка на индивидуални образовни програми за учениците со посебни потреби. Како резултат на овие активности наставниците изработуваат индивидуални образовни програми – ИОП, како дел од годишното планирање по одреден наставен предмет во одделенска и<br>предметна настава. Исто така во училиштето е формиран и Училиштен тим за инклузија на учениците со посебни потреби кој со низа на активности им помага на наставниците во работа со овие ученици и на асистентите кои се вклучени во соработка со локалната самоуправа. Образовните асистенти помагаат на ученици кои имаат потреба и со тоа се создава предуслов за обезбедување на инклузивно образование како и подобрување за непречено одвивање на воспитно образовниот процес. Соработката со асистентите е на завидно ниво. Училиштето нема систем за идентификација на надарени ученици. Но, наставниците ги следат учениците и во зависност од афинитетите и интересите на учениците избираат активности кои посебно се развиваат. Потребна е дополнителна обука за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици. Овие ученици се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците и се упатуваат на додатна настава, вонанаствани активности, натпревари и манифестации од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво.<br>Од изложеното може да се заклучи дека  идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно предметните наставници,  раководителот на паралелката, стручната служба и родителите. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање |

| | | |
|---|---|---|
| | | на редовна, додатна и дополнителна настава, како и индивидуализирана настава кај учениците со ПОП. Во училиштето се организира додатна и дополнителна настава усогласена со посебен распоред за тоа, а учениците имаат можност но некои и самите покажуваат интерес да посетуваат додатна и дополнителна настава.<br>Поддршката во учењето подразбира различни форми на работа: индивидализирана настава, следење на наставниот процес кај учениците со ПОП со присуство на образовен асистент и др.<br>Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој наставник одделно, како и преку прегледи на наградени ученици. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.<br>За надарените и за сите заинтересирани ученици за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно-образовни подрачје се организираат часови за додатна настава. Тоа е обврска на наставниците, која се исполнува редовно во текот на целата учебна година. |
| | **Известување на родителите/старатели те за постигањата на учениците** | Од анкетирани 51 наставници на тврдењето*: Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети*“ 68,6% целосно се согласуваат, 21,6% од нив се согласуваат, 9,8% не се согласуваат со тоа дека родителите ја користат можноста да разговараат за постигањата на своите деца. На истот тврдење “*Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете*”, од анкетираните 131 родители, 68,7% целосно се согласуваат и 26,7% се согласуваат, останатиот мал број не се согласуваат или немаат информација.<br>На прашалникот за родителите кој се однесува на оваа тема, од анкетирани 131 родители, на тврдењето: „*Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)“* 96% позитивно се изјасниле. На истот прашање “ *Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште*” позитивно и во најголем број се изјасниле и учениците.<br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со наставници се добија сознанија дека наставниците редовно ги информираат родителите за постигањата на учениците и тоа преку родителски средби, отворени родителски средби, индивидуални средби и разговори.<br>Од фокус групата за родители на прашањето: „**Колку сте задоволни од информациите кои ги добивате од училиштето за вашето дете и на кој начин ве информираат за постигањата, Колку добивате совети за начинот на подобрување на успехот**“, родителите се изјаснија дека се задоволни од информираноста за постигањата на нивните деца и дека најчесто информациите за постигањата какои советите за подобрување на постигањата и однесувањето на своите деца ги добиваат преку одделенските раководители, на родителските средби (евидентни листови), |

| | | |
|---|---|---|
| | | телефонски разговори, увид во Е-дневник, индивидуални средби со предметни наставници на Отворени родителски средби.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четирипати годишно, индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста итн. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.<br>Училиштето има и веб-страна на која се објавуваат значајни настани. Во Е-дневникот секој родител може лесно да пристапи и да биде информиран како за оценките и редовноста на своето дете така и за актуелните настани во училиштето, писмени работи и други образовни активности.<br>Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, покажуваат асоцијално однесување и многу често отсуствуваат од настава одржува и педагошко-психолошката служба преку советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овие проблеми. Од анализираната документација и набљудувањата може да се констатира дека поддршката што ја добиваат учениците во нашето училиште од страна на наставниците, педагошко - психолошката служба и раководството е на високо ниво.<br>Податоците за постигањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигањата и помош на учениците кои послабо напредуваат. Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. Родителите се навремено известени за успехот и поведението на своите деца, и им се даваат точни насоки за подобрување на истиот. Висок број од анкетираните ученици сметаат дека успехот се подобрува со реализација на редовната и дополнителната и додатна настава, но еден помал дел одговориле дека делумно се согласуваат. |
| **Извори на податоци:** Извештаите за успехот и поведението на учениците последните две години (полугодишни и годишни), Правилникот за видови пофалби, награди и педагошки мерки, Годишна програма за работа на училиштето, Годишна програма за | | |

| |
|---|
| поддршка врсници-туторство, Распоред на часови за додатна и дополнителна, Педагошка евиденција за додатна настава, Педагошка евиденција за дополнителна настава, Педагошка документација за воннаставни активности, Е-дневник, Евиденција за реализирани натпревари и постигнати резултати, Евиденција за соработка со родители, Извештаи за одржување на советодавни состаноци и |

| Индикатор 2.2 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Мерки за подобрување на постигањата** | **Редовност во наставата** | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето и одделенските раководители соработуваат со родителите и локалната самоуправа за да се зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>Просечниот број на неоправдани часови во 2022/2023 изнесува 0,16, а во 2023/2024 е 1,8 по ученик. Тука треба да се забележи дека бројот на неоправдани часови е главно од учениците кои редовно отсуствуваат од настава неоправдано, и за кои се превземаат сите потребни мерки во надлежност на училиштето. За оваа проблеметика, училиштето соработува со надлежните локални структури.<br>Родителите навремено се информираат за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив за причините за отсуство од настава.<br>За учениците кои имаат повеќе неоправдани изостаноци, според Правилникот за видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, се изрекуваат соодветни педагошки мерки.<br>Училиштето го следи осипувањето и има податоци за опфатот на учениците од реонот. Во последните години причина за опсиспување на учениците е промена на местото на живеење, промена на работата на родителите со одење во странство.<br>За учениците кои поради оправдани причини преминуваат во друго училиште, училиштето води евиденција и за нив се издаваат преведници. |
| | **Советување на родители/старатели и ученици** | Согласно Законот за основно образование училиштето ги реализира<br>советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците<br>Родителот, односно старателот на ученикот се упатува на советување ако ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе наставни предмети, има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци, не е дисциплиниран, покажува асоцијално или антисоцијално однесување; се однесува неморално или неетички, учествува во тепачка или други форми на насилство; Раководителот на паралелката го повикува родителот на советување со покана упатена преку телефон,по пошта или со лична достава. Советувањето во училиштето го врши психологот на училиштето. Психологот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето. За одржаното советување на родителот, односно старателот, психологот, води |

| | | |
|---|---|---|
| | | записник (форма и содржина утврдена одминистерот), со листа на присуство. На овие групни советувања им се помага на родителите да можат да сватат и препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и како да реагираат во одредени ситуации. Им се презентира програмата за советување, донесена од МОН, се јакнат вештините за воспитување на родителите и им се објаснуваат стиловите на родителство, при што родителите сами увидуваат што е тоа добро што го прават, а што треба да променат во своето воспитување. Поттикнување на формирање групи за самопомош меѓу родителите кои се соочуваат со социјални потешкотии. Се реализираат индивидуални и групни консултации за поддршка на родителите (начин на комуникација, поддршка во учењето, мотивирање за учење и слично ). А се врши и помагање на родителите во остварување на социјалните права и бенефиции од системот за социјална заштита. Ако родителот односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјални работи, како и Педагошката служба во Скопје. Исто така, во училиштето се врши и советување на учениците, согласно Програма<br>за советување на ученици, по истите 3 основи (нередовност во доаѓање на училиште, слаб успех и манифестирање на облици на несоодветнооднесување). Советувањето на родителите и учениците, придонесува за поттикнување на нивниот психосоцијален развој, подобрување на училишниот успех и коригирање на одредени облици на однесување, нивна адаптација во училишната средина и превенција од ризични облици на однесување.<br>Извршените советувања на родители/старатели и ученици во училиштето во првото полугодие на учебната 2022/2023 година овозможиле делумно подобрување на училишниот успех во училиштето и многу мало зголемување на редовноста на учениците. Најголемо влијание, односно најмногу советувањата помогнале да се подобри несоодветното однесување кај учениците. Во второто полугодие може да се забележи дека советувањата извршени на родители/старатели и ученици во училиштето овозможиле, исто така, делумно да се подобри училишниот успех, многу малку да се зголеми<br>редовноста на учениците, а во делот на манифестирање на облиците на несоодветно однесување, има подобрување.<br>На тврдењето: „На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето” 78,4% целосно се согласуваат, 21,6% се согласуваат дека им даваат насоки на родителите како да му помогнат на своето дете во учењето. На истот тврдење односно “Од училиштето добивам добри совети за подобрување на постигањата и однесувањето на моето дете”, 48,1% целосно се согласуваат, 31,3% се согласуваат, останатите 20% не сеогласуваат или немаат информација.<br>Од фокус групата со родители на прашањето: „**На кои начини ве информираат за редовноста на вашето дете и колку добивате совети**<br>**за начините на подобрување на редовноста на редовноста доколку има поттреба**“, родителите |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговориле дека редовно се информираат за редовноста на нивните деца и доколку не се редовни, тогаш одделенскиот раководител ги повикува на советување, кое го врши училишниот психолог.<br>Исто така, од интервјуто со директорот на училиштето и стручните соработници се добија информации дека советувањето на родителите и учениците се спроведува согласно прописите кои се дадени во Законот за основно образование. |
| | **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава** | За оваа тема се користеа одговорите на наставниците на прашалниците кои им беа зададени, прашалницте за родители и ученици, анализа на дискусијата со фокус група со наставници, анализа на интервјуто со директорот и стручните соработници, како и инструментите за идентификување на учениците со потешкотии, попречености и надарени.<br>Од анализа на одгвоорите во анкетните прашалници чија анализа на тврдења беше веќе искористена во претходните теми и идентификатори, може да се заклучи дека наставниците организираат и реализираат редовна, додатна идополнителна настава и воннаставни активности. Доколку учениците не можат да го совладат материјалот, наставниците се обидуваат да го разјаснат на различни начини, учениците се мотивираат на различни начини да дојдат до резултати во учењето.<br>Од сите овие податоци и од прегледот на педагошката документација во училиштето кое се однесува на оваа тема од индикаторот Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава, можеме да заклучиме дека училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Мерките кои ги презема училиштето се: редовно држење на дополнителна настава во училиштето, консултантски средби со учениците по одредени предмети, по кои имаат најслаб успех, мотивирање на учениците за подобро учење (присутни повеќе пофалби и позитивни коментари на учениците). Училиштето ги идентификува и поддржува на учениците што имаат тешкотии. Најголемиот број наставници користат методи, техники, стратегии, и индивидуална работа со учениците во наставата за подобрување на постигањата на учениците.<br>Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата, во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците, што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето . |

| | | |
|---|---|---|
| | | Секој наставник води уредна педагошка евиденција за дополнителна и додатна настава. Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици.<br>Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето/ученикот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите, со Ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за соучениците во давањето помош и грижа за овие ученици. Учениците кои имаат потешкотии во учењето се помогнати и од своите соученици преку програмата за туторство со која се покажа дека кај оние ученици кај кои беше применета во учебната 2023/24 година покажаа подобрени резултати. |
| **Извори на податоци:** Извештаите за успехот и поведението на учениците последните две години (полугодишни и годишни), Правилникот за видови пофалби, награди и педагошки мерки, Годишна програма за работа на училиштето, Годишна програма за поддршка врсници-туторство, Распоред на часови за додатна и дополнителна, Педагошка евиденција за додатна настава, Педагошка евиденција за дополнителна настава, Педагошка документација за воннаставни активности, Е-дневник, Евиденција за реализирани натпревари и постигнати резултати, Евиденција за соработка со родители, Извештаи за одржување на советодавни состаноци и индивидуални разговори со родители од страна на стручната служба. | | |

## ПОДРАЧЈЕ 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди во текот на целата учебната година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност по квалификациони периоди. Се анализираат причините за разликите во успехот при премин од еден во друг циклус и презема активности за нивно надминување. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно предметните наставници, раководителот на паралелката, стручната служба и родителите. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава, како и индивидуализирана настава кај учениците со ПОП. Во училиштето се организира додатна и дополнителна настава усогласена со посебен распоред за тоа, а учениците имаат можност но некои и самите покажуваат интерес да посетуваат додатна и дополнителна настава. Поддршката во учењето подразбира различни форми на работа: вонаставни активности, индивидализирана настава, туторство, следење на наставниот процес кај учениците со ПОП со присуство на образовен асистент и др. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој наставник одделно, како и преку прегледи на наградени ученици. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците. Раководителите на паралелките и одделенските раководители, на одделенските часови разговараат со учениците за постигнањата во учењето и со родителите на организираните родителски средби и индивидуалните родителски средби.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето и одделенските раководители соработуваат со родителите и локалната самоуправа за да се зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Мерките кои ги презема училиштето се: редовно држење на дополнителна настава во училиштето, консултантски средби со учениците по одредени предмети, по кои имаат најслаб успех, мотивирање на учениците за подобро учење (присутни повеќе пофалби и позитивни коментари на учениците).

| |
|---|
| **Силни страни**<br>• Училиштето бележи континуитет на просечниот успех на учениците со незабелеѓителни отстапувања<br>• Училиштето редовно располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност по квалификациони периоди.<br>• Подобрување на постигањата на учениците е преку примена на современи форми и методи во наставата, редовно организирање и реализирање на додатна и дополнителна и туторство<br>• Поддршката што ја добиваат учениците во нашето училиште од страна на наставниците, педагошко - психолошката служба и раководството е на високо ниво<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува<br>• Постојат резултати во однос на подобрување на редовноста, однесувањето и постигнувањата на учениците од советодавната работа на училиштето вклучувајчи ги напорите на сите субјекти во училиштето |
| **Слаби страни**<br>• Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.<br>• Не се анализира успехот по сите наставни предмети по одделни наставни теми<br>• Недоволна заинтересираност за самостојно вклучување учество во додатна настава и вonнаставни активности |
| **Приоритети**<br>• Поголема информираност на родителите на родителските и индивидуалните средби и разговори за активно вклучување на учениците кога се повикуваат на дополнителна и додатна настава и во воннаставни активности со цел подобрување на нивните резултати, стекнување поголеми знаења и развивање на додатни вештини<br>• Наоѓање механизам (начин) за креирање модел со индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.<br>• Наставниците по одделни предмети да водат анализа на успехот по теми<br>• Училиштето да си постави механизам за поредовно присуство на родителите на учениците кои не се редовни во наставата на Родителски средби и Индивидуални родителски средби.<br>• Да се најде начин за согледување на причината кај поединци кои имаат континуирано добар успех а повремено се случило да постигнат послаби резултати |

| ПОДРАЧЈЕ 3. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | | |
|---|---|---|
| **Број** | **индикатор** | **теми** |
| 3.1 | Училишна клима | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>•Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

| **Индикатор 3.1** | **Теми** | **Добиени податоци** |
| --- | --- | --- |
| **Училишна клима** | **Углед/имиџ на училиштето** | Со цел прибирање податоци за анализа на темата, разгледувани беа одговорите од интервју со директорот и стручната служба на училиштето, наставниците, учениците и родителите, разгледувани беа повеќе документи кои се релевантни во поглед на оваа тема како и начините на учество на училиштето во активности во локалната средина, учество во проекти, но и пофалување и охрабрување на учениците со особени постигања и нивно афирмирање.<br>Училиштето е препознатливо во локалната средина како модерно, квалитетно и безбедно училиште со препознатлив идентитет. Тоа е и една од главните стратешки цели според Развојната програма на училиштето за 2022-2026 година, која училиштето преку развојните цели за афирмирање на училиштето приоритено се планира во Годишната progрма за работа на училиштето во изминативе две учебни години и доследно се реализира според Годишните извештаи за работа на училиштето.<br>Преку редовно ажурирање на веб страната на училиштето и fb страната, транспарентно се претставуваат и се промовираат активностите и постигнувањата на училиштето и учениците.<br>Училиштето има утврдени препознатливи симболи како грб, лого и химна.<br>Поголема промоција и запознавање на јавноста со успешните активности на учениците и вработените во училиштето се постигнува и преку медиумско презентирање на активностите на училиштето. Училиштето секоја година го издава училишниот весник на учениците “Бубалки” чиј дизајн и подготовка се реализира од страна на учениците и наставниците. Медиумското презентирање на училиштето се постигнува и преку дизајнирање и подготовка на Флаер за промоција на училиштето, како и промотивно видео.<br>Секоја година училиштето го одбележува Патрониот празник преку посебна програма која е проследена како значаен настан во градот и општината.<br>Со ова се реализира и посебната активност за која се залага училиштето самопромоција „Ние во нашето училиште” се со цел афирмација на успесите и постигањата на училиштето.<br>Училиштето редовно учествува на настани во соработка со локалната средина и учество во проекти.<br>Наставниците професионално ја изведуваат наставата во нашето училиште при што користат современи техники и наставни материјали, достигнуваат високи резултати и успеси.<br>Училиштето на различен начин ги пофалува учениците со особени постигања преку доделување награди, признанија, прогласување на ученик на генерација, а за тоа има и се применува Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки на учениците. Училиштето има и |

| | | |
|---|---|---|
| | | Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници.<br>Училиштето функционира според главните правци на работење на училиштето кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето, односно ги воспитува учениците во духот на човековите права и должности во услови на граѓанско општество. Стекнување на знаења, умеења и вештини од наставните предмети и воннаставните аактивности се во функција на применливост во практичниот живот и понтамошното школување.<br>Училиштето работи на задоволување на специфичните и пошироките образовни и социјални потреби на сите ученици како и на превземање активности за развивање вредности за живеење во мултикултурна и меѓуетничка заедница и градење позитивна клима за заедничко живеење во едно демократско мултикултурно општество.<br>Визијата на училиштето е градење модел на училиште што ќе биде инспиративен и мотивационен за работно ангажирање и создавање перспектива за младата генерација што ќе живее во толеранција, прифаќање и почитување на разликите и негување на вредностите во еден демократски соживот со останатите етникуми во едно мултиетничко општество.<br>Сето ова буди голема мотивираност да се биде дел од ова училиште. |
| | **Кодекс на однесување** | Училиштето има изготвено Кодекс на однесување и облекување кој содржи принципи, правила и обврски на сите структури во училиштето. Кодексот е изработен од претставници од сите структури и при неговото усвојување е спроведена демократска процедура. Кодексот е поставен на влезот од службениот влез во голем формат со рамка, го има на ТВ екраните во ходниците, другите делови во училиштето и во наставничката канцеларија во помали формати, а е објавен на веб страната на училиштето.<br>Од анализата на прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на кодексот на однесување се добија следните податоци:<br>Од анкетираните (51) наставника. На тврдењето *„Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето“*, поголем број целосно се согласуваат (25 наставника или 50 %), голем број дека се согласуваат (15 или 28 % ), а мал број одговорија дека не се согласуваат ( 8 наставника или 16 % ) и дека целосно не се согласуваат ( 3 наставник или 6 % ).<br>Тоа кажува дека најголем дел од наставниците учествуваат во изработка на кодексот на однесување во училиштето.<br>На тврдењето *„Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување“*, од анкетираните 51 наставника, поголем број целосно се согласуваат (34 наставника или 66,7 %), голем број се согласуваат (12 или 22,5 %), а мал број одговорија дека не се согласуваат (4 наставника или 7,8 %) и дека целосно не се согласуваат (1 наставника или 2 %).<br>Анкетирани беа 131 родитела. На тврдењето *„Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето“*, поголем број целосно се согласуваат (109 родитела или 83,2 %) и голем број се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат (17 или 13 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (4 родитела или 3,1 %) и дека немаат информација/не знаат (1 родител или 0,8 %).<br>Резултатите кажуваат дека родителите се запознаени со Кодексот на однесување во училиштето. Тоа е така, затоа што на родителските средби во училиштето, родителите се запознаваат со Кодексот на однесување во училиштето, но и преку Информаторот на училиштето и преку веб страната. Родителите исто така имаат и можност за дополнување, или корегирање на одредени правила, кое се потврдува од одговорите на наредното тврдење ***„Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување“.*** Од анкетираните 131 родитела, голем број целосно се согласуваат (96 родитела или 73,3 %) и се согласуваат (30, или 22,1 %). Мал број од анкетираните родители не се согласуваат (4 родитела или 3,1 %) и дека немаат информација/не знаат (1 родитела или 0,8 %).<br>Од анкетираните 154 ученика, на тврдењето *„Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме“*, поголем број ученици целосно се согласуваат (78 или 50,6 %) и голем број се согласуваат (45, или 29,2 %). Мал број од анкетираните ученици одговорија дека не се согласуваат со тврдењето (14 ученика или 9,1 %) и дека целосно не се согласуваат (14 ученика или 1,9 %) и немаат информација/не знаат (3 ученика или 1,9 %).<br>Најголем дел од учениците се изјаснија дека правилата на однесување во паралелката/одделението, кои се дел од Кодексот на однесување во училиштето, ги донесуваат заедно, и ги почитуваат. Иако е мал бројот на ученици (3) кои одговориле дека правилата во одделението не ги донесуваат заеднички, сепак таа бројка не треба да се занемари затоа што сите ученици треба да учествуваат во донесување на правила на однесување во училиштето, доколку сакаат да учествуваат, се со цел понатаму истите да ги почитуваат.<br>Од анкетираните 154 ученика, на тврдењето ***„Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето“***, поголем број ученици целосно се согласуваат со тврдењето (112 или 72,7 %), а мал број се согласуваат (31 ученика или 20,1 %). Исто така, мал дел одговорија дека не се согласуваат (5 ученика или 3,2 %), дека целосно не се согласуваат (2 ученика или 1,3 %) и мал број дека не знам/немам информација (4 ученик, или 2,6 %).<br>Сите ученици, без исклучок се запознаени со интерниот Правилник за  за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки на учениците и доколку не ги почитуваат, односно ги прекршуваат правилата на однесување во училиштето, училиштето изрекува педагошки мерки.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба, од увидот во годишната програма за работа на училиштето и со увид во просториите на училиштето (истакнат во холовите на училиштето и во секоја училница), имаме информации дека училиштето има кодексот на однесување и неговата содржина беше ажурирана за време на пандемијата Ковид-19, кога беа вметнати насоки за однесување на учениците, наставниците и на родителите за време на пандемија. Последното |

| | | |
|---|---|---|
| | | ажурирање е направено август 2022 година.<br>Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен од комисија за изработка на Кодексот на однесување и облекување во училиштето.<br>Училиштето врши редовно ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни. |
| | **Училишна клима** | Во училиштето наставниците се однесуваат праведно и етички, од спроведената анкета, се согласуваат дека има добра работна атмосфера во училиштето, што произлегува од добриот однос меѓу вработените, вработените и учениците, раководниот орган и учениците.<br><br>Анкетирани беа 51 наставника. На тврдењето **„***Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка***“**, поголем број целосно се согласуваат (34 наставника или 66,7 %), одреден број дека се согласуваат дека е така (16 или 31,4 %). Мал број одговорија дека не се согласуваат (1 наставник или 2%). Резултатите кажуваат дека во училиштето има позитивна атмосфера, која ги мотивира наставниците за работа.<br>Од анкетирани 51 наставника, на тврдењето **„***За време на моите часови има добра работна атмосфера***“,** поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (37 наставника или 72,5 %), мал број дека се согласуваат (14, или 27,5 %).<br>За време на часовите, наставниците се трудат да обезбедат работна атмосфера, кој ги мотивира учениците за учење.<br>На тврдењето **„***Добро соработувам со колегите во училиштето***“**, од анкетираните 51 наставника, најголем број од наставниците, целосно се согласуваат дека е така (41 наставника или 80,4 %) и мал број се согласуваат (10, или 19,6 %). Постои соработка меѓу колегите, тие меѓусебно си разменуваат материјали, споделуваат искуство и професионално се развиваат.<br>Беа анкетирани 131 родитела. На тврдењето **„***Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците***“**, голем број од родителите целосно се согласуваат дека е така (96 родитела или 73,3 %) и голем број се согласуваат (29 или 22,1 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат со тврдењето (4 родитела или 3,1 %) дека целосно не се согласува (1 родител или 0,8 %) и дека нема информација/не знае (1 родител или 0,8 %). На истото тврдење *„Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“,* од анкетираните 154 ученика, поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (95 ученика, или 61,7 %), се согласуваат (44 или 28,6 %), не се согласуваат ( 8 или 5,2 %), целосно не се согласува (5 или 3,2 %) и мал број не знае/нема информација (2 ученика, или 1,3 %). |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Генерално, родителите се согласуваат дека децата им се прифатени и почитувани во училиштето, од страна на наставниците, како и поголем број од учениците, но мал дел од учениците не го делат ова мислење.<br>Слична е состојбата со почитувањето на децата од соучениците. На тврдењето **„***Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците***“**, од анкетираните 131 родитела, голем број целосно се согласуваат дека е така (91 родитела или 69,5 %) и голем број се согласуваат (33 или 25,2 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (3 родитела или 2,3 %), целосно не се согласува (2 родител или 1,5 %) и дека нема информација/не знае (2 родител или 1,5 %). На тврдењето **„***Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици во училиштето***“,** од анкетираните 154 ученика, поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (88 ученика, или 57,1 %), мал број се согласуваат (42 или 27,3 %), исто така мал број не се согласуваат (16 ученика, или 10,4 %),целосно не се согласуваат (6 ученик, или 3,9 %) и мал број не знае/нема информација (2 ученика, или 1,3 %). |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Според најголем дел од родителите децата се прифатени од соучениците, но добар дел од самите ученици не го чуствуваат тоа.<br><br>На тврдењето **„***Моето дете сака да оди на училиште***“,** голем број од родители целосно се согласуваат (96 или 73,3 %) и се согласуваат (29 или 22,1 %), а мал број не се согласуваат со тврдењето (2 родитела или 1,5%), целосно не се согласува (3 родител или 2,3 %) и дека нема информација/не знае (1 родител или 0,8 %).  Во однос на ова тврдење односно **„***Сакам да одам на училиште***“**, од анкетираните 154 ученика, поголем број целосно се согласуваат и одговориле дека сакаат да одат на училиште (65 ученика, или 42,2 %), се согласуваат дека е така (48 или 31,2 %), не се согласуваат со тврдењето (16 ученика, или 10,4 %), целосно не се согласува (18 или 11,7 %) и мал број не знае/нема информација (7 ученика, или 4,5 %). Од каде следува дека добар дел од учениците не искажуваат позитивен став кон тоа дека сакаат да одат на училиште. |




Од 154 ученика, на тврдењето „*Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно*“, поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (90 ученика, или 58,4 %), се согласуваат (51 или 31,1 %), не се согласуваат (5 ученик, или 3,2 %) и целосно не се согласува со тврдењето (4 ученик, или 2,6 %), а мал број не знае/нема информација (4 ученик, или 2,6 %).

Во однос на тврдењето „*Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми*“, голем број од учениците целосно се согласуваат дека е така (59 ученика, или 38,3 %), се согласуваат (62 или 40,3 %), не се согласуваат (19 ученика, или 12,3 %), целосно не се согласуваат ( 7 ученика или 4,5 %) и не знае/нема информација (7 ученика, или 4,5 %).

Од прашања со фокус групата со наставници, констатирано е дека има позитивна клима во училиштето, како и меѓусебна соработка – размена на наставни материјали, искуства, заедничко планирање на активностите, а нема провокации и навреди.

Една од стратешките цели на Развојната програма на училиштето 2022-2026 е Унапредување на соработката и градење партнерски односи помеѓу учениците, наставниците, родителите и други надворешни соработници и членови на локалната заедница базирани на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит. Од каде произлегува развојната цел Зголемување на нивото на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит помеѓу учениците, наставниците и родителите, која цел изминативе две години училиштето ја реализира преку конкретна цел Зголемување на емпатичноста, солидарноста, толеранцијата и меѓусебната почит

| | | |
|---|---|---|
| | | помеѓу учениците, наставниците и родителите и преку реализирање на конкретни предвидени активности како составен е Тим за туторство од ученици-тутори, се идентификуваат ученици на кои им е потребна поддршка и се спроведуваат туторски активности. Училиштето има донесено и усвоено Годишна програма за поддршка на врсници-туторство, според која е јасно дефиниран начинот на давање несебична помош на врсници за предмети во кои се соочуваат со потешкотии од страна на ученици-тутори под менторство на одделенски или соодветен предметен наставник. За спроведените туторски активности се прави извштетај, а учениците-тутори се наградуваат со пофалници.<br>Од фокус групите со наставниците, учениците и од интервјуто со директорот, се констатира дека дека меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административнотехнички персонал, но постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Се соработува и на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети околу работи поврзани со воспитно-образовниот процес. Во училиштето не постои говор на омраза, провокации и навреди. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење, наставниците ги поттикнуваат и мотивираат учениците за да се вклучуваат и во воннаставните активности и сл. Работната дисциплина за време на часовите и надвор од часовите задоволува, постои работна атмосфера. Меѓутоа, има многу мал број ученици што не се чувствуваат прифатени од наставнците и од учениците во училиштето како и одреден процент ученици кои не се позитивни кон ставот дека сакаат да одат на училиште.<br>Училиштето користи услуга на обезбедување од лице овластен работник. Училиштето има Протокол за спроведување задолжителни мерки и активноости за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените. |
| | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Дисциплината на учениците задоволува во училиштето. Наставниците знаат и умеат како да го решат проблемот со дисциплината во паралелката. Учениците се свесни дека сите заедно придонесуваат за дисциплината во паралелката и според нив наставниците знаат како да ја решат дисциплината во паралелката. Но, сепак како што се изјасниле некои од наставниците, не смее да се занемари и фактот иако во мал процент дека поединци од учениците не се однесуваат согласно моралните вредности, кој имплицитно влијае на нарушување на дисциплината. Училиштето има правилник за изразување педагошки мерки кој се применува кога учениците не постапуваат според Кодексот на однеување и го нарушуваат редот. Притоа најмногу се издадени педагошки мерки за: укор, усна опомена и писмена опомена. Поретко, но секогаш кога е потребно, се изразуваат педагошките мерки намалување на поведението на добро и незадоволително.<br>Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, фокус група на ученици, како и разговор со |

| | | |
|---|---|---|
| | | тимот за поддршка и увид во нивната документација.<br><br>Анкетирани беа 51 наставника, на тврдењето **„***За време на моите часови има добра работна атмосфера***“,** поголем број целосно се согласуваат со тврдењето (37 наставника или 72,5 %), мал број дека се согласуваат (14 или 27,5 %).<br>Беа анкетирани 131 родитела. На тврдењето **„***Училиштето добро се справува со дисциплината***"**, голем број целосно се согласуваат дека е така во училиштето (74 родитела или 56,5%), голем број се согласуваат (47 или 35,9 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (8 родитела или 6,1 %), еден родител (0,8%) целосно не се согласува со тоа и не знае/нема информација.<br>Анкетирани беа 154 ученика. На тврдењето **„***Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици***“**, поголем број од учениците целосно се согласуваат (90 ученика, или 58,4 %), голем број ученици се согласуваат (42 или 27,3 %), а мал број не се согласуваат (12 ученика, или 7,8 %), целосно не се согласуваат (8 ученика или 5,2 %) и не знае/нема информација (2 ученика, или 1,3 %).<br><br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Каква е дисциплината на нјголем дел од часовите? Колку учениците го слушаат наставникот, се сослушуваат меѓусебно? Колку време од часовите е посветено на предавање/учење, а колку на „смирување“ на учениците? се добија информации дека генерално дисциплината на часовите е задоволително ниво. Ако подучувањето се состои од помагање на децата да научат нови вештини и да стекнат нови информации, тогаш логично следува дека подучувањето вклучува и промена во однесувањето. Ако подучувањето значи промена на однесувањето, тогаш улогата на наставникот е да се грижи за однесувањето на учениците во неговото или нејзиното одделение.<br>Колку учениците го слушаат наставникот, учениците одговориле дека тоа варира од предмет до предмет и од личноста на наставникот. На прашањето зошто понекогаш децата се недисциплинирани според учениците причините се сведуваат на карактерот на детето, емоционалните проблеми на детето и училишните ситуации, кои понекогаш произлегуваат од самите наставници, како тие се однесуваат на часот, нивниот строг(авторитарен) стил, понекогаш поради непочитување на правилата на однесување и сл. Според учениците мал дел од часот се посветува на смирување на учениците и тоа е најчесто за зборувањето на часот (надвор од она што се работи на часот).<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба, работната дисциплина за време на часовите и надвор од часовите задоволува и постои работна атмосфера во училиштето.<br>Распоредот на дежурства се следи според однапред поставените правила, дежурните наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | | внимаваат на дисциплината како за време на одморите помеѓу часовите, така и за време на големиот одмор.<br>Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето. Меѓутоа, мал број од родителите посочија дека не се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината. |
| | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Учениците и родителите се навремено информирани за сите работи што се од нивен интерес, учениците се вклучени во процесот на решавање проблеми и давање свое мислење, предлози и идеи, родителите се чувствуваат слободни да поставуваат прашања и да ги посочуваат проблемите со кои се соочува нивното дете и вклучени се во различни активности на училиштето.<br>Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, фокус група со ученици, како и документациите од телата на учениците (Ученички парламент, записници од состаноци и сл.)<br>Анкетирани беа 51 наставника. На тврдењето „*Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес*" , поголем број целосно се согласуваат дека е така (34 наставника или 66,7 %), голем број дека се согласуваат со тврдењето (16 или 31,4 %). Само еден наставник одговори дека не се согласува со тврдењето.<br><br>Беа анкетирани 131 родитела. На тврдењето „*Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето*“, голем број од родителите целосно се согласуваат дека е така (62 родитела или 47,3 %) и голем број се согласуваат (47, или 35,9 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (10 родитела или 7,6 %), целосно не се согласуваат (2 ученика или 1,5 %) и мал број дека немаат информација/не знаат (10 родит.или 7,6 %). Родителите со своите мислења и ставови за унапредување на воспитно-образовниот процес учествуваат и преку Советот на родители кој добро функционира во училиштето.<br>Во однос на прашалниците за учениците, анкетирани беа 154 ученика. На тврдењето „*Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето*“, голем број од учениците целосно се согласуваат (54 ученика, или 35,1 %), голем број се согласуваат дека е така (61 или 39,6 %), (17 или 11 %) ученика не се согласува, ( 6 или 3,9 %) целосно не се согласуваат и не знаат/немаат информација (16 ученика или 10,4 %).<br>Од спроведеното интервју со директорот и стручната служба, се добија следниве информации: Постои план и програма за работа на ученичката заедница како дел од Годишната програма за |

| | | |
|---|---|---|
| | | работа на училиштето како и програма за работа на Ученички парламент и Ученички правобранител. Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител активно учествуваат во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, во организирање и учество во хуманитарни активности, еколошки акции, како и учествуваат во активности за обезбедување на врсничка поддршка, даваат предлози за вонннаставни активности. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето, меѓутоа кога меѓу учениците ќе се појават некои конфликти, повеќе се обраќаат до одделенските раководители, стручната служба и директорот.<br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Колку сте запознаени со работата на Ученичкиот парламент во училиштето? Какви активности спроведува парламентот? Како сте задоволни со активностите? На кој начин учениците можат да влијаат на работата, преку претседателите на паралелки? Учениците одговорија дека се запознати со работата на ученичкиот парламент и дека поголем дел од нив учествувале во изработка на годишната програма за работа на ученичкиот параламент. Според нив, ученичкиот парламент спроведува повеќе активности во училиштето: учество во хуманитарни акции, во акции на Црвен крст, хортикултурни активности во училишнио хол и училишниот двор, еколошки акции и сл. Секогаш кога имаат потреба за нешто, или предлог – идеја за некои активности, ги пренесуваат на претседателите на паралелкатаи тој ги пренесува понатаму на состаноците на ученичкиот параламент.<br>Во училиштето функционираат Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштео. Во училиштето има Ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.<br>Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувааат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор. |

**Документи:**
Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование (Коалиција СЕГА, 2019)
Демократско учество на учениицте(МЦГО, )
Законот за основно образование, Годишната програма за работа на училиштето, Програма за дисциплинирано однесување на учениците во училиштето.
**Извори на податоци:** Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници;

| |
|---|
| разговор со стручна служба, интервју со директот; Е-дневник, Развојна програма за работа на училиштето 2022-2026, Годишна програма за работа на училиштето 2022/23 и 2023/24, Развојна програма на училиштето 2022-2026, полугодишен и годишен извештај за 2022/23 и 2023/24, Годишна програма за поддршка на врсници-туторство, пофалници за учениците тутори, Записници од Наставнички совет, веб страна, FB страна, официјална веб страна на градот и општината, YouTube канал, видео за промоција на училиштето, Флаер за промоција на училитето, Училиштен весник на учениците “Бубалки” бр.3 и бр.4, Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки на учениците, Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници, Протокол за спроведување задолжителни мерки и активноости за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените, Книга со записници од работата на ученичката заедница, План и програма на ученичката заедница, План и програма на Ученички парламент, План и програма на Ученички правобранител. |

| Индикатор 3.2 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Еднаквост и правичност** | **Познавање и почитување на правата на децата** | Во училиштето сите вработени се запознаени со правата на учениците. Учениците се запознаени со своите права. Училиштето организира трибини и предавања, состаноци на ученичката заедница за да ги запознае децата со  нивните права. Исто така на часовите на одделенската заедница ОЖВ, наставниците ги промовираат правата на децата, а на родителските средби ги запознаваат родителите со правата и обврските на децата.<br>Стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето еднакво ги почитуваат правата на децата независно од нивната социјална, економска, верска, образовна или национална припадност. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат нивните права и ги заштитува, доколку нивните права се нарушени. Наставниците ги почитуваат правата на децата. Во училиштето отворено се разговара за еднаквоста на сите лица без оглед на полот, националната, етничката, верската и друга определба.<br><br>Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, фокус групи со наставниците и учениците, како и документации од работилници.<br><br>Анкетирани беа 51 наставника. На тврдењето *„Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата“*, голем број од наставниците целосно се согласуваат (10 наставника или 20 %), поголем број се согласуваат (22 или 44%). Исто така, мал број од наставниците одговорија дека не се согласуваат (14 наставника или 28 %),  мал број целосно не се согласуваат (2 наставник или 4 %) и не знаат/немаат информација (2 ученика или 4 %).<br>Од анкетираните наставници, на тврдењето *„На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето“*, голем број од нив одговорија дека целосно се согласуваат со тврдењето (30 наставника или 58,8 %) и дека се согласуваат (18, или 35,3 %), додека пак мал број одговорија дека не се согласуваат (3 наставника или 5,9 %).<br>Од родителите, анкетирани беа 131 родитела. На тврдењето *„Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето“*, голем број од родителите целосно се согласуваат (39 родитела или 29,8 %) и голем број се согласуваат (40 или 30,5 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (21 родитела или 16%), целосно не се согласуваат (7 родитела или 5,3 %)  и немаат информација/не знаат (24 родитела или 18,3 %).<br>Од учениците, анкетирани беа 154 ученика. На тврдењето *„Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права“*, поголем број од учениците целосно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат (92 ученика или 59,7 %), голем број дека се согласуваат (41 или 26,6 %). Исто така, мал број одговорија дека не се согласуваат (12 ученика или 7,8 %), целосно не се согласуваат (4 или 2,6 %), мал број целосно не знаат/немаат информација (5 ученика или 3,2%).<br>Од фокус групата со наставници се добија информации дека постои запознавање и почитување на правата на децата, промовирање на еднаков и правичен третман кон сите ученици, превенција и заштита од насилство се реализира преку работилници со учениците. Учениците се информираат од страна на стручните служби за телефонски броеви на кои може да се пријави насилство.<br>Исто така, од дискусијата со наставниците, се добија информации дека се реализираат работилници за запознавање на правата и учествуваат во активности за време на Недела на детето а и се реализираат предавања во соработка со родителите Родителот е наставник на тема Конвенција на ОН за правата на детето.<br>Од интервјуто со директорот и стручните служби се дозна дека во последно време повеќе се става акцент на почитување на детските права, на превенцијата и заштитата од насилство, на промовирањето еднаков и правичен третман кон сите ученици. Тоа се врши преку активности и работилници кои се реализираат на часовите на ОЖВ, како и работилници кои ги водат стручните соработници во училиштето.<br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: *Колку во училиште се чувствувате сигурно и безбедно? Колку се почитуваат вашите права како деца/ученици?* учениците одговориле дека се чувствуваат безбедно во училиштето, се почитуваат нивните права како ученици, слободно ги искажуваат своите мислења, добиваат поддршка од наставниците за нивните идеи и предлози за иницијативи кои се од нивен интерес. Со самото доаѓање на учениците во училиштето, одделенскиот раководител, предметните наставници, стручната и административната служба ја преземаат грижата за секој ученик подеднакво без разлика на полот и етничката припадност. Сите наставници се трудат да воспостават поеднаков визуелен контакт и да посветат подеднакво внимание на сите ученици, без оглед дали седат напред или назад во училницата. Училиштето се грижи за заштитата на учениците со почитување на стандардите, нормативите и други прописи кои ја уредуваат сигурноста при работата. Училиштето ги штити учениците од вознемирување, дискриминација, од намерно понижување на други ученици, работници во училиштето или други лица кои доаѓаат во училиштето.<br>На прашањето: *Колку учениците ги почитуваат своите обврски? Колку ги почитуваат правилата воспоставени во училиштето? (Дали учениците се вклучени во поставување на правилата?),* тие одговориле дека генерално ги почитуваат своите обврски, но има мал број на ученици кои не ги почитуваат (нередовно даоѓаат на училиште, не ги извршуваат домашните задачи). Правилата воспоставени во училиштето се почитуваат од страна на учениците, а во донесување на правила на однесување во паралелката учествуваат најголем дел од учениците, ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | изготвуваат и почитуваат. Има многу мал, од учениците кои не учествуваат во донесување на правилата за однесување во паралелката.<br><br>Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат, но има мал број ученици кои не знаат каде да се обратат во случај на нарушување на нивните права. |
| | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Постои еднаков и правичен третман кон сите ученици и почитување на правата на децата со посебни потреби.<br>Стручната служба редовно ја следи работата и залагањето на наставниците и нивниот однос кон учениците.<br>Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, како и фокус групи со наставниците и учениците.<br>Анкетирани беа 51 наставника. На тврдењето **„***Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман***“**, поголем број од наставниците целосно се согласуваат (41 наставника или 80,4%), голем број се согласуваат (9 или 17,6%). Еден наставник одговори дека не се согласува и исто така 1 наставник или (2%) целосно не се согласува. На истото тврдење **„***Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците***“**, голем број од 131 анкетирани родители, целосно се согласуваат (69 родитела или 52,7 %), голем број се согласуваат (42 или 31,2 %), мал број не се согласуваат (6 родитела или 4,6 %). Исто така, мал број од родителите целосно не се согласуваат (1 родитела или 0,8 %), а мал број не знаат/немаат информација (13 родитела или 9,9 %).<br>Овие резултати кажуваат дека во училиштето секогаш се преземаат соодветни мерки во случај на нееднаков третман на учениците, по било кој основ во што се согласуваат и родителите дека при нееднаков треман на учениците, училиштето навреме и соодветно реагира и ги санира ваквите појави.<br>Од анкетираните наставници, на тврдењето **„***Различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности***“**, голем број одговорија дека целосно се согласуваат со тврдењето (36 наставника или 70,6 %) и дека се согласуваат (14 или 27,5%), додека пак мал број одговорија дека не се согласуваат (1 наставник или 2 %).<br>На тврдењето **„***Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици***“**, поголем број од учениците целосно се согласуваат (96 ученика или 62,3 %), се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат (41 или 26,6%). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (10 ученика или 6,5 %) и целосно не се согласува (1 ученик или 0,6%) и мал број не знаат/немаат информација (6 или 3,9%).<br>Од анкетираните 154 ученика, на тврдењето *„Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици"*, голем број одговорија дека целосно се согласуваат (108 или 70,1 %), се согласуваат (37 ученика или 24 %), мал број не се согласуваат (6 или 3,9 %) целосно не се согласуваат (2 ученик или 1,3%) и не знае/нема информација (1 ученик или 0,6 %).<br>НА сличното тврдење свој одговор дале и родителите, односно, на тврдењето *„Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици"*, голем број од родителите целосно се согласуваат (94 родитела или 71,8 %) исто така голем е бројот кои се согласуваат (34 или 26 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не знаат/немаат информација (3 родитела или 2,3 %).<br>Според ова, во училишните активности подеднакво имаат исти услови и можности да се вклучат сите ученици вклучувајќи ги и ранливите групи, а најголем дел од учениците се изјаснија дека во училиштето и за време на часовите добиваат еднакво учество во различните активности.<br>Од анкегтираните 154 ученика, на истото тврдење *„Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици"*, поголем број од учениците целосно се согласуваат (90 ученика или 58,4%), голем број се согласуваат (42 или 27,3 %), а мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (12 ученика или 7,8 %), целосно не се согласуваат (8 ученика или 5,2 %), а мал број не знаат/немаат информација (2 или 1,3 %).<br>На тврдењето *„Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици"*, голем број од родителите целосно се согласуваат (88 родитела или 67,2 %), голем број се согласуваат (31 или 23,7 %), а мал број не се согласуваат (5 родитела или 3,8 %), целосно не се согласуваат (2 или 1,5 %), целосно не знаат/немаат информација (5 или 3,8%).<br>Според добиените резултати, родителите се изјасниле дека сите деца ги имаат истите услови за учење и тие се оценувани според истите критериуми.<br><br>Од анкетираните 131 родитела, на тврдењето *„Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго"*, најголем број од родителите целосно се согласуваат (100 родитела или 76,3 %), мал број се согласуваат дека е така (26 или 19,8%), мал број од родителите одговорија дека не се согласуваат со тврдењето (2 родитела или 1,5 %) и целосно не знаат/немаат информација (3 или 2,3%).<br>Генерално резултатите кажуваат дека нема дискриминација во училиштето по било кој основ, а бројкта од 2 родитела кои одговориле дека не се согласуват со тврдењето, ќе ни биде порака, дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | во тој дел треба да се работи повеќе, затоа што во училиштето не е дозволено, ниеден ученик да биде дискриминиран.<br>Од фокус групата со наставници, се добија податоци дека учениците се третираат еднакво и правично, и дека веднаш се реагира, доколку некое детско право е нарушено, или прекршено.<br>Интервјуто со директорот и со стручната служба покажа дека учениците се запознаваат со нивните права (преку работилници со нив) и има ефекти околу намалување на стереотипите.<br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: Колку во училиштето се еднакво и правично третирани сите ученици? Тие одговориле дека во училиштето има еднаков и правичен третман на сите ученици, без разлика на нивниот пол, етничка припадност, материјална состојба и сл. И за време на часовите, од страна на наставниците еднакво и правично се третирани сите ученици<br>Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман.<br>Различните маргинализирани/ранливи групи се исто така вклучени во училишните активности. |
| **Извори на податоци:**<br>Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба, интервју со директот; записници од посета на часови од страна на стручна служба, Е-дневник, дневни планирања од часови по ОЖВ | | |

| Индикатор 3.3 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Партнерски однос со заедницата** | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** | Училиштето презема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата. Секогаш е отворено за соработка и на почетокот на учебната година родителите се запознаваат околу тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето, преку одделенските наставници, одделенските раководители и стручната служба. За време на наставата училиштето организира најмалку пет родителски средби и отворени родителски средби, кога родителите детално се запознаваат со постигнувањата на нивните деца и воедно добиваат насоки за подобрување. Но, во зависност од потребите може да се закаже и дополнителна родителска средба каде се решаваат актуелните проблеми.<br><br>Согласно со Законот за основно образование во училиштето има формирано тело Совет на родители во кој членуваат родители претходно избрани на родителски средби, преку кои се афирмира и збогатува севкупното функционирање на училиштето. Исто така тројца од родителите се членови во највисокиот орган на управување - Училишен одбор. На тој начин, родителите се вклучени во повеќе важни одлуки кога тоа се однесува на интересот на учениците. Имено, родителите одлучуваат за наставните екскурзии, одбираат програма за настава во природа и одбираат на кој начин таа ќе се реализира однос на превоз и сместување. Родителите одлучуваат за изборот и видот на ученичкиот алманах кој се изработува на крајот од деветто одделение. Родителите исто така се вклучуваат во подготовките на училишните претстави со свои идеи, кореографии и костимографии. Родителите се поттикнувани постојано да учествуваат во едукативните работилници и предавања организирани од страна на училиштето,со нив се спроведува задолжителната активност Родителот е наставник. Оваа активност се спроведува на тој начин што преку раководителите на паралелки и одделенските рсководители се спроведува анкета меѓу родителите преку која родителите изразуваат на кој начин и преку каков вид активности и преку кои области можат да се вклучат во планирање, организирање и реализација на едукативни работилници и предавања.<br>Родителите на учениците со посебни образовни потреби имаат можност целосно да се вклучат во образовниот процес на нивните деца. Некои од родителите на учениците со ПОП активно се вклучени во секојдневната настава, ги придружуваат децата и им помагаат во усвојувањето на наставните содржини.<br>Сите родители имаат можност целосно да се вклучат во работата и животот на училиштето да даваат свои сугестии, предлози, насоки и идеи.<br>Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците и за родителите, интервју со директорот и стручната служба, фокус групи со наставниците и со родителите, како и |

| | | |
|---|---|---|
| | | записниците од советот на родители.<br><br>Анкетирани беа 51 наставника. На тврдењето *„Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето“*, голем број целосно се согласуваат (28 наставника или 54,9 %), поголем број дека се согласуваат (19 или 37,3%), мал број одговорија дека не се согласуваат (4 наставника или 7,8%) .<br><br>На тврдењето *„Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес* **“,** од анектираните 51 наставника, голем број целосно се согласуваат (30 наставника или 58,8 %), голем број дека се согласуваат (19 или 37,3 %), а мал број наставници не се согласуваат (2 наставника или 3,9 %). Резултатите од овие тврдење кажуваат дека наставниците се отворени за соработка со родителите, почитувајќи ги нивните соодветни и аргументирани идеи за подобрување на ВОП.<br><br>Беа анкетирани 131 родитела. На тврдењето *„Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето“*, голем број целосно се согласуваат (62 родитела или 47,3 %) и голем број се согласуваат (47 или 35,9 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (10 родитела или 7,6 %) , целосно не се согласуваат (2 родитела или 1,3%)  и немаат информација/не знаат (10 родитела или 7,6 %). Исто размислуваат и родителите, кои го потврдуваат со одговорите кои се однесуваат на тврдењата поврзани со почитување и влијание на нивните мислења и ставови за унапредување на ВОП.<br>Од фокус групата со наставници и од интервјуто со директорот и стручната служба, се добија податоци дека училиштето ја поттикнува соработката со родителите преку нивно вклучување во родителските одбори на ниво на паралелка, во Совет на родители на ниво на училиште, како и во воннаставни активности и работилници. Училиштето соработува со родителите преку нивно вклучување во повеќе активности (во Годишна програма на училиштето , Развоен план на училиштето, Самоевалуација на училиштето, во акции поврзани со реновирање на училиштето, во планирање на програми за воннаставни активности, во вклучување на активности поврзани со проекти кои се реализираат во училиштето, преку реализирање на работилници по дадени теми, со вклучување на родителите во јавната и културна дејност на училиштето по повод одбележување на значајни празници, нивно вклучување околу организирање на ученички екскурзии, иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето итн.).<br><br>Од дискусијата во фокус групата со родители на: тврдењето: *„Дали и колку се вклучени* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *родителите во наставни и воннаставни активности во училиштето*"? Родителите одговориле дека биле често вклучувани во активности во училиштето, најчесто во активности кои ги нудат самите предмети, училишни активности. Во воннаставни активности, родителите се изјасниле дека редовно учествуваат во хуманитарни акции, новогодишни базари, изработка на карневалски маски за Априлијадата, денот на шегата и сл.<br>Една од стратешките цели на Развојната програма на училиштето 2022-2026 е Унапредување на соработката и градење партнерски односи помеѓу учениците, наставниците, родителите и други надворешни соработници и членови на локалната заедница базирани на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит. Од каде произлегува развојната цел Поттикнување на родителите за активна меѓусебна соработка, овозможување услови за вклучување и искористување на нивните човечки и материјални ресурси и соодветни компетенции, која цел изминативе две години училиштето ја реализира преку конкретна цел Зголемување на вклученоста на родителите во активностите на училиштето за надминување на потешкотиите и проблемите на кои наидуваат учениците и наставниците и преку реализирање на конкретни предвидени активности како креирање и спроведување прашалник-анкета за изразување интерес за вклучување на родителите во активностите на училиштето, од што произлегува креирање база на податоци за можности за вклучување на родителите и искористување на нивните ресурси и изготвување годишен распоред за за консултативни средби родител-наставник.<br>Училиштето има и Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите како дел од Годишната програма за работа на училиштето со која конкретно се зацртани активностите од овој тип.<br>Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана или електронска форма. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на повеќе нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. |
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | Училиштето остварува постојана соработка со локалната заедница во рамките на законската регулатива. Соработката со локалната средина училиштето ја планира и оставрува со цел да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето што се од интерес за воспитно образовната работа.<br>Општината е основач на ова училиште, затоа комуникацијата и размената на информации и податоци со локалната заедница е секојдневна. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето го промовира активното вклучување на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | во работата на локалната заедица со спроведување на заеднички проекти како што се КВИЗ натпревари и различни работилници како и организирање и учество на еколошко-хуманитарни акции и настани од интерес на заедницата. Нашите ученици активно учествуваат во одбележувањето на позначајните општествени и културно-уметнички датуми, како што се Денот на хендикепираните лица, Денот на аутизмот, Денот на книгата, Денот на Европа, Денот на учителот, академски и литературни читања, Денот на хартијата, Денот на шегата, Европскиот ден на училишниот спорт, Денот на ослободување на градот Гевгелија и активности поврзани со тоа, Ден без аботимобили-да одиме на училиште со велосипеди, Разгледување на архиелошкиот локалитет во општината, Месец на книгата, изведување вежби-евакуација од пожар и земјотрес.<br>Учениците преку еко клубот учествуваат во одбележување на еколошките поважни денови според еколошкиот годишен календар.<br>Училиштето има добро организирани односи со другите училишта од општината, основното музичко училиште, како и училиштата од соседните општини. Училиштето организира културно-уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината. Тука спаѓа и размената на знаења, мислења, искуста со наставниот кадар од други училишта од општината.<br>Училиштето соработува со учество во сите активности на покана од Општина Гевгелија, Музејот на градот, Дом на културата, Градската библиотека, Театарот, преку организирање и посета на изложби, театарски претстави и приредби организирани од училиштето. Училиштето остварува редовна соработка со Црвен Крст - Гевгелија. Училиштето е организациона единица на Црвен Крст Гевгелија и член е раководниот орган-директорот. Нашите ученици беа вклучени во низа активности Биди хуман-подари помош, обука за прва помош за учениците од IX одделение, одбележување Недела на хигиенизацијата под мотото Хигиената-лична обврска за колективно здравје, едукативна работилница Прва помош спасува живот, со ДЗС, редовно изведување вежбовни активности за евакуација при елементарни непогоди како земјотрес и пожар. Соработува и зема активно учество со Детскиот фестивал “Калинка”, Детски фестивал “Распеани дечиња”, со МВР Гевгелија и МЦСР Гевгелија преку работилницата “Насилно однесување-порок на денешнината”, преку учество и следење на локални КУД и танцово студио Мистик.<br>Училиштето воопшто има одлична соработка со бизнис заедницата, по одделни предмети се реализира посета на локални компании во склоп на она што е основна цел на изучување на предметот.<br>По повод Денот на штедењето училиштето оствари соработка со НЛБ, некои локални компании како Апитоксин Гевгелија со кој се спроведе предавање на тема Основно пчеларство за деца и млади.<br>Училиштето соработува и со невладиниот сектор. Во соработка со Мајка Тереза беа |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализирани меѓусебни посети и беше реализиран Новогодишен базар. Исто така со НВО “Мајка Тереза” е склучен договор за партнерски однос во изградбата на Сензорното игралиште. Училиштето има меморандумска соработка со локалната НВО “Од станица до граница” и учествуваше во проектите “Врснички форум театар против насилство во училиштата” и “Јас=Медиум”. Од долгогодишната соработка со Фондација “Аполонија”, училиштето спроведе низа активности преку проектот “Здружи се за заедницата”, како предавање за младинска филантропија, дневни работилници на кои се подготвуваа предмети, ракотворби за учество во добротворен саем „Исчекорете и подарете“ како дел од првата инклузивна трка „November run – run together” , учество на добротворниот саем од кој средствата беа наменети за материјали за изработка на сензорен ѕид со манипулативни материјали во училницата за продолжен престој, интерактивен настан „Промоција на апликацијата Комунити и младински идеи“.<br>Училиштето е поврзано со установите кои даваат психолошки и здравствени услуги на учениците, како и центрите за социјални работи.<br><br>Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, како и фокус група со наставниците.<br><br>Анкетирани беа 51 наставник. На тврдењето: **„*Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата*“**, голем број од наставниците целосно се согласуваат (32 наставника или 64 %), голем број се согласуваат (12 или 24 %), а мал број наставници одговорија дека не се согласуваат (4 наставника или 8 %), целосно не се согласува (1 наставник 2%) и не знае/нема информација (1 наставник или 2 %).<br><br>Од учениците, анкетирани беа 154 ученика. На тврдењето: **„*Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем*“**, поголем број од учениците целосно се согласуваат ( 81 ученика или 52,6 %), голем број дека се согласуваат (53 или 34,4 %), а не се согласуваат (14 ученик или 9,1 %) и мал број од учениците одговориле дека целосно не се согласуваат (2 ученика или 1,3 %) и не знае/нема информација (4 ученика или 2,6 %).<br><br>Од добиените информации од фокус групата со наставници и од интервјуто со директорот и стручната служба, училиштето соработува со локалната заедница преку низа општествени, културни и образовни активности. Со вклучување на манифестации кои се организираат по различни поводи како што е приемот на првачињата во Детската организација, со посета на локалитети од нашата локална средина, преку учество на трибини, дебати, форуми и сл. Училиштето во скоп на Годишната програма има и Програма за соработка со локална заедница и |

| | | |
|---|---|---|
| | | јавна и културна дејност на училиштето.<br>Една од стратешките цели на Развојната програма на училиштето 2022-2026 е Унапредување на соработката и градење партнерски односи помеѓу учениците, наставниците, родителите и други надворешни соработници и членови на локалната заедница базирани на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит. Од каде произлегува развојната цел Унапредување на соработката и партнерските односи помеѓу училиштето и надворешни соработници и членови на локалната заедница, која цел изминативе две години училиштето ја реализира преку конкретна цел Зголемување на соработката и партнерските односи помеѓу училиштето и релевантни надворешни соработници и членови на локалната заедница и преку реализирање на конкретни предвидени активности како составување Тим пријатели на училиштето, потпишување меморандум за соработка, иницирани и реализирани активности според Извештајот за работа на училиштето.<br>Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. |
| **Извори на податоци:** Годишна програма на училиштето, Програма за соработка со локална заедница и јавна и културна дејност на училиштето и Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите како дел од Годишната рограма**,** Извештај за работа на училиштето, Развојна програма на училиштето 2024-2026, Меморандуми за партнерски однос и соработка, Е-дневник, фејсбук страна, веб страна на училиштето, Извештаи од извршени активности | | |

| Индикатор 3.4 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Севкупна грижа за учениците** | **Превенција и заштита од насилство** | Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, фокус групи со наставниците, родителите и со учениците, како и записниците /извештаите од реализација на работилници, во однос на спречување и справување со насилство.<br>Анкетирани беа 51 наставника. На тврдењето: **„***Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти***“**, поголем број од наставниците целосно се согласуваат (37 наставника или 72,5%), голем број дека се согласуваат (13 или 25,5 %), а не се согласува (1 наставник или 2 %). На истото тврдење, односно, **„***Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти***“**, голем број од анкетираните родители целосно се согласуваат (61 родитела или 46,6 %), голем број се согласуваат (41 или 31,3 %). Мал број од родителите одговорија дека не се согласуваат (9 родитела или 6,9%), целосно не се согласуваат (4 родител или 3,1 %) и нема информација , или не знае (16 родител или 12,2%). На тврдењето: **„***Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство***“**, поголем број од анкетираните ученици целосно се согласуваат (93 или 60,4 %) и дека се согласуваат (48 или 31,2 %). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (6 ученика или 3,9 %), целосно не се согласува (4 ученик или 2,6 %) и не знае/нема информација исто така (3 ученик или 1,9%).<br>НАставниците се согласни со фактот дека спроведуваат активности за превенција на насилство и решавање конфликти. Иако поголем дел од родителите и учениците се согласуваат со истото тврдење, сепак постои одреден процент кој не се согласува. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На тврдењето: **„** *Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство***“,** од анектираните 51 наставника, голем број целосно се согласуваат (30 наставника или 58,8 %), мал број дека се согласуваат (18 или 35,3 %), мал број наставници не се согласуваат (2 наставника или 3,9 %) и еден насавник или (2%) не знае/нема информација.<br>Во училиштето постои систем за постапување со ученици кои се учесници на врсничко насилство, во кој се вклучени, ученици, наставници и стручни соработници, по потреба и родители.<br>Анкетирани беа 131 родитела. На тврдењето: **„***Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство***“**, голем број од родителите целосно се согласуваат (66 родитела или 50,4 %), голем број се согласуваат (37 или 28,2%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (10 родитела или 7,6 %), мал број дека целосно не се согласуваат ( 3 родитела или 2,3 %) и немаат информација/не знаат (15 родитела или 11,5 %).<br>Резултатите од овие одговори кажуваат дека најголем дел од родителте се запознати со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, но не сите. Петнаесет родитела се изјасниле дека не се запознаени со протоколот, или незнаат дека постои.<br>Од анкетираните 131 родитела, на тврдењето: **„***Училиштето добро се справува при појава на насилство***“**, голем број од родителите целосно се согласуваат (53 родитела или 40,5 %), голем број се согласуваат (44 или 33,6 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (9 родитела или 6,9 %), целосно не се согласуваат ( 3 родитела или 2,3 %) и мал број дека немаат информација/не знаат (22 родитела или 16,8 %). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од учениците, анкетирани беа 154 ученика. На тврдењето: „*Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето*“, поголем број од учениците целосно се согласуваат (103 ученика или 66,9%), голем број дека се согласуваат (41 или 26,6 %). Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (6 ученика или 3,9 %), целосно не се согласува (1 ученик или 0,6%) и мал број дека немаат информација/не знаат (3 родитела или 1,9%).<br>Најголем дел од учениците знаат како треба да постапат ако им се случи или забележат дека има врсничко насилство во училиштето.<br>Од спроведеното интервју со директорот и со стручната служба, како и од фокус групата со наставници, се добија информации дека наставниците на одделенските часови реализираат работилници од програма за ОЖВ за решавање конфликти и спречување насилство. Исто така, учениците на одделенските часови се запознаваат со протоколите за справување со насилство, како и за начините за пријавување на насилство.<br>Од дискусијата во фокус групата со родители на прашањата: **„Колку се задоволни од грижата за општата добросостојба на нивните деца во училиштето“? „Имаат ли можност да се обратат некому кога имааат проблем?"** одговориле дека се задоволни од тоа како училиштето, односно наставниците се грижат за добросостојбата на нивните деца. Тие дополнително се изјасниле дека кога имаат некој проблем, најчесто и најпрво се обраќаат кај одделенските раководители и раководителите на паралелките, а потоа кај стручните служби.<br>Исто така од дискусијата во фокус групата со родители на прашањата: **Колку често се случуваат различните видови насилство во училиштето и како училиштето се справува со истите?** родителите одговориле дека досега немале никаков проблем со насилство врз учениците. Исто така, одговориле дека доколку имаат некаков проблем поврзан со насилничко однесување од страна на учениците, го пријавуваат на одделенскиот раководител. Исто така родителите одговориле дека кога се случува некое од децата да манифестира несоодветни облици на однесување, во тој случај, родителите се повикуваат на советување кај одделенските раководители и раководителите на паралелкит, а понекогаш и кај училишниот психолог.<br>Од дискусијата во фокус групата со ученици на прашањата: **Дали има насилство (физичко, психолошко, сајбер) помеѓу учениците, или од страна на наставниците? Како се решваат случаите на насилство?** Учениците одговориле дека во училиштето е забрането секаков облик на насилство. Исто така, учениците се изјасниле дека во училиштето нема појава на насилство помеѓу учениците (освен некои мали несогласувања помеѓу учениците), а исто така, од страна на наставниците нема насилство врз учениците. Доколку се појави некој вид на насилство, учениците знаат каде да се обратат. Тие, исто така, знаат дека за секаков вид на несоодветно однесување, односно агресивно однесување, согласно законот за основно образование се упатуваат на советување кај психологот на училиштето, за кое се информирани и нивните родители, кои исто |

| | | |
|---|---|---|
| | | така се упатуваат на разговор кај раководителите на паралелките и одделенските раководители. Исто така тие се изјасниле дека во училиштето се работи на решавање на конфликти и спречување насилство (работилници, дискусии, дебати и сл). Сепак има такви кои не мислат така, мо мал број. Учениците се изјасниле дека знаат дека во училиштето постои Правилник за изречување на педагошки мерки за прекршување на правилата на однесување на училиштето.<br>Училиштето има Акционен план за превенција од насилно однесување како прилог од Годишната програма за работа на училиштето според кој се планираат и реализираат активнстите.<br>Училиштето има Протокол за спечување на насилство и дискриминација во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Исто така, има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители.<br>Во училиштето се реализираат работилници „Креативно разрешување на конфликти-биди истерувач на насилство“, “Насилно однесување-порок на денешнината”-работилница спроведена во соработка со МВР Гевгелија и МЦСР Гевгелија, се организира творење на литературни и ликовни творби на оваа тема, промовирање на ненасилно однесување преку флаери, ѕидни плакати истакнати на видни места во училиштето.<br>Една од стратешките цели според Развојната програма на училиштето е Намалување на секаков вид насилство, според која произлегуваат развојните цели Зголемување на интегритетот на училиштето, редот и елиминирање на самоволието во училиштето и Детекција, спречување и превенција на сајбер-насилство од каде се конкретизирани и низ низа активности се реализираат целите Доследно спроведување на Кодексот за однесување и облекување за учениците и вработените и Развивање свест за опасностите што ги нуди сајбер просторот и намалување на злоупотребите од истиот.<br>Преземените активности придонесуваат да нема насилство во училиштето. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор ) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има договор за соработка со МВР, Подрачно одделение Гевгелија и Центарот за социјални грижи Гевгелија и во училиштето за учениците и родителите се организираат предавања од стручни лица |

| | | |
|---|---|---|
| | | за превенција од пушење, алкохол и дрога и пиротехнички средства и трговија со деца. Ваквите предавања се од голема корист за учениците и родителите за да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците, и истите се доста посетени од страна на родителите. Дополнителна едукација, за превенција од дрога и превенција на насилство, учениците добиваат по одделни предмети како и на трибини организирани од невладини организации, преку ученичката заедница, но и преку реализирање предавања преку активноста Родителот е наставник.<br>Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, разгледување на записници и извештаи од реализирани работилници за превенција од средства на зависност, од предавања, советувања итн.<br>Анкетирани беа 51 наставник. На тврдењето: *„Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога“*, голем дел од наставниците целосно се согласуваат (16 наставника или 31,4 %), голем број се согласуваат (22 или 43,1 %). Мал број наставници одговорија дека не се согласуваат (8 наставника или 15,7 %) и мал број дека не знаат/немаат информација (2 наставника или 3,9 %). На истото тврдење *„Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства“*, од 154 анкетирани ученици, голем број од учениците целосно се согласуваат (47 ученика или 30,5 %), голем број дека се согласуваат (31 или 20,1 %). Не се согласуваат (34 ученика или 22,1 %), целосно не се согласува (13 ученик или 8,4 %), и не зна/нема информација (29 ученик или 18,8 %).<br>Најголем дел од наставниците учествуваат во реализација на работилници со ученици, за превенција од пушење, алкохол и дрога, но значителен дел од учениците се изјасниле дека не учествуваат во овие работилници или дека не знаат за што станува збор.<br>Анкетирани беа 131 родитела. На тврдењето: *„Во училиштето се преземаат мерки за превенција од алкохол, пушење и дрога“*, голем број од родителите целосно се согласуваат (62 родитела или 47,3%) и голем број се согласуваат (43 или 32,8%). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (7 родитела или 5,3 %), целосно не се согласува (1 родител или 0,8 %) и нема информација/не знае (18 родитела или 13,7 %). Поголем дел од родители знаат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција од алкохол, цигари и дрога.<br>Во рамки на постојаната соработка на училиштето со локалната заедница и институциите во училиштето се повикуваат и стручни лица - лекари како и инспектори од МВР кои на учениците, почнувајќи од шесто до деветто одделение, им држат предавања на оваа тема. Сметаме дека информираноста на учениците придонесува да си го чуваат здравјето и кај нив да се побуди свест за здрав живот, како и за последиците кои може да се појават од овие пороци. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрането пушење, внесување и консумирање алкохол. Во Кодексот на однесување најстрого се забранува внесување и употреба на алкохол, цигари (вклучително и електронски), дрога и сл., како и нивно користење во просториите на училиштето и околината.<br>Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. |
| | **Квалитет на достапна храна** | Училиштето промовира здрава храна. Преку зацртаните планови и програми на ЕКО одборот на училиштето (кое е вклучено во ЕКО програмата) е опфатена активноста за здрава исхрана, т.е. користење здрава и свежа храна. Од страна на ЕКО одборот беа изготвени флаери и плакат „Да се храниме здраво“, со цел подигање на свеста на учениците да посветат поголема грижа во делот на сопствената исхрана и своето здравје. Промовирањето на здрава храна и здрав животен стил се применува и преку поврзување на еколошката програма со редовната настава како и преку часовите на ОЖВ.<br>Училиштето води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. |
| | **Хигиена и заштита од болести** | Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за родителите и за учениците, разгледување на реализирани работилници и предавања, како и увид во училишните простории и извештаи/анализи од санитарни и здравствени инспектори.<br><br>Анкетирани беа 131 родитела. На тврдењето: **„***Хигиената во училиштето е на високо ниво***“**, голем број од родителите целосно се согласуваат (56 родитела или 42,7 %), голем број се согласуваат (54 или 41,2 %). Мал број од анкетираните родители одговорија дека не се согласуваат (16 родитела или 12,2 %), целосно не се согласува (2 ученик или 1,5 %), а мал број дека немаат информација/не знаат (3 родитела или 2,3 %). Анкетирани беа 154 ученика. На тврдењето: **„***Училиштето е чисто и уредно***“**, голем број од учениците целосно се согласуваат (Мал број ученици одговорија дека не се согласуваат (25 ученика или 16,2 %) и целосно не се согласува (7 ученика или 4,5 %), мал број дека немаат информација/не знаат (3 ученика или 1,9 %). Поголем дел од учениците и родителите се согласуваат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, но сепак има одреден процент од родителите и учениците кои имаат примедба за хигиената во училиштето. |




За хигиената во училиштето задолжени хигиеничарите кои распоредени во различни реони во училиштето.

Училиштето располага со современи апарати за одржување на хигиената во училиштето (правосмукалки, машина за

чистење подови, машина за перење на алишта). Во одржување на хигиената се вклучуваат и учениците од еко патрола. Во грижата за хигиената во училиштето се вклучени и наставниците преку контролирање на чистотата на училницата во која влегуваат на првиот час, преку увид, потпис и забелешки.

Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно се дејствува учениците да ја одржуваат личната хигиена, почнувајќи од најрана возраст да ги научи на хигиенски навики. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден (учениците реализираат еколошки и хортикултурни активности), заедно со наставниците. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.

На часовите на одделенската заедница со учениците редовно се разговара за одржување на лична хигиена, и заштита од заразни болести.  Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи.

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето има Протокол за спроведување задолжителни мерки и активности за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во училиштето според кој се постапува во случај на нарушување на здравјето на субјектите во училиштето. |
| | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Училиштето се грижи за безбедноста и здравјето на учениците и вработените. Училиштето е обезбедено со видео надзор во сите делови од ходниците и просториите каде најчесто се движат децата, како и надворешниот дел од училишниот објект. За време на малите и големите одмори има по пет дежурни наставници, три на приземје и два на првиот кат, а има и ангажирано лице за обезбедување. Исто така за оваа цел училиштето е во постојана соработка со надлежните служби и постојано се организираат предавања од полициски службеници на теми од безбедноста во сообраќајот.<br>Во училиштето има поставено ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Во училиштето има повеќе вработени кои имаат сертификат за давање на прва помош, и има кутија со потребните медицински средства за прва помош, поставена на видно место во училиштето.<br>Училиштето има Протокол за спроведување задолжителни мерки и активности за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во училиштето според кој се постапува во случај на нарушување на физичката безбедност на субјектите во училиштето.<br>Родителите сметаат дека нивното дете учи во безбедна средина што го потврдува фактот дека 68,7% целосно се согласуваат и 26,7% се согласуваат со тврдењето *Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете.* |
| | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | За оценување на социјалните потреби училиштето користи непосредни разговори со учениците, родителите и службите за социјална грижа и тоа со помош на педагошко психолошката служба на училиштето. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност, најголема поддршка добиваат од разговорите со одделенскиот раководител или раководителот на паралелката и со психологот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. Училиштето за целосна интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставните и воннаставните активности (екскурзии, натпревари, театарски претстави, облека, храна), самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, најчесто преку донатори од локалната заедница и преку хумани акции организирани од учениците за помош и поддршка на соученици од социјално загрозени семејства. Училиштето преку ученичката заедница, организира хуманитарни акции за собирање средства и помагање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | социјално загрозените семејства како и во случај на елементарни непогоди. Но, училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.<br>Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и бизнис заедницата) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. |
| | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа).<br>Учениците од секоја втора учебна година одат на систематски и стоматолошки преглед, со кои се идентификуваат здравствените проблеми на учениците. Ако се забележат посериозни здравствени проблеми, учениците заедно со родителите се повикуваат во диспанзерот или им се советува да го посетат матичниот лекар. Во прилог за правилно задоволување на потребите на овие ученици се и разговорите со психолошката служба, наставниците и директорот на училиштето. На учениците, кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со одделенскиот раководител и родителот на паралелката, кој за тоа ги информира предметните наставници, а посебно наставниците кои предаваат физичко и здравствено образование. За тие ученици се води посебна евиденција и се прават вежби соодветни за нивната здравствена состојба. Наставниците по физичко и здравствено образование во согласност со програмата и планот за работа вршат мерења на тежина, висина и држење на телото кај учениците. Тие резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците. Со учениците кај кои се забележани физички проблеми се изведуваат специјални вежби или се праќаат за помош кај стручни лица. За учениците со посебни образовни потреби и пост – конфликтни трауми, од голема помош се разговорите и соработката со училишниот дефектолог и педагог. Тие во секој момент им стојат на располагање на учениците за решавање на проблемот. Во училиштето се организираат предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со Медицинскиот центар.<br>Во однос на грижата за здравјето на учениците се работи и на часовите на одделенската заедница а исто така училиштето е во постојана соработка со центрите за медицинска помош. Стручната служба води евиденција и навремено ги информира родителите и учениците за денот на вакцинациите. Училиштето за оваа цел постојано поканува невладини организации и здруженија |

| | | |
|---|---|---|
| | | кои го промовираат здравјето и хигиената на децата. |
| | **Грижа за социоемоционалната добросостојба на учениците** | Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Тие се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели, или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Стручната служба има чести средби со ученици кои се соочуваат со проблеми од различна природа, а средбите најчесто се преку советодавни разговори. Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. |
| | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Се анализираа повеќе извори на податоци (прашалник за родители, интервју со директорот и стручната служба, програмата за професионално информирање и ориентирање на учениците, програмата за работа на стручните соработници итн.)<br>Беа анкетирани 131 родитела. На тврдењето: „*Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците*“, голем број од родителите целосно се согласуваат (68 родитела или 51,9 %), голем број се согласуваат (44 или 33,6 %). Не се согласува (6 родител или 4,6 %), мал број од родителите целосно не се согласуваат (2 родитела или 1,5 %), мал број дека немаат информација/не знаат (11 родитела или 8,4 %).<br>За продолжување на нивното средно образование, се организираат заеднички родителски средби за деветто одделение на кои родителите се запознаваат со струките и профилите во средните училишта, како и условите за запишување.<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Исто така, училиштето соработува со средните училишта во земјата кои доаѓаат да направат презентација на струките кои ги имаат во своето училиште и да им објаснат на учениците кои се условите за запишување во дадените струки.<br>Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија.<br>Училиштето има Програма за професионална ориентација како дел од Годишната програма за работа на училиштето. Преку низа активности, најчесто работилници на часовите по ОЖВ, Граѓанско образование и Иновации, учениците развиваат свест за сопствените вредност, градат реална слика за сопствените способности, потенцијали и знаења, ги истражуваат можностите за продолжување на образованието и нивното влијание врз избор на професија, знае кои се нивните интереси и умеат да направи личен профил со опис на своите вештини и интереси, умеат да идентификуваат кариерни можности, вештини и таленти кај себе, се информираат за видовите професии по категории во кои би се пронашле. |

**Документи:**
Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение
Упатство за одржување училишни објекти
Правилник за стандардите за исхрана и оброците во основно училиште
**Извори на податоци:** Акционен план за превенција од насилно однесување како прилог од Годишната програма за работа на училиштето, Програма за професионална ориентација како прилог на Гофишната програма на училиштето, Годишна програма за работа на училиштето, Извештај за работата на училиштето, Развојна програма на учлиштето 2022-2026, Протокол за спечување на насилство и дискриминација, Е-дневник, Записници од Наставнчки Совет, Планови за реализирани часови на ОЖВ, Протокол за спроведување задолжителни мерки и активности за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во училиштето

**ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо во локалната средина како модерно, квалитетно и безбедно училиште со препознатлив идентитет. Училиштето ги афирмира активностите и постигнувањата на училиштето и учениците што е една од главните развојни цели кои со утврдена динамика на активности се реализираат во изминативе две години. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување и облекување кој содржи принципи, правила и обврски на сите структури во училиштето и истиот редовно се ажурира. Родителите и учениците се запознаени со Кодексот на повеќе начини и училиштето постојано се залага за негово почитување како и за соодветно постапување доколку истиот не се почитува. Таквото постапување е регулирано со интерниот Правилник за за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки на учениците. Во училиштето има добра работна атмосфера, што произлегува од добриот однос меѓу вработените, вработените и учениците, раководниот орган и учениците. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење, наставниците ги поттикнуваат и мотивираат учениците за да се вклучуваат и во воннаставните активности и сл. Во училиштето постои позитивна клима. Меѓутоа, има многу мал број ученици што не се чувствуваат прифатени од наставнците и од учениците во училиштето како и одреден процент ученици кои не се позитивни кон ставот дека сакаат да одат на училиште. Изминативе две години училиштето реализира конкретна цел Зголемување на емпатичноста, солидарноста, толеранцијата и меѓусебната почит помеѓу учениците, наставниците и родителите и преку реализирање на конкретни предвидени активности како составување е Тим за туторство од ученици-тутори,  се идентификуваат ученици на кои им е потребна поддршка и се спроведуваат туторски активности. Училиштето има донесено и усвоено Годишна програма за поддршка на врсници-туторство, според која е јасно дефиниран начинот на давање несебична помош на врсници за предмети во кои се соочуваат со потешкотии од страна на ученици-тутори под менторство на одделенски или соодветен предметен наставник. За спроведените туторски активности се прави извшетај, а учениците-тутори се наградуваат со пофалници. Дисциплината на учениците задоволува во училиштето. Наставниците знаат и умеат како да го решат проблемот со дисциплината во паралелката. Учениците и родителите се навремено информирани за сите работи што се од нивен интерес, учениците се вклучени во процесот на решавање проблеми и давање свое мислење, предлози и идеи, родителите се чувствуваат слободни да поставуваат прашања и да ги посочуваат проблемите со кои се соочува нивното дете и вклучени се во различни активности на училиштето. Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат, но има мал број ученици кои не знаат каде да се обратат во случај на нарушување на нивните права. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Различните маргинализирани/ранливи групи се исто така вклучени во училишните активности. Училиштето гради партнерски однос со заедницата и тоа, со локалната заедница, институциите од обласа на културата, образованието, невладините организации, спортски друштва, здравствени институции и медиуми.. Има јасна конкретна цел со активности со точно утврдена динамика кои ги реализира во изминативе две години преку зголемување на вклученоста на родителите во активностите на училиштето за надминување на потешкотиите и проблемите на кои наидуваат учениците и наставниците. Училиштето е отворено за соработка со родителите, почитувајќи ги нивните соодветни и аргументирани идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес. Училиштето презема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата.

| |
|---|
| Училиштето остварува постојана соработка со локалната заедница во рамките на законската регулатива. Има јасна конкретна цел со активности со точно утврдена динамика кои ги реализира во изминативе две години преку зголемување на соработката и партнерските односи помеѓу училиштето и релевантни надворешни соработници и членови на локалната заедница и преку реализирање на конкретни предвидени активности како составување Тим пријатели на училиштето, потпишување меморандум за соработка, иницирани и реализирани активности според Извештајот за работа на училиштето.<br>Соработката со локалната средина училиштето ја планира и остварува со цел да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето што се од интерес за воспитно образовната работа. Училиштето работи на решавање конфликти и спречување насилство и добро се справува при појава на насилство. Училиштето има Протокол за превенција на насилство и дискриминација и поголем дел од родителите и учениците се запознаени со истиот и постапувањето по него. Поголем дел од учениците умеат да препознаат различни видови на врсничко насилство и знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето промовира здрава храна. Хигиената во училиштето задоволува. Училиштето се грижи за безбедноста и здравјето на учениците и вработените. Училиштето се грижи за учениците од социјално загрозените семејства, училиштето преку ученичката заедница, организира хуманитарни акции за собирање средства и помагање на социјално загрозените семејства како и во случај на елементарни непогоди. Училиштето води грижа за учениците со здравствени проблеми. Училиштето се грижи за социоемоционалната добросостојба на учениците. Училиштето превзема низа активности со кои пружи помош при изборот за продолжување на образованието. |
| **Силни страни**<br>• Училиштето ужива углед во градот и општината.<br>• Училиштето користи различни начини на промовирање на активностите и постигнувањата на учениците.<br>• Училиштето постајано се залага за почитување на Кодексот на однесување<br>• Наставниците знаат и умеат како да го решат проблемот со дисциплината во паралелката.<br>• Училиштето организира и спроведува активности со кои учениците и родителите се вклучени во донесувањето одлуки за прашања кои се од нивен интерес и решавање проблеми<br>• Училиштето реализира голем број активности за да ги вклучи родителите во наставата и сите расположливи ресурси на локалната средина во функција на училиштето се од интерес за воспитно образовната работа, пред се држејќи се и до главната стратешка цел на Развојната програма 2022-26 за Унапредување на соработката и градење партнерски односи помеѓу учениците, наставниците, родителите и други надворешни соработници и членови на локалната заедница базирани на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит<br>• Училиштето има Годишна програма за поддршка на врсници-туторство со што реализира активности за зголемување на емпатичноста, солидарноста, толеранцијата и меѓусебната почит помеѓу учениците |
| **Слаби страни**<br>• Добар дел од учениците (22,1%) се чуствуваат неприфатени од своите соученици, кое мислење го потврдуваат и дел од родителите<br>• Добар дел од учениците (22,2%) не искажуваат позитивен став кон одењето во училиште<br>• Одреден дел од учениците сметаат дека училишните правила не се применуваат подеднакво за сите ученици<br>• Недоволно учество на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства |

**Приоритети**

- Да се пронајдат и применат активности, методи и начини за прифаќање на учениците од своите соученици
- Да се пронајдат причините заради кои учениците не искажуваат желба за одење на училиште и да се надминат
- Информирање на учениците преку некаков вид кампања за тоа како да се охрабрат и каде да се обратат во случај на прекршување на нивните права
- Постојано информирање на учениците за да можат да препознаваат различни видови на насилство и охрабрување истото да го пријавуваат и кога се набљудувачи и кога се жртви на насилство
- Поголемо вклучување на учениците во активности, предавања, работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства

| ПОДРАЧЈЕ 4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ | | |
|---|---|---|
| **Број** | **индикатор** | **теми** |
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

| Индикатори 4.1 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | **Управување со училиштето** | Со цел прибирање податоци за анализа на темата, разгледувани беа соодветните документи во поглед на темата, имено, интервју со директорот и стручната служба на училиштето, прашалник за наставници, прашалник за родители, фокус гупа со родители и документите со кои располага училиштето во доменот на своето управување и раководење – Документ од избирање на член на УО, решение за член во УО, деловник за работа на УО и записници од состаноци на УО.<br>Од Статутот на училиштето произлегуваат надлежностите на органите за управување и раководење. Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. УО има Програма за работа на УО.<br>Училишниот одбор во согласнот со законската регулатива и Статутот на училиштето брои 7 членови: 3 претставници од редот на наставниците, 3 претставници од редот на родителите и 1 претставник од локалната заедница. Работењето на УО е според Програмата за работа на УО во кој се содржани сите законски и статутарни обврски. Секогаш состаноците и донесувањето на одлуките се одржуваат со мнозинство на членови. Доколку нема мнозинство на членови состанокот се одложува. УО соработува со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и другите заинтересирани страни, како родителите, учениците и локалната самоуправа. Членовите на УО се навремено информирани со покани и дневен ред.<br>Во врска со интервју со директор и стручна служба и членовите на УО, на прашањето за ,,**Соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор** " се доби информација дека соработката е на високо ниво и дека сите учесници се добро информирани за сите аспекти на работење на училиштето. Состаноците се одржуваат редовно и се евидентирани согласно прописите од Законот за основно образование, што придонесува за транспарентност и одговорност во рамките на управувањето на училиштето. Информираноста е клучен елемент за успешна соработка и ефикасни резултати, а добрата комуникација и редовното информирање се од особена важност за поддршка на соработката за остварување на заедничките цели и задачи во рамките на училиштето.<br>Во врска со интервју со директор и стручна служба, за прашањето: „**Планирање и обезбедување квалитет во училиштето се постигнува со тоа што Училишниот одбор учествува во донесување и предлагање на сите документи со кои располага училиштето (предлага Годишна програма за работа на училиштето, Извештај за работа на училиштето до Советот на Општината, донесува Развојна Програма на училиштето, Статут на училиштето, објавува јавен оглас за избор на директор, дава предлог до директорот за избор на наставници и стручни соработници, одлучува по приговори и жалби на вработените, родителите и учениците и сл.“,** дојдовме до заклучок дека планирање и обезбедување квалитет во училиштето се постигнува со тоа што Училишниот одбор учествува во донесување и предлагање на сите документи со кои располага училиштето (предлага |

| | | |
|---|---|---|
| | | Годишна програма за работа научилиштето, Извештај за работа на училиштето до Советот на општината, донесува Развојна Програма на училиштето, Статут на училиштето и сл.).<br>Врз основа на анкетните прашалници и дискусиите спроведени со наставниците, учениците, родители, стручни соработници и директорот заклучивме дека во училиштето постои добра соработка помеѓу управувањето, раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуки. Родителите во најголем број се вклучени во различни активности и добиваат навремени информации за работата на училиштето. Училишниот одбор е транспарентен во својата работа и за сите одлуки кои се носат на состаноците членовите на училишниот одбор одлучуваат независно еден од друг. |
| | **Раководење со училиштето** | Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Директорот има Годишна програма за работа на директор. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Директорот исто така се грижи за перманентното стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар, врши аналитичко-студиска работа, превзема мерки за подобрување на условите за работа во училиштето, донесува одлуки кои спаѓаат во неговата надлежност, врши распределба на наставните предмети и постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа на училиштето. Директорот има јасна визија за развој на учлиштето, објективен е во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата. Соработката на сите овие чинители задоволува.<br>Раководниот орган – на училиштето е директорот кој е обврзан според ЗОО да има годишна програма за неговата работа која влегува и во склоп на годишната програма за работа на училиштето. Работата на директорот е пред се насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите предвидени со програмата. Раководниот орган редовно одржува состаноци во текот на учебната година преку Наставнички совет, Совет на одделенски и предметни наставници, со стручните активи на училиштето како и со Советот на родители. Ја следи работата на вработените во училиштето.<br>Како орган на раководење успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите активности и потреби на сите вработени во училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето, ги подобрува условите за работа со изведување на градежни работи и во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците како и подобрувањето на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува соработка со градоначалникот, локалната заедница, невладиниот сектор, со другите основни и средни училишта и ред други институции.<br>Раководниот орган – директорот секогаш ги реализира одлуките на училишниот одбор. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручните органи како Наставнички совет на училиштето, Совет на предметни наставвници, Совет на одделенски наставници, Стручните активи и раководителите на паралелките и одделенските раководители. Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со одредување комисии кои донесуваат одлуки. За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се законски и интерни правилници, како што се : Правилник за организација и систематизација на работните задачи и работните места, Правилник за заштита на училишниот инвентар и однесување на вработените и учениците, Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки и начинот на нивната примена, Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионално досие на наставникот и стручниот соработник во ОУ, Правилник на педагошка евиденција и документација, како и начинот на водење, Правилник на начин и прием складирање, доделување и враќање на комплети во училиштето, Правилник за начинот на организирање и спроведување на проверување на постигањето на успехот на учениците, како и начинот на утврдување на годишните оценки на учениците во основните училишта, Правилник за оценување, напредување, полагање испити, видовите пофалби, награди и педагошките мерки за учениците во ОУ, Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта.<br>Стручната служба работи според своја програма и води дневник за реализацијата на своите активности. Остварува соработка со наставниците, учениците и родителите, организира работилници и теми кои се од значење за работата и животот во и надвор од училиштето, организира обуки за наставниците и родителите на кои се разработуваат теми кои ги засегаат учениците со ПОП и учениците со потешкотии во наставата. |
| | **Управување и раководење со ресурсите** | Во училиштето анкетирани се 51 наставници, на тврдењето: **,,***Училиштето ми го обезбедува потребниот материјал за реализација на наставните и воннаставните активности***,,** од кои 58% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека училиштето им го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонаставните активности. Од нив 26% се согласуваат со ова тврдење, 14% целосно не се согласуваат дека училиштето им ги обезбедува потребните ресурси и 2 % не се согласуваат со ова тврдење.<br>Во нашето училиште анкетирани се 131 родител и на тврдењето ,,*Училишната библиотека е достапна за сите ученици*“ од кои 77,1% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици. Од нив 17,6 % се согласуваат со ова тврдење, 3,8% не се согласуваат, 3 родители или (4%) целосно не се согласуваат и 2% од нив не се согласуваат или немаат информација за ова тврдење.<br>Во анкетата спроведена меѓу 154 ученици на тврдењето: *„Можам да земам книга од училишната библиотека во секое време”* се добиени следниве резултати: 72,7 % целосно се согласуваат, 21,4 % |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласуваат со ова тврдење, 2,6 % не се согласуваат и 3% од нив немаат информација за ова тврдење.<br>На тврдењето:. *"Библиотеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера"*, 37,7% целосно се согласуваат, 26 % се согласуваат со ова тврдење, 16,2% целосно не се согласуваат, 9,7 % не се согласуваат и 10,4% од нив нема информација за ова тврдење.<br>Училиштето располага со разновидна стручна литература и современи наставни средства и помагала за применување на современи наставни методи согласно Нормативот по сите наставни предмети, која ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Сите училници се опремени со компјутери и интернет конекција, која овозможува примена на современи методи во наставата. Училиштето располага и со современи технички средства, како принтери, скенери, LCD проектори, ЛЦД телевизори, паметни табли и сл., кои ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за успешно изведување на воспитно-образовниот процес и примената на современи методи на настава. Наставни средства и помагала ги задоволуваат потребите по пооделни наставни предмети.<br>Училниците се опремени со соодветни наставни средства и помагала за потребите на учениците при совладување на наставните содржини и тие помагала редовно се ажурираат.<br>Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика. Книжниот фонд во изминатите три години постојано се обновува и со рационална употреба ги задоволува потребите на учениците. Во училишната библиотека има и книги на странски јазици (англиски и француски). За работењето на училишната библиотека има одговорен наставник. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденција се води навремено и прописно. Библиотеката е опремена со компјутер со интернет конекција и изработена е програма-база на податоци за електронско водење на библиотечната евиденција. Просечниот книжен фонд изнесува 10 книги по ученик.<br>Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени согласно планот на училиштето. |
| | **Раководење со кадарот** | Во врска со фокус група со наставници за прашањето: **„Колку училиштето го цени ангажманот на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Дали мислите дека во училиштето, процедурите за кариерно напредување се применуваат првично/фер"? Објаснете,** дојдовме до сознание дека училиштето секогаш го поддржува наставникот но досега не е наградуван зао дополнително ангажирање во сите области. Процедурите за кариерно напредување се применуваат правично и фер.<br><br>Во врска со интервју со директор и стручна служба за прашањата: „**Со кои предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и стручни соработници? ,,Како е** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **организиран процесот на професионален развој на кадарот? Како се спроведува кариерното спроведување,, и ,,Дали училиштето има воспоставено механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците“? Ако да, кои се механизмите?,,** дојдовме до сознание дека обезбедувањето на наставен кадар и стручни соработници училиштето навремено го обезбедува, професионалниот развој на кадарот се спроведува преку посета на обуки, семинари, организирани од страна на БРО, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето. Училиштето има Програма за професионален и карирен развој на наставниците и стручни соработници. Училиштето има Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници кој е донесен во учебната 2023/24 година и започнува неговата примена.<br><br>Во училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Обезбедувањето на наставен кадар и стручни соработници училиштето навремено гообезбедува. |
| | **Следење и управување на наставниот процес** | Во училиштето анкетирани се 51 наставници, на тврдењето: *„Директорот и училиштето следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие“* од кои 70,6 %се изјасниле дека целосно се согласуваат дека директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие, 25,5 % се согласуваат со ова тврдење и 3,9 % од наставниците не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Во училиштето анкетирани се 51 наставници, на тврдењето:,, *За моите наставни часови добивам конструктивна повратна информација,,* од кои 70,6 % од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека за следените наставни часови добиваат конструктивна повратна информација, 27,5% се согласуваат со ова тврдење и 2% од наставниците не се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Во врска со фокус групата со наставници на прашањето:„ **Како се одвива процесот на следење на квалитетот на релазиција на наставата? ,,**<br><br>**а. Кој следи? б.Честота на следење в.Процес на давање повратна информација. д. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки“,** дојдовме до сознание дека процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата се одвива четирипати годишно и тоа двапати во првото полугодие и двапати во второто полугодие, преку посета на часовите од страна на директорот и стручната служба. По следењето наставниците добиваат повратна информација за посетениот час. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во врска со интервју со директор и стручна служба за прашањето:„ **Како се одвива процесот на на следење на квалитетот на релазиција на наставата? ,,**<br><br>**а. Кој следи? б.Честота на следење в.Процес на давање повратна информација. д. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки “** дојдовме до сознание дека:<br><br>а) Квалитетот на реализацијата на наставата го следат директорот и стручната служба;<br><br>б) Секој наставник најмалку двапати во текот на полугодие е следен од страна на директорот и стручната служба.<br><br>ц) По следењето на наставата наставниците добиваат повратна информација за успешноста на реализацијата на часот и доколку има забелешки и констатирани слабости на тоа се укажува за во иднина да се корегираат;<br><br>д) Реализацијата на наставната содржина по наставни предмети е усогласена со планирањата на наставниците во годишните и тематско- процесното планирање.<br><br>Училиштето има Програма за стручна посета, следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар.<br><br>Врз основа на анкетните прашалници и дискусиите спроведени со наставниците, стручни соработници и директорот заклучивме дека наставниците имаат посета од директорот и стручните соработници најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие и добиваат повратна информација од стручната служба и директорот за истите. Стручните соработници во училиштето заедно со директорот секогаш се подготвени да помагаат, да ги подржуваат наставниците во своите идеи и поради тоа постои взаемна соработка помеѓу сите чинители во воспитно образовниот процес. По посетата на наставните часови стручните соработници секогаш даваат насоки за подобрување на квалитетот на наставата а директорот на училиштето се труди да обезбеди што подобри услови за работа на наставниот кадар за уште поголеми резултати и подобрување на успехот на нашите ученици. |

**Документи**
Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.
**Извори на податоци**
Деловник за работа на Училишниот одбор, Статут на училиштето, Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор

| |
|---|
| (годишни, полугодишни, посебни), Развојна програма на училиштето 2022-2026, Програма за работа на директорот, Програма за професионален развој на директорот, Програма за работа на УО, Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници, Е-дневник, Програма за професионален и карирен развој на наставниците и стручни соработници, Годишна програма за работа на училиштето, Интервјуа и анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервју со Училиштен одбор, Програма за стручна посета, следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар, План и програма за работа на Наставнички совет, одишна програма заработа на психолог, Годишна програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор. |

| Индикатори 4.2 | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Цели и креирање на училишната политика** | **Процедури за креирање на училишната политика** | Во училиштето анкетирани се 51 наставник. На тврдењето: *„Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки,,* - сите наставници односно 100 % се изјасниле дека целосно се согласуваат дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуки.<br>Во училиштето анкетирани се 131 родител, од кои на тврдењето: *„Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето,,* одговориле вака: 36,6% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат со ова тврдење,  42% се согласуваат со ова тврдење, а 6,4 % не се согласуваат со оваа изјава или немаат информација за ваквото тврдење.<br>Исто така родителите на тврдењето *,,Информиран сум од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период,,* одговориле на следниот начин 42,7% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 27,5% се согласуваат со ова тврдење, 15,3 не се согласуваат со оваа изјава, а 15,5 % целосно не се согласуваат или немаат информација за ова тврдење.<br>Понатаму,  родителите на тврдењето *,,Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки,,* одговориле на следниот начин – 45%  се изјасниле дека целосно се согласуваат, 35,9 % се согласуваат со ова тврдење, 9,2 %, целосно не се согласуваат и 9% не се согласуваат или немаат информација за оваа изјава.<br>Во врска со фокус група со наставници за прашањето: **,,Колку, како наставници, сте вклучени во планирање на развојните цели и  понатамошните активности во училиштето? Доколку не сте биле вклучени во комисијата за изготвување развојна програма, на кој начин сте добиле информации за стратешките цели на училиштето и активностите за нивно постигнување“,** дојдовме до сознание дека наставниците со свои мислења се вклучуваат во планирање на развојните цели и активности. Информации за стратешките цели се добиваат на наставнички совет.<br>Во врска со фокус група со родители за прашањето: **,,Колку училиштето ве вклучива/ве поттикнува да се вклучите во активностите кои ги спроведува?Во какви активности сте биле вклучени и кои биле ефектите. Наведете примери“,** дојдовме до сознание дека родителите најчесто биле вклучени при новогодишните базари, изготвување креативна маска по повод Денот на шегата, хуманитарни акции, предавања на одредена тема, работилници дека најчесто им било интересно.<br>Во врска со фокус група со родители на прашањето: ***„Колку добивате информации од страна на училиштето на :***<br>***а. Советот на родители (вид на информации кои се споделуваат, задоволство од*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***транспарентноста)***<br>**b.** ***Училишниот одбор училиштето(вид на информации кои се споделуваат, задоволство од транспарентноста)",*** дојдовме до сознание дека Родителитечесто добиваат информации за работата на училиштето , дека тие се информирани за работата на советот на родители и секогаш транспарентни. Исто така, и членовите на УО најчесто споделуваат информации за работата на училиштето, тековните проблеми и секогаш се транспарентни.<br>Одредувањето на политика за спроведување на понатамошните стратегии за планираните активности училиштето ги добива од непосредните контакти меѓу вработените, родителите и учениците, од секојдневното следење на достигнувањата во сите области со цел доследно имплементирање на целокупната наставна практика, од спроведените анкети и интервјуа, а потоа заеднички се дефинираат приоритетите за понатамошното работење.<br>Вработените во училиштето активно учествуваат во развојот и анализата на политиката на училиштето и неговите насоки.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. По спроведената анкета и интервјуто со директорот на училиштето, наставниците и родителите се констатира дека целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Наставниците сметаат дека вработените во училиштето активно учествуваат во развојот и анализата на политиката на училиштето и неговите насоки.<br>Родителите и наставниците сметаат дека училиштето ги прифаќа ставовите на родителите и учениците во врска со развојот на училиштето.<br>Зголемување на ефикасноста и ефективноста на целокупната наставна практика е цел кон која се фокусираат сите активни субјекти кои учествуваат во креирањето на училишната политика.<br>Критериумите на успешност на училиштето се специфични, мерливи и остварливи. |
| | **Резултати од развојно планирање** | Во врска со оваа тема од индикаторот Цели и креирање на училишната политика се користеа податоци од повеќе извори на информации.<br>Училиштето има Развојна програма за периодот 2022-2026 во која се јасно дефинирани приоритетите на работењето, стратешките од каде произлегуваат развојните цели и се реализираат конкретните цели според предвидена динамика и е следбеник на претходната Самоевалуација 2020-2022.<br>Во училиштето се анкетирани 51 наставници, на тврдењето: **„** *Информиран сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање*", од кои 76,5% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање. Од нив 21,6% се согласуваат со ова тврдење и 2% целосно не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со ова тврдење.<br>Во врска со фокус групата со наставници за прашањето:„**Колку, како наставници, се вклучени во планирање на развојни цели и понатамошните активности на училиштето? Доколку на сте биле вклучени во комисијата за изготвување развојна програма, на кој начин сте добиле информации за стратешките цели на училиштето и активностите за нивно постигнување“?** заклучивме дека се формира Комисија за изготвување Развојна програма на секои 4 години со членови од редот на наставниците, а информации за стратешките цели на училиштето и активностите за нивно постигнување се добиваат на Наставнички совет, кога наставниците излагаат свои мислења и предлози, сугестии и идеи и на тој начин се вклучуваат во планирање на развојните цели и активности.<br>При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците, стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници.<br><br>Во врска со интервјуто со директорот и стручна служба за прашање кое се однесува на оваа тема **„На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма“** дојдовме до сознание дека информациите се споделуваат согласно законските одредби.<br><br>При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците,стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници.Соработката на сите овие чинители задоволува. Составен дел на Развојна програма на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Подрачја на промени и приоритети се: Учење и настава, Поддршка на учениците, Клима во училиштето, Ресурси. Стратешки цели се: Унапредување на соработката и градење партнерски односи помеѓу учениците, наставниците, родителите и други надворешни соработници и членови на локалната заедница базирани на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит, Намалување на секаков вид на насилство, Промовирање на училиштето како модерно, квалитетно и безбедно училиште со препознатлив идентитет, Осовременување на условите за работа во училиштето.<br>Постигнатите резултати од развојното планирање во изминативе две години беа наведени и при анализа на претходните теми од поедини идентификатори. Како конкретни резултати кои произлегле од спроведените активности следејќи ја динамиката на реализација во конкретниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | период 2022-2024 се: зголемување на вклученоста на родителите во активностите на училиштето за надминување на потешкотиите и проблемите на кои наидуваат учениците и наставниците преку креирање база на податоци со родители кои изразиле интерес да учествуваат во воспитно образовниот процес, спроведени предавања “Родителот е наставник”, составен е Тим за туторство, донесена е Годишна програма за поддршка на врсници-туторство, избрани ученици-тутори, спроведување на активноста туторство, Зголемување на соработката и партнерските односи помеѓу училиштето и релевантни надворешни соработници и членови на локалната заедница преку потпишување на меморандуми за соработка како што е Меморандумот за соработка со НВО “Мајка Тереза” за заедничка изградба на сензорно игралиште, со НВО “Од станица до граница” и реализирање на проектите “Врснички форум театар против насилство во училиштата” и “Јас=Медиум”, Доследно се спроведува Кодексот за однесување и облекување за учениците и вработените, реализирани се активности за Развивање свест за опасностите што ги нуди сајбер просторот и намалување на злоупотребите од истиот, работилници, дискусии, активности за Транспарентно претставување на активностите и постигнувањата на училиштето, ажурирање на веб страната, утврдени се симболите на училиштето-грб, медиумско презентирање и промоција-флаер и видео за училиштето, Изграден е систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби. |
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Раководниот кадар постојано ги консултира сите вработени кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.<br>Вработените имаат увид во постапките кои се превземаат за финансиското работење и редовно се информирани за училишниот буџет и трошоците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Распределбата на финансиските средства се врши во согласност со реалните потреби и утврдени приоритетите на училиштето и вработените,а учениците и родителите во потполност ги разбираат целите на училиштето, нивната корист и темелните вредности.<br>Во училиштето анкетирани се 51 наставници, од нив на тврдењето „ *Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето“,* 60% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека се запознаени како се троши буџетот на училиштето, 32% се согласуваат со ова тврдење, 4% целосно не се согласуваат, 2 % не се согласуваат дека знаат како се троши буџетот на училиштето, а 2% од наставниците немаат информација за ова тврдење. Од анкетираните 131 родители на истото тврдење:*„Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето“* 13,7% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека се запознаени како се троши буџетот на училиштето. Од нив 20,6% се согласуваат со ова тврдење, 6,9% не се согласуваат, 18,3% целосно не се согласуваат и 40,5% не знаат/немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од интервјуто со директор и стручната служба на прашањето ***„****На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за користењето на буџетот на училиштето****“,*** се доби информација дека сите информации се споделуваат транспарентно и согласно законските одредби. Буџетот со кој располага училиштето плански се организира согласно Програмата на училиштето и реалните потреби на училиштето.<br><br>Училиштето на секои три месеци (квартално) доставува извештаи до општината за трошењето на буџетските средства. На почетокот на секоја година училиштето доставува Финасиски план за училишниот буџет, за распределување на финансиските средства. Финансискиот план го одобрува Училишниот одбор и Советот на општината.Буџетот во училиштето се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>Визија на нашето училиште е тоа да биде пријатна средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, бидејќи ќе им нудиме современа настава приспособени на нивните потреби и интереси. Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. За да ги оствариме овие цели треба да се поработи повеќе на информирање и вклучување на родителите и учениците. Училиштето доволно располага со материјали за работа, опремено е со голем број на нагледни средства и помагала. |

**Документи**

Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

**Извори на податоци**

Развојна програма на училиштето 2022-2026, Годишна програма за работа на училиштето, Извештај од самоевалвација, план за следење и евалуација на реализација на акциските планови во училиштето, анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците, записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет, интерни акти, програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор, деловник за работа на училишниотодбор, план за професионален развој, буџет и финансиски план на училиштето.

**ПОДРАЧЈЕ 4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

**Опис/резиме на подрачјето**

Органот на управување-УО, органот на раководење-директорот, Наставничкиот совет, Советот на предметни наставници, Советот на одделенски наставници успешно функционираат во однос на организирање, управување и раководење на работата во училиштето. Во училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници и истиот се обезбедува благовремено. Училиштето од минатата учебна година има Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници. Училиштето се грижи за професионалниот развој на кадарот преку посета на обуки, семинари, организирани од страна на БРО, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето. Наставниците имаат посета од директорот и стручните соработници најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие и наставниците добиваат повратна информација од стручната служба и директорот за истите. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени согласно планот на училиштето. Целите во училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Наставниците активно учествуваат во развојот и анализата на политиката на училиштето и неговите насоки. Училиштето ги прифаќа ставовите на наставниците, родителите и учениците во врска со развојот на училиштето. Критериумите на успешност на училиштето се специфични, мерливи и остварливи. При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците, стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници. Училиштето ги спроведува активностите според утврдената динамика во развојното планирање, а резултатите се видливи. Распределбата на финансиските средства се врши во согласност со реалните потреби и утврдени приоритетите на училиштето и вработените,а учениците и родителите во потполност ги разбираат целите на училиштето, нивната корист и темелните вредности. Сите субјекти вклучени во училиштето се запознаени со начинот на користењето на буџетот во училиштето.

**Силни страни**

- Училиштето има Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници
- Сите субјекти во училиштето успешно функционираат во однос на организирање, управување и раководење на работата во училиштето
- Целите во училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици
- Во изминативе две години за кој период се спроведува самоевалуацијата, училиштето ги реализира развојните цели според планираната динамика во Рзвојната програма 2022-2026 година
- Училиштето се грижи за професионалниот развој на кадарот

**Слаби страни**

- Недоволна Информираност на родителите од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период
- Во библиотеката нема доволно просторни услови за читање и учење

**Приоритети**

- Претставниците од Советот на родители да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите од паралелката за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат

# И З В Е Ш Т А Ј
# од самоевалуација на ООУ “Владо Кантарџиев” Гевгелија период 2022-2024 година

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/91 и 229/2020 г.) Општинското основно училиште “Владо Кантарџиев” изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на ______________ година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијатаво следниот состав:

1. Борка Јанчева, наставник по информатика
2. Вили Караколева, наставник по македонски јазик
3. Ивана Попова, дефектолог
4. Ивана Ристова, педагог
5. Љубица Динева, член во Совет на родиели

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април-август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| ПОДРАЧЈЕ | ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ |
|---|---|
| **Планирање, настава и учење** | Борка Јанчева<br>Маре Брзанова<br>Зорица Митреска<br>Тодорка Челевска Милиќевиќ<br>Марија Ничевска |
| **Постигања на учениците** | Анита Ристова<br>Елизабета Инадеска Ефремова<br>Елеонора Ичева<br>Венци Јанчев<br>Крунослав Прошев |
| **Училишна клима и односи во училиштето** | Вили Караколева<br>Татјана Попова Какрова<br>Љубица Динева<br>Евгенија Франгова<br>Весна Миова |
| **Управување и раководење** | Ивана Попова<br>Катерина Решкова<br>Ева Каркалашев<br>Лидија Лазова<br>Верица Катарџиева |

Процесот на самоевалуација се одвиваше низ четири фази: (1) подготовка, (2) собирање податоци, (3) анализа на податоците и (4) пишување извештај. Беа користени повеќе методи и инструменти на собирање податоци анкетирање преку анкетни прашалници за наставници, ученици и родители, интервјуирање и дискусија на фокус групи од сите чинители на воспитно-образовниот процес преку водичи за дискуисја и интревју, набљудување и следење, анализа на постоечка документација. Анкетите беа анонимни и спроведени по електронски пат. Анкетирани беа сите наставници, 154 ученици од вториот и третиот образовен период избрани по случаен избор по реден број на дневник, и 131 родител повторно избрани по случаен избор но без повторување на редниот број на дневникот на ученикот кој претходно бил избран за анкетирање. Во текот на работата, тимовите остварија средби и разговори со вработени во училиштето, ученици и родители, како и интервју со директор и стручна служба. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Сите добиени податоци беа анализирани, секое тврдење или опис на постигнатост на индикаторот е поткрепено со релевантни докази. Податоците беа вкрстувани, проверувани двострано или тространо. Таквата триангулација која и графички е прикажана беше спроведена со цел да се овозможи поголема сигурност во точноста и веродостојноста на податоците и добивањето сеопфатна слика за состојбите во училиштето, да се добие посеопфатно разбирање за перформансите на училиштето и попрецизно да се идентификуваат областите за подобрување.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите подрачја на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување, од кои ќе произлезат целите при иготвување на Развојната програма на училиштето. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Претходно извршената самоевалуација за периодот 2020-2022 му претходеше на развојното планирање односно Развојната програма 2022-2026 и извештајот од таа самоевалуација послужи како извор на информации за состојбата на училиштето и неговите приоритетни потреби. Самоевалуацијата на училиштето вклучува рефлексивно истражување кое даде насока на акциското планирање за подобрување, засновано на доказите собрани од различни извори во училиштето. Овие докази послужија во тогашниот период да се идентификуваат стратешките и развојните цели и активностите за подобрување во рамките на Развојната програма на училиштето 2022-2026 година. На тој начин беше овозможено креирање и имплементирање акциски планови за подобрување и напредок на училиштето, како и следење на нивната реализација, преку повторна самоевалуација на училиштето за периодот 2022-2024 година.

Самоевалуацијата 2022-2024 година служи и како контролен механизам преку кој се следи реализацијата на поставените цели во Развојната програма на училиштето 2022-2026, со оглед на тоа што самоевалуацијата се спроведува на секои две години и се совпаѓа со средината од периодот на реализација на Развојната програма 2022-2026 година и според собраните докази во изминативе две

години за кој период се спроведува самоевалуацијата, училиштето ги реализира развојните цели според планираната динамика во Развојната програма 2022-2026 година.

Извештајот од спроведената самоевалуација претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, во кој се опфатени сите четири подрачја.

## ПОДРАЧЈЕ1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

**Индикатори за квалитет :**
**1.1 Планирања на наставниците**
**1.2 Наставен процес**
**1.3 Искуства на учениците од учењето**
**1.4 Оценувањето како дел од наставата**
**1.5 Воннаставни активности и натпревари**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба и сценарија за час кои ги доставуваат една до две седмици пред реализација на часовите. Следење на наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа. Наставниците ја добиваат потребната поддршка во изготвувањето на планирањата. Наставниците добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Се планираат активности, се разменуваат искуства и идеи за планирањето преку соработка во стручните активи, корелација со различни наставни предмети и други училишта. Наставата во училиштето се одвива редовно и во пропишаниот обем. Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од наставниците користат различни извори и приоди за учење, покрај одобрените учебници и прирачна литература. При реализација на наставата, наставниците ги користат расположивите ресурси за учење во училиштето и сметаат дека користењето на современи иновативни приоди во наставата е на ниво што задоволува. Наставниците максимално се трудат да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часовите. Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи и техники, а исто така акцент се става и на интеракција со учениците и комуникацијата на релација ученик-наставник и ученик-ученик. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори), се со цел да им го задржат интересот. Поголем дел од наставниците при изборот на задачи и активности внимаваат на овозможување на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Најголем дел од наставнците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси. Наставните програми по сите предмет се приспособуваат според можностите на децата со ПОП. |

| |
|---|
| Училиштето планира и реализира активности за МИО за унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите. Учениците се поттикнати да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе, и се чуствуваат слободни да прашаат и побараат објаснување. Училиштетот е безбедна средина за учениците. Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Наставниците ги поттикнуваат развојот на вештини на учење и самостојност во учењето. Во училиштето се води грижа за идентификување и задоволување на различните образовни потреби. Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. Според поголем дел од родителите и учениците, наставниците повторно обработуваат делови од наставниот материјал кои учениците не го совладале успешно. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување и резултатите од оценувањето ги користи за подобрување на постигањата на учениците. Наставниците користат различни форми, методи и инструменти за формативно и сумативно оценување со кои го следат напредокот на секој ученик. Резултатите и информациите од оценувањето во наставата се користат за вклучување на учениците во додатна, дополнителна настава и СУА. Во училиштето се планираат и реализираат разновидни вонналставни активности и притоа се опфатени пред се ученици за кои наставникот смета дека покажуваат посебен афинитет и интерес. Планирањето на воннаставните активности го прави пред се наставникот, а учениците ги вклучува во нивна реалиација. |
| **Силни страни**<br>• Постои добра интеракција меѓу наставниците, соработка и размена на искуства за планирањата на часовите во рамки на стручните активи и во корелација меѓу различни предмети<br>• Постои добра интеракција помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно<br>• Наставниците се однесуваат со почит кон учениците и ги разбираат нивните проблеми и потреби<br>• Училиштето реализира низа активности со партнер училиштето со цел спроведување на меѓуетничка интеграција во образованието<br>• Учениците се мотивирани, пофалени за вложениот труд и постигнатите резултати, се чуствуваат слободни да постават прашања за она што ги интерисира<br>• Наставниците ги прлагодуваат активностите за задоволување на индивидуалните потреби на учениците<br>• Дел од наставниците пронаоѓаат активности во чие планирање може да ги вклучи и учениците |
| **Слаби страни**<br>• Сите ученици не се активно вклучени во наставата<br>• Потреба од појасно насочување на учениците во однос на повратната информација за своите постигања и како да ги подобрат<br>• Учениците се необјективни во однос на тоа колку знаат и оцената која ја добиле како резултат на  недоволното запознавање со критериумите за оценување и што конкретно треба да се знае за некоја оцена по некои предмети<br>• Недостиг на активности, форми и методи за поинтересна настава за сите ученици |
| **Приоритети**<br>• Користење на современи иновативни методи и активности за будење интерес за наставата кај учениците |

- Изнаоѓање форми, методи и активности за вклучување на сите ученици во наставата
- Вклучување на учениците во избор на воннаставни активности по сопствен избор
- Пронаоѓање форми и начини за подобро запознавање на учениците со она што конкретно треба да знаат за одредена оценка, како и давање поконкретна повратна информација за постигнатиот резултат

## ПОДРАЧЈЕ 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Индикатори за квалитет :**

**2.1 Постигање на учениците**

**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди во текот на целата учебната година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност по квалификациони периоди. Се анализираат причините за разликите во успехот при премин од еден во друг циклус и презема активности за нивно надминување. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно предметните наставници, раководителот на паралелката, стручната служба и родителите. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава, како и индивидуализирана настава кај учениците со ПОП. Во училиштето се организира додатна и дополнителна настава усогласена со посебен распоред за тоа, а учениците имаат можност но некои и самите покажуваат интерес да посетуваат додатна и дополнителна настава. Поддршката во учењето подразбира различни форми на работа: воннаставни активности, индивидализирана настава, туторство, следење на наставниот процес кај учениците со ПОП со присуство на образовен асистент и др. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој наставник одделно, како и преку прегледи на наградени ученици. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците. Раководителите на паралелките и одделенските раководители, на одделенските часови разговараат со учениците за постигнањата во учењето и со родителите на организираните родителски средби и индивидуалните родителски средби.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето и одделенските раководители соработуваат со родителите и локалната самоуправа за да се зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за

| |
|---|
| континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Мерките кои ги презема училиштето се: редовно држење на дополнителна настава во училиштето, консултантски средби со учениците по одредени предмети, по кои имаат најслаб успех, мотивирање на учениците за подобро учење (присутни повеќе пофалби и позитивни коментари на учениците). |
| **Силни страни**<br>• Училиштето бележи континуитет во просечниот успех на учениците од година во година со незабележителни отстапувања<br>• Училиштето редовно располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност по квалификациони периоди.<br>• Подобрување на постигањата на учениците е преку примена на современи форми и методи во наставата, редовно организирање и реализирање на додатна и дополнителна и туторство<br>• Поддршката што ја добиваат учениците во нашето училиште од страна на наставниците, педагошко - психолошката служба и раководството е на високо ниво<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува<br>• Постојат резултати во однос на подобрување на редовноста, однесувањето и постигнувањата на учениците од советодавната работа на училиштето вклучувајчи ги напорите на сите субјекти во училиштето |
| **Слаби страни**<br>• Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.<br>• Не се анализира успехот по сите наставни предмети по одделни наставни теми<br>• Недоволна заинтересираност за самостојно вклучување учество во додатна настава и воннаставни активности |
| **Приоритети**<br>• Поголема информираност на родителите на родителските и индивидуалните средби и разговори за активно вклучување на учениците кога се повикуваат на дополнителна и додатна настава и во воннаставни активности со цел подобрување на нивните резултати, стекнување поголеми знаења и развивање на додатни вештини<br>• Наоѓање механизам (начин) за креирање модел со индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.<br>• Наставниците по одделни предмети  да водат анализа на успехот по теми<br>• Училиштето да си постави механизам за поредовно присуство на родителите на учениците кои не се редовни во наставата на Родителски средби и Индивидуални родителски средби.<br>• Да се најде начин за согледување на причината кај поединци кои имаат континуирано добар успех а повремено се случило да постигнат послаби резултати |

## ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

***Индикатори за квалитет:***

**3.1 Училишна клима и односи во училиштето**

**3.2 Еднаквост и правичност**

**3.3 Партнерски однос со заедницата**

## 3.4 Севкупна грижа за учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо во локалната средина како модерно, квалитетно и безбедно училиште со препознатлив идентитет. Училиштето ги афирмира активностите и постигнувањата на училиштето и учениците што е една од главните развојни цели кои со утврдена динамика на активности се реализираат во изминативе две години. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување и облекување кој содржи принципи, правила и обврски на сите структури во училиштето и истиот редовно се ажурира. Родителите и учениците се запознаени со Кодексот на повеќе начини и училиштето постојано се залага за негово почитување како и за соодветно постапување доколку истиот не се почитува. Таквото постапување е регулирано со интерниот Правилник за за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки на учениците. Во училиштето има добра работна атмосфера, што произлегува од добриот однос меѓу вработените, вработените и учениците, раководниот орган и учениците. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење, наставниците ги поттикнуваат и мотивираат учениците за да се вклучуваат и во воннаставните активности и сл. Во училиштето постои позитивна клима. Меѓутоа, има многу мал број ученици што не се чувствуваат прифатени од наставнците и од учениците во училиштето како и одреден процент ученици кои не се позитивни кон ставот дека сакаат да одат на училиште. Изминативе две години училиштето реализира конкретна цел Зголемување на емпатичноста, солидарноста, толеранцијата и меѓусебната почит помеѓу учениците, наставниците и родителите и преку реализирање на конкретни предвидени активности како составување е Тим за туторство од ученици-тутори, се идентификуваат ученици на кои им е потребна поддршка и се спроведуваат туторски активности. Училиштето има донесено и усвоено Годишна програма за поддршка на врсници-туторство, според која е јасно дефиниран начинот на давање несебична помош на врсници за предмети во кои се соочуваат со потешкотии од страна на ученици-тутори под менторство на одделенски или соодветен предметен наставник. За спроведените туторски активности се прави извшетај, а учениците-тутори се наградуваат со пофалници. Дисциплината на учениците задоволува во училиштето. Наставниците знаат и умеат како да го решат проблемот со дисциплината во паралелката. Учениците и родителите се навремено информирани за сите работи што се од нивен интерес, учениците се вклучени во процесот на решавање проблеми и давање свое мислење, предлози и идеи, родителите се чувствуваат слободни да поставуваат прашања и да ги посочуваат проблемите со кои се соочува нивното дете и вклучени се во различни активности на училиштето. Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат, но има мал број ученици кои не знаат каде да се обратат во случај на нарушување на нивните права. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Различните маргинализирани/ранливи групи се исто така вклучени во училишните активности. Училиштето гради партнерски однос со заедницата и тоа, со локалната заедница, институциите од областа на културата, образованието, невладините организации, спортски друштва, здравствени институции и медиуми.. Има јасна конкретна цел со активности со точно утврдена динамика кои ги реализира во изминативе две години преку зголемување на вклученоста на родителите во активностите на училиштето за надминување на потешкотиите и проблемите на кои наидуваат учениците и наставниците. Училиштето е отворено за соработка со родителите, почитувајќи ги нивните соодветни и аргументирани идеи за подобрување на воспитно-образовниот

| |
|---|
| процес. Училиштето презема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата. Училиштето остварува постојана соработка со локалната заедница во рамките на законската регулатива. Има јасна конкретна цел со активности со точно утврдена динамика кои ги реализира во изминативе две години преку зголемување на соработката и партнерските односи помеѓу училиштето и релевантни надворешни соработници и членови на локалната заедница и преку реализирање на конкретни предвидени активности како составување Тим пријатели на училиштето, потпишување меморандум за соработка, иницирани и реализирани активности според Извештајот за работа на училиштето.<br>Соработката со локалната средина училиштето ја планира и оставрува со цел да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето што се од интерес за воспитно образовната работа. Училиштето работи на решавање конфликти и спречување насилство и добро се справува при појава на насилство. Училиштето има Протокол за превенција на насилство и дискриминација и поголем дел од родителите и учениците се запознаени со истиот и постапувањето по него. Поголем дел од учениците умеат да препознаат различни видови на врсничко насилство и знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето промовира здрава храна. Хигиената во училиштето задоволува. Училиштето се грижи за безбедноста и здравјето на учениците и вработените. Училиштето се грижи за учениците од социјално загрозените семејства, училиштето преку ученичката заедница, организира хуманитарни акции за собирање средства и помагање на социјално загрозените семејства како и во случај на елементарни непогоди. Училиштето води грижа за учениците со здравствени проблеми. Училиштето се грижи за социоемоционалната добросостојба на учениците. Училиштето превзема низа активности со кои пружи помош при изборот за продолжување на образованието. |
| **Силни страни**<br>• Училиштето ужива углед во градот и општината.<br>• Училиштето користи различни начини на промовирање на активностите и постигнувањата на учениците.<br>• Училиштето постајано се залага за почитување на Кодексот на однесување<br>• Наставниците знаат и умеат како да го решат проблемот со дисциплината во паралелката.<br>• Училиштето организира и спроведува активности со кои учениците и родителите се вклучени во донесувањето одлуки за прашања кои се од нивен интерес и решавање проблеми<br>• Училиштето реализира голем број активности за да ги вклучи родителите во наставата и сите расположливи ресурси на локалната средина во функција на училиштето се од интерес за воспитно образовната работа, пред се држејќи се и до главната стратешка цел на Развојната програма 2022-26 за Унапредување на соработката и градење партнерски односи помеѓу учениците, наставниците, родителите и други надворешни соработници и членови на локалната заедница базирани на емпатичност, солидарност, толеранција и меѓусебна почит<br>• Училиштето има Годишна програма за поддршка на врсници-туторство со што реализира активности за зголемување на емпатичноста, солидарноста, толеранцијата и меѓусебната почит помеѓу учениците |
| **Слаби страни**<br>• Добар дел од учениците (22,1%) се чуствуваат неприфатени од своите соученици, кое мислење го потврдуваат и дел од родителите<br>• Добар дел од учениците (22,2%) не искажуваат позитивен став кон одењето во училиште<br>• Одреден дел од учениците сметаат дека училишните правила не се применуваат подеднакво за сите ученици<br>• Недоволно учество на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на |

| |
|---|
| пушењето, алкохолот и наркотичните средства |
| **Приоритети**<br>• Да се пронајдат и применат активности, методи и начини за прифаќање на учениците од своите соученици<br>• Да се пронајдат причините заради кои учениците не искажуваат желба за одење на училиште и да се надминат<br>• Информирање на учениците преку некаков вид кампања за тоа како да се охрабрат и каде да се обратат во случај на прекршување на нивните права<br>• Постојано информирање на учениците за да можат да препознаваат различни видови на насилство и охрабрување истото да го пријавуваат и кога се набљудувачи и кога се жртви на насилство<br>• Поголемо вклучување на учениците во активности, предавања, работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства |

## ПОДРАЧЈЕ 4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

***Индикатори за квалитет :***

**4.1 Управување и раководење со училиштето**

**4.2 Цели и креирање на училишната политика**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Органот на управување-УО, органот на раководење-директорот, Наставничкиот совет, Советот на предметни наставници, Советот на одделенски наставници успешно функционираат во однос на организирање, управување и раководење на работата во училиштето. Во училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници и истиот се обезбедува благовремено. Училиштето од минатата учебна година има Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници. Училиштето се грижи за професионалниот развој на кадарот преку посета на обуки, семинари, организирани од страна на БРО, како и интерни обуки организирани од страна на училиштето. Наставниците имаат посета од директорот и стручните соработници најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие и наставниците добиваат повратна информација од стручната служба и директорот за истите. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени согласно планот на училиштето. Целите во училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Наставниците активно учествуваат во развојот и анализата на политиката на училиштето и неговите насоки. Училиштето ги прифаќа ставовите на наставниците, родителите и учениците во врска со развојот на училиштето. Критериумите на успешност на училиштето се специфични, мерливи и остварливи. При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците, стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници. Училиштето ги спроведува активностите според утврдената динамика во развојното планирање, а резултатите се видливи. Распределбата на финансиските средства се врши во согласност со реалните потреби и утврдени приоритетите на училиштето и вработените,а учениците и родителите во потполност ги разбираат целите на училиштето, нивната корист и |

| |
|---|
| темелните вредности. Сите субјекти вклучени во училиштето се запознаени со начинот на користењето на буџетот во училиштето. |
| **Силни страни**<br>• Училиштето има Правилник за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници<br>• Сите субјекти во училиштето успешно функционираат во однос на организирање, управување и раководење на работата во училиштето<br>• Целите во училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици<br>• Во изминативе две години за кој период се спроведува самоевалуацијата, училиштето ги реализира развојните цели според планираната динамика во Развојната програма 2022-2026 година<br>• Училиштето се грижи за професионалниот развој на кадарот |
| **Слаби страни**<br>• Недоволна Информираност на родителите од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период<br>• Во библиотеката нема доволно просторни услови за читање и учење |
| **Приоритети**<br>• Претставниците од Советот на родители да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите од паралелката за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

1. Поголемо користење на современи иновативни методи, задачи, активности и ресурси со цел будење интерес кон наставата
2. Во реализацијата на часот да се вклучуваат сите ученици и подобрите и послабите
3. Да се пронајдат форми и начини на подобро запознавање на учениците и родителите со она што конкретно треба да знаат за одредена оценка, како и давање поконкретна повратна информација за постигнатиот резултат со цел зголемување на објективноста кај учениците во однос на тоа колку знаат и оцената која ја добиле
4. Поголема информираност на родителите на родителските и индивидуалните средби и разговори за активно вклучување на учениците кога се повикуваат од наставникот но и доброволно на дополнителна и додатна настава и во вонннаставни активности со цел подобрување на нивните резултати, стекнување поголеми знаења и развивање на додатни вештини
5. Наоѓање механизам (начин) за креирање модел со индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.
6. Да се пронајдат и применат активности, методи и начини за прифаќање на учениците од своите соученици
7. Да се пронајдат причините заради кои учениците не искажуваат желба за одење на училиште и да се надминат
8. Информирање на учениците преку некаков вид кампања за тоа како да се охрабрат и каде да се обратат во случај на прекршување на нивните права
9. Постојано информирање на учениците за да можат да препознаваат различни видови на насилство и охрабрување истото да го пријавуваат и кога се набљудувачи и кога се жртви на насилство
10. Поголемо вклучување на учениците во активности, предавања, работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства
11. Претставниците од Советот на родители да бидат потранспарентни во однос на информирање на родителите од паралелката за резултатите, одлуките и активностите кои треба да се спроведат.

# КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**1. Борка Јанчева, наставник по информатика**

**2. Вили Караколева, наставник по македонски јазик**

**3. Ивана Попова, дефектолог**

**4. Ивана Ристова, педагог**

**5. Љубица Динева, член на Совет на родители**